# Службен гласник



| Број 4 | Петок , 22 ДЕКЕМВРИ 2017год. |
|---|---|



## на Општина Кавадарци

| С О Д Р Ж И Н А | |
|---|---|
| Решение за објавување на Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2018 година; | |
| Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2018 година; | |
| Решение за објавување на Програма за јавни и комунални дејности за 2018 година; | |
| Програма за јавни и комунални дејности за 2018 година; | |
| Решение за објавување на Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта во Општина Кавадарци за 2018 година; | |
| Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта во Општина Кавадарци за 2018 година; | |
| Решение за објавување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2018 година; | |
| Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2018 година; | |
| Решение за објавување на Програма за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2018 година; | |
| Програма за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2018 година; | |

| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Програма за јавна чистота за 2018 година; | |
| Програма за јавна чистота за 2018 година; | |
| Решение за објавување на Програма за јавно зеленило за 2018 година; | |
| Програма за јавно зеленило за 2018 година; | |
| Решение за објавување на Програма за развој на Општина Кавадарци за 2018 година; | |
| Програма за развој на Општина Кавадарци за 2018 година; | |
| Решение за објавување на Програма за развој на невладиниот сектор на Општина Кавадарци за 2018 година; | |
| Програма за развој на невладиниот сектор на Општина Кавадарци за 2018 година; | |
| Решение за објавување на Програма за мегународна соработка на Општина Кавадарци за 2018 година; | |
| Програма за мегународна соработка на Општина Кавадарци за 2018 година; | |
| Решение за објавување на Програма за активностите на Општина Кавадарци во обласата на културата во 2018 година; | |
| Програма за активностите на Општина Кавадарци во обласата на културата во 2018 година; | |
| Решение за објавување на Одлука за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во обласата на културата во 2018 година на правно лице; | |
| Одлука за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во обласата на културата во 2018 година на правно лице; | |
| Решение за објавување на Правилник за начинот и постапката за делегирање на надлежноста на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во обласата на културата во 2018 година на правно лице; | |
| Правилник за начинот и постапката за делегирање на надлежноста на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во обласата на културата во 2018 година на правно лице; | |
| Решение за објавување на Програма за одбележување на годишнини на значајни настани и личности во Општина Кавадарци во 2018 година; | |
| Програма за одбележување на годишнини на значајни настани и личности во Општина Кавадарци во 2018 година; | |
| Решение за објавување на Програма за активностите на Општина Кавадарци во обласата на здравствена заштита во Општина Кавадарци за 2018 година; | |
| Програма за активностите на Општина Кавадарци во обласата на здравствена заштита во Општина Кавадарци за 2018 година; | |
| Решение за објавување на Програма за активностите на Општина Кавадарци во обласата на социјалната заштита | |

| | |
|---|---|
| во 2018 година; | |
| Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалната заштита во 2018 година; | |
| Решение за објавување на Програма за активностите на Општина Кавадарци во промоција на „Комуникација со јавноста„ во 2018; | |
| Програма за активностите на Општина Кавадарци во промоција на „Комуникација со јавноста„ во 2018; | |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци; | |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2017 година; | |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2017 година; | |
| Решение за објавување на Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Кавадарци; | |
| Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Одлука за кофинансирање на Проектот„ Подобрување на патната инфраструктура во микро-регионот Росоман,Кавадарци Неготино преку реконструкција на дел од Северен булевар во Општина Кавадарци; | |
| Одлука за кофинансирање на Проектот„ Подобрување на патната инфраструктура во микро-регионот Росоман,Кавадарци Неготино преку реконструкција на дел од Северен булевар во Општина Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Одлука за определување месечен паричен надоместок на Претседателите и членовите на комисиите за утврдување правен статус на бесправен објект; | |
| Одлука за определување месечен паричен надоместок на Претседателите и членовите на комисиите за утврдување правен статус на бесправен објект; | |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за повлекување на тужба и Заклучок; | |
| Одлука за давање согласност за повлекување на тужба | |
| Заклучок по Одлука за давање согласност за повлекување на тужба | |
| Решение за објавување на Решение за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Совет на Општина Кавадарци; | |
| Решение за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Совет на Општина Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Управниот Одбор на ЈП"Комуналец" Кавадарци; | |
| Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Управниот Одбор на ЈП"Комуналец" Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Решение за разрешување и | |

| | |
|---|---|
| именување на претставници на Општина Кавадарци во Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиско работење на ЈП"Комуналец" Кавадарци; | |
| Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиско работење на ЈП"Комуналец" Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Решение за разрешување и именување на Директор на Фондацијата за социјална, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци; | |
| Решение за разрешување и именување на Директор на Фондацијата за социјална, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Решение за разрешување и именување на членови на Одборот на Фондацијата за социјална, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци ; | |
| Решение за разрешување и именување на членови на Одборот на Фондацијата за социјална, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци ; | |
| Решение за објавување на Решение за разрешување и именување на Претседател и членови на Одборот на Фондацијата за социјална, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци ; | |
| Решение за разрешување и именување на Претседател и членови на Одборот на Фондацијата за социјална, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци ; | |
| Решение за објавување на Одлуката за усвојување Извештај за редовното работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти „ Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци за I полугодие од 2017 година ; | |
| Одлуката за усвојување Извештај за редовното работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти „ Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци за I полугодие од 2017 година ; | |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2017 година(Ротари клуб); | |
| Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2017 година(Ротари клуб); | |
| Решение за објавување на одлука за усвојување на Годишен План за вработување од Локален Музеј-Галерија Кавадарци бр.01-233 од 13.12.2017 година; | |
| Одлука за усвојување на Годишен План за вработување од Локален Музеј-Галерија Кавадарци бр.01-233 од 13.12.2017 година; | |
| Решение за објавување на Одлуката за давање согласност за давање на користење на паркинг простор; | |
| Одлуката за давање согласност за давање на користење на паркинг простор; | |
| Решение за објавување на Решение За избор на командир на Полициска станица од општа надлежност Кавадарци; | |
| Решение За избор на командир на Полициска станица од општа надлежност Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Заклучок по Барањето на мислење бр.24-4673/3 во однос на барањето за доделување | |

| | |
|---|---|
| на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина- метлични минерални суровини на локалитетот„Матушница-Исток„ Општина Кавадарци и општина Гевгелија за делот кој припага на територијата на ОпштинаКавадарци од Министерство за економија на Република Македонија; | |
| Заклучок по Барањето на мислење бр.24-4673/3 во однос на барањето за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина-метлични минерални суровини на локалитетот„Матушница-Исток„ Општина Кавадарци и општина Гевгелија за делот кој припага на територијата на ОпштинаКавадарци од Министерство за економија на Република Македонија; | |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**

**Програмата за уредување на градежно земјиште**
**на просторот на Општина Кавадарци за 2018 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5167/1** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2017 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 95 од Законот за градежно земјиште (“Сл.весник на РМ бр 15/15,98/15,193/15,226/15,31/16,142/16,190/16)а во врска со Правилникот за степенот на уредување на градежно земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (“Сл.весник на РМ” бр.38/11, 93/11, 65/12, 75/12, 98/12, 133/13, 155/13,96/14,107/14,149/15), член 36 став1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржна на ден 20.12.2017 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
# ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2018 ГОДИНА

## ВОВЕД

Со оваа Програма се уредува:

I. Просторот кој е предмет на уредување,
II. Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;

III. Обем и степен на опремување на градежното земјиште;
IV. Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште;
V. Изворите за финансирањето на Програмата и распределба;
VI. Уредување на градежното земјиште по урбани и месни заедници
VII. Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште и негова распределба;
VIII. Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инсфраструктурата;
IX. Динамика на извршување на Програмата;
X. Преодни и завршни одредби.

## I. ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување со поблиско определување на земјиштето што се уредува се смета изграденото и неизграденото земјиште на просторот на Општина Кавадарци, прогласен како градежен реон.

## II. ОБЕМОТ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТВУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Под обем на работите за подготвување и расчистување на градежното
земјиште се подразбира:
II-1. Подготвителни работи и
ИИ-2. Расчистување на градежното земјиште

## II-1. ПОДГОТВИТЕЛНИ РАБОТИ

Под подготвителни работи се подразбира:
- Оформување на геодетска документација;
- Извршување на основни геомеханички испитувања за градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура.

## II-2. РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Расчистување на градежното земјиште на градежните парцели е со цел да се изврши опремување на градежната парцела со објекти од комуналната инфраструктура.

Под расчиствување на градежното земјиште и градежната парцела се смета:
- Решавање на имотно правните односи;

- Решавање на станбените прашања на сопствениците кои живеат или вршат дејност како физичко лице во објектите што се уриваат;
- Уривање на постојните градежни и други објекти на градежното земјиште (градежна парцела) и селидба на сопствениците со пренесување на покуќнината и опремата и
- Уривање на објектите со транспорт на материјалот со уривање до депо.

## III. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Во смисла на оваа Програма, градежното земјиште се уредува во обем и степен согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Сл.весник на РМ" бр.88/09 и 157/09, 98/10).

Степенот на уреденост на градежното земјиште се определува според обемот на опременоста на земјиштето со објекти од комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до градежната парцела и може да биде основен, повисок или понизок од основниот степен на уреденост.

**III-1 Основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:**

- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари), пешачки патеки и други површини согласно урбанистичките планови;
- електрична мрежа за улично осветлување;
- водоводна мрежа;
- фекална канализација и
- атмосферска кнализација.

**III-2 Повисок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:**

- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари), пешачки патеки и други површини согласно урбанистичките планови;
- електрична мрежа за улично осветлување;
- водоводна мрежа;
- фекална канализација;
- атмосферска кнализација;
- ПТТ (оптичка – телекомуникациона ) мрежа;
- топлификациона мрежа;

- паркинг простори;
- гасоводна мрежа и
- пречистителна станица за отпадни води.

**III-3 Понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:**

- непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат;
- сопствено водоснабдување (нема приклучок на водоводната мрежа);
- септичка јама (нема приклучок на фекална канализација);
- сопствен одвод на атмосферски води (нема приклучок на атмосферска канализација);
- нестандардно улично осветлување и
- надземна нестандардна електрична мрежа.

## IV. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

1. Трошоците за уредување на градежно земјиште опфаќаат трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка, трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка и трошоци за расчистување и опремување.

а) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежно земјиште за проектирање и изградба на објекти од основната комунална инфраструктура за заедничка потрошувачка (основни комуналии) и за погодноста – бонитетот на локалитетот (комплекс) каде се гради или е изграден станбен, деловен или друг простор.

b) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и изградба на објекти од основната комунална инфраструктура за индивидуална потрошувачка.

в) Трошоците за расчистување и опремување опфаќаат: трошоци за тековното расчистување и трошоци за опремување на градежно земјиште и постојни објекти од комуналната инфраструктура.

в.1) Трошоците за тековно расчистување на конкретна градежна парцела што паѓаат на товар на општината опфаќаат надоместок за експропријација, како износ на праведен

надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност на недвижности и тоа:

В.1.1.) Надоместок за експроприрана зграда или друг објект.

Во постапка за експропријација, во понудата, висината на надоместокот се определува така што:

- градежната вредност на објектот се утврдува во зависност од видот (стан, куќа, деловен, административен простор, дуќан, гаража и сл.), согласно Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот ("Службен весник" на РМ бр.50/05), (во понатамошниот текст: Методологија);

Вложувањата во уредувањето се одбиваат од градежната вредност, затоа што соодветниот локалитет е опремен со соодветни инфраструктурни објекти на кои објектот кој се експроприра е приклучен, со што е зголемена вредноста на објектот и на градежното земјиште на соодветниот локалитет:

- градежната вредност на објектот се намалува и за износот на амортизацијата пресметана согласно Методологијата;
- Местоположбата на објектот кој се експроприра се цени врз основа на зоната на макролокацијата каде се наоѓа истиот, а во согласност со Методологијата.

Во постапката за експропријација, во понудата, висината на надоместокот за објекти што заради својата природа не се во промет и за кои не се формира пазарна цена (бунари, огради, зидови и сл.), се определува според пазарната вредност на материјалот и работната рака, потребна за изградба на тие објекти, намалена за износот на амортизација.

В.1.2.) Надоместок за експроприрано земјиште:

Во постапката за експропријација, во понудата, висината на надоместокот се определува согласно пазарната цена на земјиштето утврдена согласно Методологијата.

Во постапка за експропријација, во понудата, висината на надоместокот за насади, посеви, шуми и плодови на земјиштето кои се одзема, се определува врз основа на елементите со помош на кои според обичаите на пазарот се утврдува нивната пазарна цена, доколку не влегле во пазарната вредност на земјиштето.

в.2) Трошоците за опремување на градежно земјиште, надвор од градежната парцела, се пресметуваат со претпоставени количини и тековни цени, според приложениот проект за изградба на објекти од комунална инфраструктура.

Трошоците за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура, ги сноси инвеститорот.

Изградените објекти од основната комуналната инфраструктура кои остануваат во границите на градежната парцела на инвеститорот или под објекти што се градат, мора да бидат заштитени.

Инвеститорот е должен, пред отпочнувањето со изградба на објектот во својата градежна парцела, да побара писмена согласност од администрацијата на Општина Кавадарци за заштита на тие објекти. Трошоците за заштита на објектите ги сноси инвеститорот.

При склучен договор за уредување на градежното земјиште, доколку комуналното претпријатие, односно акционерското друштво изврши измена во техничкото решение за веке дадена согласност за изградба на комунална инфраструктура , истото заедно со инвеститорот се должни да ги сносат трошоците за проектирање и изградба на истата.Претходно направенитетрошоци, комуналното претпријатие односно акционерското друштво и инвеститорот, се должни да и ги надоместат на Општина Кавадарци.

## V. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА И РАСПЕДЕЛБА

| | ПРИХОДИ | ДЕН |
|---|---|---|
| 1. | Средства од надоместок за уредување на градежно земјиште - Комуналии | 27,000,000 |
| 2. | Средства од Буџетот на Општината-концесии | 10,000,000 |
| 3. | Средства од Буџетот на Општината-даноци | 29,000,000 |
| 4. | Приходи од јавно осветлување | 25,000,000 |
| 5. | Приходи од закупнина на општински имот | 1,000,000 |
| 6. | Приход од продажба на градежно земјиште | 20,000,000 |
| 7. | Комунални такси за користење на ЈП површини | 2,000,000 |
| 8. | Надомест за паркирање (лиценци) | 1,000,000 |
| 9. | Надомест за користење на патишта (рег.возила) | 2,500,000 |
| 10. | Надомест за одржување на јавна чистота | 2,900,000 |
| 11. | Приходи од одржување на јавно зеленило | 6,500,000 |

| | | |
|---|---|---|
| 12. | Приходи по основ на надоместок за легализација на објекти | 40,030,000 |
| | | |

**ВКУПНО : 166,930,000**

## VI. УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПО УРБАНИ И МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

### VI-1.ОБЈЕКТИ ПО УРБАНИ ЗАЕДНИЦИ

**УЗ Ваташа**

*1.Изградба на потпорни ѕидови*
-ул Перо Видев потпорен ѕид

*2.Поплочување на улици*
-ул.Данко Давков
-ул.Боро Ваташки
-ул.12 другари
-ул.Перо Видев кај гробиштата пробивање и тампонирање

*3.Санација на пешачки мост*

**вкупно 3,050,000**

**УЗ Глишиќ**

*1.Изградба на потпорни ѕидови*
-ул.Коле Неделковски потпорен ѕид

*2.Поплочување на улици и тротоари*
-ул.Коле Неделковски
-ул27 ми Март -споредни улици
-Партерно уредување околу фонтана

**вкупно 1,550,000**

**УЗ Страшо Пинџур**

*1.Изградба на потпорни ѕидови*
-ул.25ти Мај потпорен ѕид
-ул.Смилица потпорен ѕид

*2.Реконструкција и асфалтирање*
-ул. Владимир Назор
-ул. Дисанска

-ул.Доне Попов
-ул. Рајко Жинзифов
-ул Шишка од Партизан до судот
-ул. 25 ти Мај пробивање

*3.Поплочување на улици и тротоари*

-ул.Димката Ангелов Габерот тротоар
-ул.Дисанска

**вкупно** **12,400,000**

**УЗ Киро Крстев**

*1.Изградба на потпорни ѕидови*

-ул.Клинска потпорен ѕид

*2.Реконструкција и асфалтирање*

-Методија Џунов Џикот (од Б.Миладинови до муслимански гробишта и од Димче Мирчев накај Клинска)
-Струшка
-7ми септември спредна (накај здравствен дом)

*3.Поплочување на улици и тротоари*

-Методија Џунов Џикот спој со Калница
-ул.Клинска тротоар
-Лазо Асијата поплочување и бетонирање (кај муслимански гробишта)
-Клинска споредна улица (прередување и поплочување)

**вкупно** **9,900,000**

**УЗ Браќа Досеви**

*1.Реконструкција и асфалтирање*

-ул.Бабуна

*2.Поплочување на улици и тротоари*

-Диме Поп Атанасов (прередување)

**вкупно** **1,800,000**

**УЗ Браќа Џунови**

*1.Реконструкција и асфалтирање*
-ул.Браќа Џунови
реконструкција (кај ромите)

*2.Поплочување на улици и тротоари*
-ул.Киро Каракулев споредна
-ул.Браќа Џунови - тротоар

**вкупно** **1,780,000**

**УЗ Задругар**

*1.Реконструкција и асфалтирање*
-ул.Ѓоре Брушански
реконструкција
-ул.Јован Планински
реконструкција

*2.Поплочување на улици и тротоари*
-ул.Галишка -Поплочување на
улица

**вкупно** **4,900,000**

**УЗ Слога**

*1.Изградба на потпорни ѕидови*
-ул.Страшо Пинџур потпорен
ѕид

*1.Реконструкција и асфалтирање*
-ул.Праведничка
-УЛ.Народни Херои (пред
градинка)
-ул.14 мај реконструкција
-ул.Желков Дол, спој со
Фуштани асфалтирање

2.Поплочување на улици и тротоари
-Пешачка патека кај Желков Дол

**вкупно** **5,900,000**

**УЗ Кула**

1.Изградба на потпорни ѕидови

-ул.Партизанска потпорен ѕид

2.Реконструкција и асфалтирање

-ул.Орце Николов пробивање и асфалтирање

3.Поплочување на улици и тротоари

-бул.Македонија проширување и паркинг

-ул.Никола Минчев тротоар

-ул.Орце Николов тротоар под Спанџа

-ул.Ѓорѓи Соколов- поплочување на улици

-ул.Блажо Алексов -поплочување на тротоар

-ул.Партизанска -поплочување на тротоари

-Божо Димов - поплочување на тротоар

-ул.Божо Димов -поплочување на улица (вадење на гр.коцка)

**вкупно** **6,040,000**

**УЗ Љубаш**

1.Реконструкција и асфалтирање

-ул.Бел Камен -кај Градба асфалтирање

ул.Самоилова реконструкција

2.Поплочување на улици и тротоари

-ул.Илинденска -полочување на пешачка стаза

-бул.Моша Пијаде-тротоар пред градинката

-Западен булевар тротоар кај спортска сала

**вкупно** **5,410,000**

**Изработка и ревизија на проекти, надзор на комунална изградба, испитување на материјали, изработка на геодетски елаборати, иработка на елаборати за процена на недвижен имот, Гис и др.**

7,000,000

**вкупно** **7,000,000**

# РЕКАПИТУЛАЦИЈА

| | | |
|---|---|---|
| **УЗ Ваташа** | | **3,050,000** |
| **УЗ Глишиќ** | | **1,550,000** |
| **УЗ Страшо Пинџур** | | **12,400,000** |
| **УЗ Киро Крстев** | | **9,900,000** |
| **УЗ Браќа Досеви** | | **1,800,000** |
| **УЗ Браќа Џунови** | | **1,780,000** |
| **УЗ Задругар** | | **4,900,000** |
| **УЗ Слога** | | **5,900,000** |
| **УЗ Кула** | | **6,040,000** |
| **УЗ Љубаш** | | **5,410,000** |
| **Изработка и ревизија на проекти, надзор на комунална изградба, изработка на елаборати и др.** | | **7,000,000** |
| | **ВКУПНО** | **59,730,000** |

**VI-2. ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ**

-Изградба на водовод на локалитет Бел Камен

-Интервенции за водовод

**вкупно 4,300,000**

**VI-3. ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ**

-фекална канализација на локалитет Бел Камен

-атмосферска канализација на локалитет Бел Камен

-атмосферска канализација на ул.Пионерска

-Фекална канализација на 12 другари (кај ромите)

-Изградба на атмосферска канализација на Дисанска

-Интервенции за фекална и атмосферска канализација

**вкупно 10,200,000**

## РЕКАПИТУЛАЦИЈА
## ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ И СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

| | |
|---|---|
| VI-2. Изградба на системи за водоснабдување | 4,300,000 ден. |
| VI-3. Изградба на системи за одводнување и пречистување на отпадни води | 10,200,000 ден. |
| Се вкупно: | 14,500,000 ден. |

## VI-4. ИЗГРАДБА ВО СЕЛСКИ МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

| | | |
|---|---|---|
| с.Марена | | |
| -Асфалтирање улици | | 700,000 |
| -Поплочување | | 500,000 |
| -Изградба на пешачки мост | | 500,000 |
| | **вкупно** | **1,700,000** |
| с.Сопот | | |
| -поплочување | | 400,000 |
| | **вкупно** | **400,000** |
| с.Дреново | | |
| --Поплочување на улици и тротоари и потпорен ѕид | | 800,000 |
| | **вкупно** | **800,000** |
| с.Возарци | | |
| -поплочување | | 500,000 |
| | **вкупно** | **500,000** |
| с.Бегниште | | |
| -поплочување | | 200,000 |
| | **вкупно** | **200,000** |
| с.Ресава | | |
| -поплочување | | 200,000 |
| | **вкупно** | **200,000** |
| с.Чемерско | | |
| -поплочување | | 300,000 |
| | **вкупно** | **300,000** |
| с.Раец | | |
| -поплочување | | 400,000 |
| | **вкупно** | **400,000** |
| с.Брушани и останати населби на Тиквешко езеро | | |
| -поплочување | | 600,000 |
| | **вкупно** | **600,000** |
| | **се вкупно** | **5,100,000** |

**VI-5. ИЗГРАДБА НА ЈАВНИ ОБЈЕКТИ**

| | |
|---|---|
| -Тампонирање и санација на полски патишта | 1,000,000 |
| -Реконструкција на поплочени површини | 1,000,000 |
| -Монтажа и реконструкција на гранитни коцки | 1,000,000 |
| -Градежни работи за оградување и изградба на детски игралишта и други површини | 1,000,000 |
| - Реконструкција и проширување на Западен Булевар 2 фаза | 53,000,000 |
| -Изградба на атлетска патека во спортски центар Јасмин 1 фаза (асфалтирање) | 4,000,000 |
| -Изградба на нов кружен тек кај винарска визба Тиквеш | 10,000,000 |
| -Оградување на детска градинка | 600,000 |
| -Средства за имотно-правни постапки | 10,000,000 |
| -Изградба на покриен Зелен Пазар (ке се реализира доколку се обезбедат средства од меѓународни и домашни фондови) | |
| -Реконструкција 2 фаза и доградба на противпожарна станица, греење и партерно уредување | 6,000,000 |
| **вкупно** | **87,600,000** |

## СЕ ВКУПЕН РЕКАПИТУЛАР

| | |
|---|---|
| 1.ИЗГРАДБА НА УЛИЦИ, РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ПО УРБАНИ ЗАЕДНИЦИ | 59,730,000 ден. |
| 2.ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДНИ И И КАНАЛИЗАЦИОНИ ЛИНИИ | 14,500,000 ден. |
| 3.ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ ВО СЕЛСКИ МЗ | 5,100,000 ден. |
| 4.ИЗГРАДБА НА ЈАВНИ ОБЈЕКТИ | 87,600,000 ден. |
| ВКУПНО: | 166,930,000 ден. |

# VII. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА

За одредување на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште како база за утврдување на трошоците за уредувањето се земени комлекси со индивидуална и колективна станбена изградба со целосна изграденост.

Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште за корисна површина, утврдена врз основа на реалните трошоци изнесува: 1.870,00 ден./м2.

Во оваа цена не се предвидени трошоците за уредувањето на земјиштето објектите (партерно уредување) кое со самофинансирање ќе го уредуваат самите граѓани.

Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште и неговата распределба е дадена во следниот преглед:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ** | **1.870 ден/м²** |
| - | Станбени простории | 1,0 Коефициент |
| - | Станбени простории со висина до 2,5м, подпокривен простор | 0,2 Коефициент |
| - | Лоѓија затворена од три страни | 0,4 Коефициент |
| - | Подлоѓија затворена од две страни | 0,3 Коефициент |
| - | Балкони, тераси | 0,2 Коефициент |
| - | Заеднички проодни тераси, пасажи | 0,2 Коефициент |
| - | Помошни простории, остава за гориво, котлара, визба | 0,3 Коефициент |
| - | Трафостаница од 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,3 Коефициент |
| - | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,3 Коефициент |
| - | Стражарници, управител, простории за домар | 0,5 Коефициент |
| - | Паркиралишта и гаражи | 0,1 Коефициент |
| 2 | **ДЕЛОВНИ И ЈАВНИ ОБЈЕКТИ** | **2.500 ден/м²** |
| - | Простории | 1,0 Коефициент |
| - | Магацини | 0,5 Коефициент |
| - | Помошни простории, остава за гориво, котлара | 0,3 Коефициент |
| - | Трафостаница од 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,4 Коефициент |
| - | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,5 Коефициент |
| - | Паркиралишта и гаражи | 0,1 Коефициент |
| - | Лоѓија затворена од три страни | 0,5 Коефициент |
| - | Подлоѓија затворена од две страни | 0,3 Коефициент |
| - | Балкони, тераси | 0,4 Коефициент |
| - | Отворен наткриен простор | 0,3 Коефициент |
| 3 | **ДРУГИ ОБЈЕКТИ** | **2.500 ден/м²** |
| - | Катни гаражи | 0,05 **Коефициент** |
| - | Спортски покриени објекти | 0,5 Коефициент |
| - | Спортски откриени објекти | 0,3 Коефициент |
| - | Гасни станици и базни станици за 50% од површина на локацијата | 1,0 Коефициент |
| - | Отворени пазаришта за 30% од површина на локацијата | 1,0 Коефициент |
| - | Базени | 0,2 Коефициент |
| - | Трафостаници над 35 Кв | 1,0 Коефициент |
| - | Градби за производство на енергија | 1,0 Коефициент |
| - | Објекти за високо образование – сите простории | 0,5 Коефициент |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | **ЗА ОБЈЕКТИТЕ ОД ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНИ Г-ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ** | **1.600 ден/м²** |
| - | Г1 – Тешка и загадувачка индустија | 0,05 Коефициент |
| - | Г2 – Лесна и незагадувачка индустија | 0,05 Коефициент |
| - | Г3 – Сервиси | 0,05 Коефициент |
| - | Г4 – Стоваришта | 0,05 Коефициент |
| 5 | **За бензинска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории)** | **2.500 ден/м²** |
| - | Продажни простории на бензински пумпни станици | 1,0 Коефициент |
| - | Услужни простории на бензински пумпни станици | 1,0 Коефициент |
| 6 | **За објектите од група на класа на намени Б 5-угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта и за објектите од група на класа на намени А 4-хотел, мотел, планинарски дом и ловен дом** | **2.500 ден/м²** |
| - | Сите простории | 0,05 Коефициент |

Во новата корисна нето површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација не се пресметува површината на:

- Инсталационите канали;
- Окната за лифтови;
- Окна за врати;
- Отворени паркиралишта;
- Подземни резервоари.

За сите објекти од табелата со височина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина.

За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина, согласно коефициентите од табелата и другите одредби од оваа точка.

Доколку на локацијата на која се гради, претходно постоел објект, а истиот е заведен во катастарот на недвижности (постои во Имотниот лист за предметната парцела), на инвеститорот ќе му се признае површината на објектот со платени комуналии, односно за површината на претходниот објект ќе се намали соодветна површина од новиот објект во соодност 1м²/1м², а а пренамена на објектите ќе се доплати разлика за површината која се пренаменува.

При пресметување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште учеството на вредноста на објектите на комуналната инфраструктура и други активности поврзани со комуналното уредување изразено во процентуален износ е прикажан во табелите:

- **Табела 1**

За објекти до 1000 м²

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на Детални урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места | 8,80 % |
| 2. | Изградба на улици<br>-експропријација<br>-пробивање<br>-изградба на горен и долен строј | <br>15,6 %<br>10 %<br>28,6 % |
| 3. | Изградба на фекална канализација | 9,5 % |
| 4. | Изградба на атмосферска канализација | 7,5 % |
| 5. | Изградба на водоводна мрежа | 9,0 % |
| 6. | Изградба на ниско напонска мрежа за улично осветлување | 7,5 % |
| 7. | Останати трошоци (тех. документација, надзор и сл. | 3,5 % |

- **Табела 2**

<u>За објекти над 1000 м²</u>

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на Детални урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места | 8,8 % |
| 2. | Изградба на улици<br>-експропријација<br>-пробивање<br>-изградба на горен и долен строј | <br>15,6 %<br>10 %<br>28,6 % |
| 3. | Изградба на фекална канализација | 10,5 % |
| 4. | Изградба на атмосферска канализација | 8,0 % |
| 5. | Изградба на водоводна мрежа | 10 % |
| 6. | Изградба на ниско напонска мрежа за улично осветлување | 7,5 % |
| 7. | Останати трошоци (тех. документација, надзор и сл. | 1,0 % |

Овие елементи претставуваат вистински (реални) трошоци за опремување на градежното земјиште, а учествуваат со 100% од надоместокот за уредување на градежно земјиште.

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште се пресметува на следниот начин:

а. За расчистување на градежните парцели за објекти од комуналната инфраструктура за индивидуалната и заедничката комунална потрошувачка, проектирањето и изградбата на објекти од комунална инфраструктура и уредување на заедничкиот градски простор, се наплатува надоместок за уредување на градежно земјиште на ниво на

Општина Кавадарци, врз Основица изразена во денари/м2 нето изградена површина и согласно член 4 од Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на

трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Сл.весник на РМ" бр.88/09 и 157/09, 98/10).

b. За секој вид на простор неопфатен од одредбата на член 4 надоместокот ќе се пресметува по аналогија како за просторот опфатен со оваа Програма.

c. Висината на Основицата за одредување на упросечените трошоци (што ќе се наплатуваат односно исплатуваат на ниво на Општината) ќе биде еднаква на основицата постигната на 31.12.2010 година во денари/м2 нето изградена површина, а ќе се усогласува со промената на цените на мало.

Корисникот на градежното земјиште мора да обезбеди Согласност за приклучување на објектот на соодветната секундарна мрежа за индивидуална потрошувачка од соодветното комунално претпријатие и без согласност на Општината не може да се приклучи на инфраструктурните мрежи и објекти во Општината.

За користење на постоечката инфраструктура – објекти, постројки, инсталации и друг имот во сопственост на општината и за поставување на нови столбови за дистрибуција на ТВ сигнали, корисникот – концесионер се обврзува со плаќање на годишен надоместок во висина што ќе се регулира со склучен Договор.

Заинтересираниот правен субјект за остварување на правото на користење на постоечка инфраструктура и за поставување нови столбови за дистрибуција на ТВ сигнали, доставува Барање до Секторот за комунално уредување со приложена проектна документација заради добивање на Согласност.

Усогласеноста на проектната документација со фактичката состојба се констатира Комисиски со Записник од увид на лице место од страна на Секторот за комунално уредување и истото претставува основ за донесување Решение – Одобрение од страна на Секторот комунално уредување и склучување на Договор со корисникот за надоместокот за користење.

## VIII. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

За висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште, се склучува Договор за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште во писмена форма, директно помеѓу корисникот на земјиштето од една страна и Општината од друга страна, по доставена заверена проектна документација и доставено решение за локациски услови и енергетски согласности.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште за пренамена на станбен во друг вид простор се наплатува во висина на евентуалната разлика еднократно, а средствата се неповратни.

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште на локалитети каде што има стари објекти се пресметува на следниот начин:

Корисната површина од стариот објект 100% се одзема од корисната површина на новопредвидениот објект. Вака пресметаната површина служи и како основ за пресметување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште за пренамена од друг вид простор (јавен, деловен, производен и друг) во станбен простор не се наплатува.

Во случај кога градежното земјиште делумно ќе се уредува или воопшто не ќе се уредува, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумното уредување на земјишето – делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок а по структурата на процентите дадени во табелата.

Во случај кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа а во локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП, и не е целосно изградена инфраструктурата, а корисникот на земјиштето инсистира сам да ја гради инфраструктурната мрежа, согласно заверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на локалната самоуправа да и надомести за порано направените трошоци во процентуален износ од надоместокот за уредување на градежно земјиште согласно табелата, да овозможи на идните корисници на земјиштето приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест, односно инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам да биде технички примена од соодветното комунално претрпријатие и да ја предаде на локалната самоуправа без надомест.

За објекти за кои до донесување на Законот за локална самоуправа има склучени договори за надоместок за уредување на градежно земјиште, а врз основа на донесените тогашни решенија за услови за градба, помеѓу корисниците на земјиштето и Општина Кавадарци и во меѓувреме се поништени решенија за услови за градба, а е издадена нова заверена проектна документација, новонастанатите односи ќе се регулираат со анекс договор кон основниот договор помеѓу Општината и корисникот на земјиштето, за истото корисникот на земјиштето е должен да достави документ – дека во претходниот период документацијата му била поништена.

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комуналната инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за преместување на објекти од комуналната инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, што корисникот ги извел и си ги изведува самоиницијативно без учество на Општината, а пред склучување

писмени договори за регулирање на надоместок за уредување на градежното земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфрструктура, не се признаваат освен во локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови, истите се вклопуваат.

За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградените објекти од инфраструктура, оверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи примени од јавените комунални претпријатија. При ова се признаваат само трошоците – делот на надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградената инфраструктурна мрежа.

Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на локалната самоуправа, а новите корисници на земјиштето да и надоместат на локалната самоуправа целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште може да се наплатува и по принцип на одложено плаќање, но најмногу на 12 месечни рати и учество од 50% од вкупниот износ со обезбедување на инструмент (клаузула) во Договорот за сигурна динамика и гаранција за исполнување на договорната обврска. Во функција на принципот на одложено плаќање се воспоставуваат "прагови" врзани во зависност од принципот на одложено плаќање кои се формирани на следниот начин:

*За вкупен износ на надоместокот до 32.000,00 денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа при склучување на договор во целост.

*За вкупен износ на надоместокот од 32.000,00 до 96.000,00 денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа 50% при склучување на договорот, а остатокот од 50% ќе се плаќа на 6 (шест) еднакви месечни рати.

*За вкупен износ на надоместокот над 96.000,00 денари надоместокот за уредувње на градежното земјиште ќе се плаќа 50% при склучување на договорот, а остатокот од 50% ќе се плаќа на 12 (дванаесет) еднакви месечни рати.

***- Надоместокот за уредување на градежно земјиште може да се наплатува со попуст од 10% од вкупниот надомест ако уплатата на средствата се изврши веднаш по склучување на Договорот и во целиот износ.***

## IX. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето на Програмата ќе зависи од постоечките правни и технички услови, како и од приливот на

средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште и другите средства.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Кавадарци и Секторот за уредување и располагање со градежно земјиште.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци."

**Бр. 08-4875/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**20.12.2017 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програмата за комунални дејности за 2018 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за комунални дејности за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-5167/2** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2017 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 5 и член 7 од Законот за комунални дејности од (Сл.весник на РМ бр.95/12,163/13,42/14,44/15,147/15и 31/16 ) а во врска со Одлуката за комунален ред бр.07-873/3 од 28.02.2014 год., (Сл.гласник на Општина Кавадарци бр. 13/2014 ) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.12. 2017 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ ЗА 2018 година

## I.Општи одредби

Со оваа Програма се планираат и уредуваат основните услови и начинот на вршење на комуналните дејности, финансирањето и други прашања од значење за комуналните дејности.

Општина Кавадарци донесува развоен план за период од три години и Годишна програма до крајот на тековната година, и истата се реализира во наредната година.

Остварувањето на Годишните планови за комуналните дејности се врши врз основа на Одлука за комунален ред бр.07-873/3 од 28.02.2014 год. (Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.13/14) каде што се дефинира кој ќе ги реализира комуналните дејности, односно дел од истите се реализираат преку ЈП Комуналец –Кавадарци како пренесени надлежности, а дел се реализираат во Локалната самоуправа преку надлежните сектори и служби и тоа :

1. Комунални дејности што ги реализира Општина Кавадарци, Локална самоуправа преку надлежните служби.

   А.Уредување на просторот (нова урбана опрема),
   Б.Одржување и регулирање на Јавниот сообраќај(набавка на нови знаци, патокази, семафори и др.опрема во функција на сообраќајот),
   В.Јавно осветлување,
   Г.Дезинфекција ,дезинсекција и дератизација , и др.

2. Комунални дејности што ги реализира ЈП Комуналец,-согласно Одлуката за комунален ред

## А. Уредување на просторот

**1.**Набавка, транспорт и поставување на урбана опрема (клупи , корпи,детски играчки за детски игралишта,легнати пречки и др.)

2.000.000,00 ден.

**2.**Одржување на урбана опрема
(клупи, корпи за отпадоци, легнати пречки, детски играчки за детски игралишта,монтажа и демонтажа на бина)

1.000.000,00ден.

-----------------------------------------

**ВКУПНО 3.000.000,00 ден**

## Б. Одржување на сообраќајници со хоризонтална и вертикална сигнализација

1.Обележување на сообраќајници со полни и испрекинати линии , пешачки премини , такси постојки, автобуски постојки, паркинзи и др.

2.000.000,00 ден

2.Поправка и одржување опрема

-семафори 300.000,00 ден

-знаци 150.000,00 ден

--------------------------------

450.000,00 ден

3.Набавка на знаци , патокази,
опрема за семафори и раскрсници

-знаци и др. 500.000,00 ден.

-семафори 2.000.000,00 ден.

-------------------------------------

2.500.000,00ден

**ВКУПНО поз.Б. : 4.950.000,00ден**

**В. Јавно осветлување**

**1.Тековно одржување на улично осветлување**

**-потрошена ел.енергија**

8.000.000,00ден

**-потрошен материјал и опрема за тековно одржување и тековно одржување на неопфатени реони со ЈПП за улично осветлување**

3.650.000,00 ден

------------------------------

11.650.000,00ден

**2.Инвестициони активности**

-поставување на нова НН мрежа за улично осветлување

–град 8.553.250.00ден

-села 450.000.00ден

--------------------------------

9.003.250.000,00

-годишен ануитет од договор за поставени
Енергетски ефикасни светилки 7.434.000,00 ден

------------------------------------

**ВКУПНО поз.„В„ 28.087.250,00ден.**

СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА 2018година

| **ГРАД** | | |
|---|---|---|
| Вкупно | 158000 | Бел Камен 1 |
| Вкупно | 136000 | Бел Камен 2 |
| Вкупно | 474000 | Улица Индустриска |
| Вкупно | 200000 | Улица Фуштани |
| Вкупно | 150000 | Улица Ѓоре Брушански крак |

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно | 256000 | Улица 12 Другари |
| Вкупно | 138000 | Улица Праведничка –по долот |
| Вкупно | 147550 | Раскрсница Тиквеш спој Западен Булевар и 8ми Септември |
| Вкупно | 164700 | Раскрсница спој Булевар Видое Смилевски Бато и улица Шишка |
| Вкупно | 136800 | Раскрсница спој Булевар Цветан Димов, булевар Моша Пијаде и улица Гоце Делчев |
| Вкупно | 103900 | Раскрсница кај Јавор-от (спој 7ми Септември, Киро Крстев и Д.А.Габерот) |
| Вкупно | 116300 | Раскрсница спој Булевар Видое Смилевски Бато и улица Блажо Алексов |
| Вкупно | 572000 | Северен Булевар од хотел Фени до булевар Никола Минчев |
| Вкупно | 500000 | Влез на градот до капела (7метални столбови– 200м) |
| Вкупно | 100000 | 8ми Септември крак |
| Вкупно | 100000 | Паркинг Никола Минчев (2 Канделабри) |
| Вкупно | 150000 | Пред зграда на улица „Ѓуро Салај„( 3 светилки на древени столбови |
| Вкупно | 150000 | Градски парк (1 Ниво - 9 Комплет лед светилки со прозирни опал топки, градежни работи , монтерски работи |
| Вкупно | 200000 | Спортска сала Јасмин партерно осветлување |
| Вкупно | 350.000 | Поставување на нови светилки Плоштад |
| Вкупно | 200000 | Останати лед светилки (паркинзи...) |
| Вкупно | 1.500.000 | ул„Дисанска„- со краци |
| Вкупно | 150.000 | ул„Благој Дафков„(пред училиште) |
| Вкупно | 400.000 | ул„Рајко Жинзифов„ |
| Вкупно | 200.000 | ул„Ѓоре Брушански„спој со Ќиро Арсов |
| Вкупно | 200.000 | ул„Галишка /Ресавска„ |
| Вкупно | 50.000 | ул„Црноречка „ крак десно кај Аце Пром |
| Вкупно | 350.000 | ул„Ѓорѓи Соколов„ цела улица -крак |

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно | 1.000.000 | Кеј 800метри осветлување<br>32 канделабри |
| Вкупно | 100.000 | ул„27 ми март„ кон Јавор река |
| Вкупно | 100.000 | Градски гробишта |
| СЕЛА | | |
| Вкупно | 2150000 | Одржување улично села и активности град надвор од ЈПП |
| Вкупно | 200000 | Нова инсталација со 20 Флуо светилки на Голеш |
| Вкупно | 250000 | Нова инсталација со 25 Флуо светилки на залив наспроти село Брушани |

| | | |
|---|---|---|
| Нови НН Инсталации Град | | 8.553.250 |
| Нови НН Инсталации Села | | 450000 |
| | Вкупно Нови Инсталации | 9003250 |
| Санирање на дефекти во нисконапонски Нподземни инсталации - Град | | 1500000 |
| Одржување улично села и активности Град надвор од ЈПП | | 2150000 |
| | Вкупно одржување | 3650000 |
| Ануитети за ЈПП | | 7434000 |
| Потрошена електрична енергија | | 8000000 |
| | Вкупно | 15434000 |
| **СЕВКУПНО** | | 28087250 |

**Г. Јавна чистота ( Посебни програми)**

**1.Пометување и перење улици во градот**

10.000.000,00ден

**2.Услуги за одржување на паркови и зеленило ,**
**производство на нови цветни и дрвени насади**
**и нивно засадување**

8.000.000,00ден

-----------------------------

ВКУПНО 18.000.000,00 ден

**Д.Дезинфекција ,дезинсекција и дератизација(Посебни програми)**

300.000,00ден

**РЕКАПИТУЛАР НА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**

А.Уредување на просторот 3.000.000,00ден
Б.Одржување и регулирање на јавниот сообраќај 4.950.000,00ден
В.Јавноо оветлување 28.087.250,00ден
Г.Јавна чистота и зеленило 18.000.000,00ден
Д.Дезинфекција, дезинсекцијаи дератизација 300.000,00ден

Вкупно - 54.337.250,00

**ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ**

Динамиката на извршување на Програмите за секоја комунална дејност поединечно ќе зависи од постоечките правила,техничките услови,од приливот на средствата од надоместокот за истите или средства од буџетот (ако не постои посебен надоместок за комуналната дејност)од донесениот „План за активности„ за секоја комунална дејност поединечно„ како и од потребите на граѓаните за подобрување на ефикасноста и квалитетот на услугата.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

За спроведување на оваа Програма недлежен е Градоначалникот на Општина Кавадарци и Секторот за урбанизам, комунални дејности,сообраќај и заштита на животната средина.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци."

**Бр.08-4875/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**20.12.2017 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**

**Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта во Општина Кавадарци за 2018 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта во Општина Кавадарци за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5167/3** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2017 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ” бр.5/02), а во врска со член 22 точка 4 од Законот за Локална самоуправа („Сл. весник на РМ”5/2002) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. гласник на Општина Кавадарци” бр.3/96). Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.12.2017 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## За изградба реконструкција и одржување на локалните патишта во Општина Кавадарци за 2018 година

### Вовед

Со Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта во општина Кавадарци за 2018 година опфатено е тековното одржување на локалните улици и патишта, крпење на ударни дупки и одржување на улици во зимски услови , со што значително ќе се подобри состојбата и квалитетот на сообраќајниците, а со тоа и безбедноста на корисниците на сообраќајот.

Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта во Општина Кавадарци за 2018 година, содржи:

### ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА

1. Зимско одржување
   Вкупна вредност 3.000.000 ден.
2. Крпење на ударни дупки
   Вкупна вредност 3.000.000 ден.
3. Одржување на локални
   Патишта 1.000.000 ден.

**Вкупно: 7.000.000 ден.**

**Финансирање**

Оваа Програма ќе се финансира од приходи од Јавното претпријатие за државни патишта, од кое секоја година добиваме 7.000.000 денари.

1. Средства доделени од ЈПДП
со намена за изградба, реконструкција
на локални патишта и улици
- крпење на ударни дупки 3.000.000 ден. 42,86 %

2. Средства доделени од ЈПДП за
одржување и заштита на лок.патишта
и улици 4.000.000 ден. 57,14 %

Со средствата доделени од ЈПДП за одржување на градските улици и заштита локални патишта на подрачјето на Општина Кавадарци во висина од 7.000.000 денари или 100 % од вкупно доделените средства се финансира тековното одржување.

Динамиката на извршување и реализацијата на работите ќе зависи од приливот на средствата.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Кавадарци и Секторот за уредување и располагање со градежно земјиште.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-4875/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**20.12.2017 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**

**Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2018 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5167/4** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2017 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ( “Сл. Весник на РМ бр. 5/02”), а во врска со член 99 од Законот за градежно земјиште (”Сл.весник на РМ”бр.15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16, 190/16), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржан на ден 20.12.2017 година, донесе

# ПРОГРАМА
## ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2018 ГОДИНА
### Вовед

Општ дел

Со донесување на новиот Закон за градежно земјиште (”Сл.весник на РМ”бр.15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16, 190/16), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот. Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Македонија управува Владата на Република Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е дејност од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено.

Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот опфатено со границите на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште на кое се изградени објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап

до градежна парцела на јавен пат, објекти на водоводна, фекална и атмосферска канализација и друга инсталација, со приклучоци до градежна парцела.

Градежно земјиште е земјште кое е планирано со урбанистички план, урбанистичка планска документација или проект за инфраструктура.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план, урбанистичка планска документација или проект за инфраструктура предвидени со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Градежната парцела може да се состои од една или од повеќе катастарски парцели или од делови на катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите.

Времен објект е монтажно-демонтажен или типски објект кој се поставува на градежно неизградено земјиште, заради привремена употреба на просторот, до реализација на урбанистички план за градежното земјиште на кое е поставен времениот објект. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е објект од областа на сообраќајот (копнен, воден и воздушен сообраќај) подземна или надземна инсталација (вод) и електронски комуникациски мрежи и средства, со сите нивни придружни инсталации предвидени со проект за инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, да се даде под долготраен закуп, под краткотраен закуп, да се разменува, да се заснова право на стварна службеност, да се даде на трајно користење, да се пренесе правото на сопственост, и на него да се востановат други стварни права.

А. Просторен опфат и предмет на Програмата

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Кавадарци, дефинирана според територијалната организација на Република Македонија, за време на календарска 2017 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програмата се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на територијата на Општина Кавадарци.

Со оваа програма се опфатени следниве локалитети:

**1.** ДУП за УБ “41-ва Дивизија”

**2**. ДУП за УБ “Крсте Мисирков”

**3.** Урбанистички план вон населено место за изградба на винарии на дел од КП 926, КО Ресава,

**4.** ДУП "РАЈКО ЖИНЗИФОВ" Кавадарци - Блок 20

**5**. Детален Урбанистички план за дел од УБ 4 К, населба “Парк”2011-2016 Кавадарци,

**6**. Детален урбанистички план Локалитет “Г2” Глишиќ 2005-2010.

**7.** ДУП за-“Коњски дупки” 2014-2019 Галишка

**8.** ДУП за дел од УБ 14К ул.Праведничка

**9.** ДУП Бела Ема планиран развој

**10.** ДУП за плански опфат-“Дисанска”- Кавадарци 2009-2014

**11.** ДУП за дел од УБ 13К „Слога” 2011-2016.

**12.** УПВНМ за повеќенаменски комплекс м.в. “Куманова глава” КО Конопиште Кавадарци 2012-2022

**13**. ДУП за дел од Урбан Блок 10К Опитно поле 3 – Кавадарци

**14.** ЛУПД за детска градинка за дел од КП бр.10133

Б. Основи за изработка на Програмата

**- Законски основ**

Законски основ на Програмата за управување со градежно земјиште се: Закон за локалната самоуправа член 36 став 1 („Сл. Весник на РМ" 5/2002), член 99 Закон за градежното земјиште ("Сл.весник на РМ"бр.15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16 и 31/16) и член 82 од Статутот на Општина Кавадарци ("Службен гласник на општина Кавадарци" бр.08/05).

- **Основни плански документи**

Други документи кои се користени за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:

-Програма за развој на општина Кавадарци;

-Генерален урбанистички план на Град Кавадарци за плански период од 2003 до 2020 година;

-Детални урбанистички планови за населените места

-Програма за изработка на урбанистички планови за 2017 година

-Други стратешки документи

В. **Лица вклучени во изработка на Програмата**

-Ванчо Колевски – дипл.град.инг. помошник раководител на секторот за уредување и располагање со градежно земјиште.

-Гордана Тодороска- Сокаровска дипл.прав. –советник за располагање со градежно земјиште;

-Даниел Делов – дипл.прав. соработник за правна помош и имотно – правни работи;

-Ѓоко Камчев – дипл.прав. советник за правни работи.

I. <u>Цели на Програмата</u>

- Општи цели на Програмата

Обезбедување услови за социо - економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој.

**Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети.**

Заинтересираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

II. Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и по урбанистички план)

**- Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место / локалитет, идентификувани со број на градежни парцели.**

**- Детален преглед на градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање по населено место и по урбанистички план.**

1. **ДУП за УБ "Крсте Мисирков" 2004 – 2009 и ДУП за УБ 41 ва Дивизија 2009 – 2014**

| Број на градежна парцела | Вкупна површина во м2 | Намена на земјиште (основна класа) | Намена на земјиште опис | Броеви на катастарски парцели во состав на град.пасрцела | Површина за градба м2 | Бруто развиена површина | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност | Максимална дозволена висина – кота на венец | Катност | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ДУП за УБ "Крсте Мисирков" 2004 – 2009 ГП бр.Ф.152** | 504 | А -домување | А1-Индивидуално домување | 12504 и 16494/2 | 210 | 420 | 41,67 | 0,83 | 7,5 м | / | 61,00 | 30.744,00 |
| **ДУП за УБ 41 ва Дивизија 2009 – 2014 ГП бр.2.17** | 222, 6 | А-домување | А1-Индивидуално домување | 14358/2 и 16533/2 | 110, 5 | 332 | 49,6 | 1.49 | 10,2 м | П+2 | 61,00 | 13.603,00 |
| **ДУП за УБ 41 ва Дивизија 2009 – 2014 ГП бр 2.19** | 150 | А-домување | А1-Индивидуално домување | 14358/3 и 14344/5 | 71,6 | 215 | 47.7 | 1.43 | 10.20 | П+2 | 61,00 | 9.150,00 |
| **Вкупно** | | | | | | | | | | | | **53.497,00** |

## 2. УПВНМ за изградба на винарии на дел од КП 926 КО Ресава

| УПВНМ за изградба на винарии на дел од КП 926 КО Ресава | Број на парцела | Основна класа на намена | Катност | Компатибилна класа на намена мах30% | Максимална висина до венец м1 | Површина на градежна парцела м2 | Површина за градба м2 | Бруто развиена површина за градба м2 | Коефициент на искористеност | Процент на изграденост % | МКДПочетна утврдена цена по м2 во | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1.1** | Г2 | П+2 | Б1,Б2,Д2,Г3,Г4 | 12.00 | 3,610.00 | 2,380.00 | 4,760.00 | 1.32 | 65.93% | 61 | 220.210.00 |
| | **1.2** | Г2 | П+2 | Б1,Б2,Д2,Г3,Г4 | 12.00 | 2,275.00 | 1,425.00 | 2,850.00 | 1.25 | 62.64% | 61 | 138.775.00 |
| | **1.3** | Г2 | П+2 | Б1,Б2,Д2,Г3,Г4 | 12.00 | 2,480.00 | 1,580.00 | 3,160.00 | 1.27 | 63.71% | 61 | 151.280.00 |
| | **1.4** | Г2 | П+2 | Б1,Б2,Д2,Г3,Г4 | 12.00 | 2,407.00 | 1,520.00 | 3,040.00 | 1.26 | 63.15% | 61 | 146.827.00 |
| | **1.5** | Г2 | П+2 | Б1,Б2,Д2,Г3,Г4 | 12.00 | 2,265.00 | 1,395.00 | 2,790.00 | 1.23 | 61.59% | 61 | 138.165.00 |
| | **1.6** | Г2 | П+2 | Б1,Б2,Д2,Г3,Г4 | 12.00 | 2,000.00 | 1,215.00 | 2,430.00 | 1.22 | 60.75% | 61 | 122.000.00 |
| | **1.7** | Г2 | П+2 | Б1,Б2,Д2,Г3,Г4 | 12.00 | 2,275.00 | 1,275.00 | 2,550.00 | 1.12 | 56.04% | 61 | 138.775.00 |
| | **1.8** | Г2 | П+2 | Б1,Б2,Д2,Г3,Г4 | 12.00 | 2,450.00 | 1,380.00 | 2,760.00 | 1.13 | 56.33% | 61 | 149.450.00 |
| | **Вк.** | | | | | | | | | | | **1.205.482.00** |

## 3. ДУП Рајко Жинзифов Кавадарци БЛОК 20

| ДУП Рајко Жинзифов Кавадарци БЛОК 20 | Број на градежна парцела | Вкупна површина во м2 | Намена на земјиште (основна класа) | Намена на земјиште опис | Броеви на катастарски парцели во состав на град.пасрцела | Површина за градба м2 | Бруто развиена површина | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност | Максимална дозволена висина – кота на венец | Катност | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **20.11** | 546 | А-домување | А1-Индивидуално домување | КП.бр. 12139/4 | 192 | 480 | 35 | 0,88 | 8,70 | / | 61,00 | 33.306,00 |
| | **20.12** | 572 | А-домување | А1-Индивидуално домување | КП.бр. 12139/3 | 224 | 560 | 39 | 0,99 | 8,70 | / | 61,00 | 34.892,00 |
| | **20.15** | 620 | А-домување | А1-Индивидуално домување | КП.бр. 12139/2 и дел од КП бр.12135/1 | 224 | 560 | 36 | 0,90 | 8,70 | / | 61,00 | 37.820,00 |
| | **Вк.** | | | | | | | | | | | | **106.018,00** |

4. **ДУП за дел од УБ 4К населба Парк 2011-2016**

| ДУП за дел од УБ 4К населба Парк 2011-2016 | Број на градежна парцела | Вкупна површина во м2 | Намена на земјиште (основна класа) | Намена на земјиште опис | Броеви на катастарски парцели во состав на град.пасрцела | Површина за градба м2 | Бруто развиена површина | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност | Максимална дозволена висина – кота на венец | Катност | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **4К.7** | 296 | А-домување | А1-Индивидуално 70% домување Б1 – мали комерцијални 30% | Дел од КП бр.12476/1 | 166 | 664 | 56 | 2.24 | 10.2 | П+2 +Пк | 61,оо | 18.056,оо |
| | **4К.8** | 343 | А-домување | А1-Индивидуално 70% домување Б1 – мали комерцијални 30% | Дел од КП бр.12476/1 | 206 | 824 | 60 | 2.40 | 10.2 | П+2 +Пк | 61,оо | 20.923,оо |
| | **Вк.** | | | | | | | | | | | | **38.979,оо** |

5. **ДУП Локалитет “Г2”Глишиќ 2005-2010**

| ДУП Локалитет "Т2"Глишиќ 2005-2010 | Број на градежна парцела | Вкупна површина во м2 | Намена на земјиште (основна класа) | Намена на земјиште опис | Броеви на катастарски парцели во состав на град.парцела | Површина за градба м2 | Бруто развиена површина | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност | Максимална дозволена висина – кота на венец | Катност | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1.18** | 380 | А-домување | А1-Индивидуално домување | КП.бр.1693/1 и КП бр.1687/2 | 104 | 208 | 27 | 0,55 | 7,20м | / | 61,оо | 23.180,оо |
| | **Вк.** | | | | | | | | | | | | **23.180,оо** |

## 6. ДУП за-"Коњски дупки" 2014-2019 Галишка

| ДУП за-"Коњски дупки" 2014-2019 Галишка | Број на градежна парцела | Основна класа на намена | Катност | Броеви на катастарски парцели во состав на град.пасрцела | Максимална висина до венец м1 | Површина на градежна парцела м2 | Површина за градба м2 | Бруто развиена површина за градба м2 | Коефициент на искористеност | Процент на изграденост % | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **5.15К** | А1-индивидуално домување | П+2 +Пк | Дел од КП 14310/3, дел од КП 16537/1 | 10.2 | 246 | 141 | 564 | 2.29 | 57% | 61,оо | 15.006,оо |
| | **Вк.** | | | | | | | | | | | **15.006,оо** |

## 7. ДУП за дел од УБ 14К ул.Праведничка

| ДУП за дел од УБ 14К ул.Праведничка | Број на градежна парцела | Основна класа на намена | Компатибилна класа на намена | Катност | Броеви на катастарски парцели во состав на град.пасрцела | Максимална висина до венец м1 | Површина на градежна парцела м2 | Површина за градба м2 | Бруто развиена површина за градба м2 | Коефициент на искористеност | Процент на изграденост % | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **17** | А1-индивидуално домување | Б1,В1 | П+2 +Пк | Дел од КП 16348/1 | 10.2 | 176 | 70 | 280 | 2.29 | 57% | 61,оо | 10.736,оо |
| | **Вк.** | | | | | | | | | | | | **10.736,оо** |

## 8. ДУП Бела Ема планиран развој

| ДУП Бела Ема планиран развој | Број на градежна парцела | Основна класа на намена | Катност | Броеви на катастарски парцели во состав на град.пасрцела | Максимална висина до венец м1 | м2Површина на градежна парцела | Површина за градба м2 | Бруто развиена површина за градба м2 | Коефициент на искористеност | Процент на изграденост % | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1.38** | Б1 деловен простор | / | Дел од КП 15963 | 6.4 | 260 | 150 | 225 | 0.87 | 57.7 | 1.800,оо | 468.000,оо |
| | **Вк.** | | | | | | | | | | | **468.000,оо** |

## 9. ДУП за плански опфат-"Дисанска"- Кавадарци 2009-2014

| ДУП за плански опфат-"Дисанска" - Кавадарци 2009-2014 | Број на градежна парцела | Основна класа на намена | Компатибилна класа на наемна | Катност | Броеви на катастарски парцели во состав на град.пасрцела | Максимална висина до венец м1 | Површина на градежна парцела м2 | Површина за градба м2 | Бруто развиена површина за градба м2 | Коефициент на искористеност | Процент на изграденост % | МКДПочетна утврдена цена по м2 во | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1.6** | Б1- мали комерцијални и и деловни | А1 | П+3 | Дел од КП бр. 12489/1 | 12.2 | 324 | 191 | 764 | 2.36 | 59% | 1278, оо | 414.072,оо |
| | **1.10** | Б1- мали комерцијални и и деловни | А1 | П+3 | Дел од КП бр. 12497/1 | 12.2 | 243 | 137 | 548 | 2.25 | 56% | 1278, оо | 310.554,оо |
| | **Вк.** | | | | | | | | | | | | **724.626,оо** |

## 10. ДУП за дел од УБ 13К „Слога" 2011-2016

| ДУП за дел од УБ 13К „Слога" 2011-2016 | Број на градежна парцела | Основна класа на намена | Компатибилна класа на наемна | Катност | Броеви на катастарски парцели во состав на град.пасрцела | Максимална висина до венец м1 | Површина на градежна парцела м2 | Површина за градба м2 | м2Бруто развиена површина за градба | Коефициент на искористеност | Процент на изграденост % | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1.79** | А1- индивидуално домување | Б1, В1 | П+2+ Пк | Дел од КП бр. 15108/1 и Дел од КП бр. 15097/1 | 10.20 | 243 | 78 | 312 | 1.3 | 32% | **61,оо** | **14.823,оо** |
| | **Вк.** | | | | | | | | | | | | **14.823,оо** |

11. **УПВНМ за повеќенаменски комплекс м.в. “Куманова глава” КО Конопиште Кавадарци 2012-2022**

| 2012-2022УПВНМ за повеќенаменски комплекс м.в. “Куманова глава” КО Конопиште Кавадарци | Број на градежна парцела | Основна класа на намена | Компатибилна класа на наемна | Катност | Броеви на катастарски парцели во состав на град.пасрцела | Максимална висина до венец м1 | Површина на градежна парцела м2 | Површина за градба м2 | м2Бруто развиена површина за градба | Коефициент на искористеност | Процент на изграденост % | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2.1** | Г2 – лесна и незагадувачка индустрија | Б1,Д2, Г4 | П | КП бр.: 675/1, 675/2, 676, 684, 685/1, 685/2, 678, 679, 680, 681/1, дел од 682/1 и дел од 683 | 4.20 | 18744 | 9372 | 9372 | 0.42 | 42 | **61,оо** | **1.143.384,оо** |
| | **Вк.** | | | | | | | | | | | | **1.143.384,оо** |

**12. ДУП за дел од Урбан Блок 10К Опитно поле 3 - Кавадарци**

| ДУП за дел од Урбан Блок 10К Опитно поле 3 - Кавадарци | Број на градежна парцела | Основна класа на намена | Компатибилна класа на наемна | Катност | Броеви на катастарски парцели во состав на град.пасрцела | Максимална висина до венец м1 | Површина на градежна парцела м2 | Површина за градба м2 | м2Бруто развиена површина за градба | Коефициент на искористеност | Процент на изграденост % | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1.1 | А2- домување во колективни згради | Б1, Б4,В3, Д3 | П+4 +Пк | КП 10164/9, дел од КП 16445/3, дел од КП 10163/8 | 17.80 | 1085 | 334 | 2004 | 1.85 | 31 | 1380,оо | 1.497.300,оо |
| | 1.3 | А2- домување во колективни згради | Б1, Б4,В3, Д3 | П+4 +Пк | КП 10164/3, и КП 10163/2 | 17.80 | 710 | 251 | 1506 | 2.12 | 35 | 1380.оо | 979.800,оо |
| | 1.4 | А2- домување во колективни згради | Б1, Б4,В3, Д3 | П+4 +Пк | КП 10164/4, и КП 10163/3 | 17.80 | 546 | 209 | 1254 | 2.30 | 38 | 1380,оо | 753.480,оо |
| | 1.5 | А2- домување во колективни згради | Б1, Б4,В3, Д3 | П+4 +Пк | КП 10164/5, и КП 10163/4 | 17.80 | 529 | 209 | 1254 | 2.37 | 40 | 1380,оо | 730.020,оо |
| | 1.6 | А2- домување во колективни згради | Б1, Б4,В3, Д3 | П+4 +Пк | КП 10164/6, и КП 10163/5 | 17.80 | 442 | 161 | 966 | 2.19 | 36 | 1380,оо | 609.960,оо |
| | 1.7 | А2- домување во колективни згради | Б1, Б4,В3, Д3 | П+4 +Пк | КП 10164/7 и, КП 10163/6 | 17.80 | 452 | 239 | 1434 | 3.17 | 53 | 1380,оо | 623.760,оо |
| | 1.8 | А2- домување во колективни згради | Б1, Б4,В3, Д3 | П+4 +Пк | КП 10164/8 и КП 10163/7 | 17.80 | 525 | 221 | 1326 | 2.53 | 42 | 1380,оо | 724.500,оо |
| | 1.23 | А2- домување во колективни згради | Б1, Б4,В3, Д3 | П+4 +Пк | КП 10573/2 | 17.80 | 996 | 367 | 2202 | 2.21 | 37 | 1380,оо | 1.374.480,оо |
| | 1.24 | А2- домување во колективни згради | Б1, Б4,В3, Д3 | П+4 +Пк | КП 10573/3 | 17.80 | 977 | 364 | 2184 | 2.24 | 37 | 1380,оо | 1.348.260,оо |
| | **Вк.** | | | | | | | | | | | | **8.641.560,00** |

## 13. ЛУПД за детска градинка за дел од КП бр.10133

| ЛУПД за детска градинка за дел од КП бр.10133 | Број на градежна парцела | Основна класа на намена | Компатибилна класа на намена | Катност | Броеви на катастарски парцели во состав на град.пасрцела | Максимална висина до венец м1 | Површина на градежна парцела м2 | Површина за градба м2 | м2Бруто развиена површина за градба | Коефициент на искористеност | Процент на изграденост % | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1.1 | В2 – објекти од социјална | А4,Б1, Д3 и В5 | П | КП бр. 10133/3 и КП бр. | 6,00 | 3537 | 241 4 | 2414 | 0.68 | 68 | 350,оо | 1.237.950,о о |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | заштита | | | 10134/2 | | | | | | | | |
| | **Вк.** | | | | | | | | | | | | **1.237.950,00** |

III. Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма

*Дефинирање на целни групи за одделни групи на градежни парцели

Во рамките на Програмата за активностите на Општина Кавадарци се предвидува спроведување на информативни кампањи за продажба на градежно земјиште.

Врз основа на Програмата за секоја кампања, пристапот ќе се утврдува преку анализа на приоритетите, можностите, целните групи и ефектите што треба да се постигнат со кампањата.

Кампањите ќе се реализираат преку јавните медиуми, Веб страна на општината, соопштенија за јавност и други промотивни материјали.

IV. Динамика на реализација на Програмата

Со цел минимизирање на финансиските трошоци поврзани со објавата на огласи за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште се предвидува градежните парцели што се предмет на годишната Програма да се објават во турнуси.

Секој турнус би опфатил објава на огласи за градежните парцели што се наоѓаат во состав на одредни населени места, урбани блокови или локалитети.

Со објавата ќе се пропишуваат/ определуваат следните параметри: висината на депозитот за учество, определување на интернет страницата на која ќе се врши надавањето, одредување на условите за учество, пропишување на други обврски и се наведуваат останати релевантни информации во врска со надавањето.

Лица надлежни за реализацијата на Програмата:

-Ванчо Колевски – дипл.град.инг. помошник раководител на секторот за уредување и располагање со градежно земјиште.

-Гордана Тодороска- Сокаровска дипл.прав. –советник за располагање со градежно земјиште;

-Даниел Делов – дипл.прав. соработник за правна помош и имотно – правни работи,

- Ѓоко Камчев – дипл.прав. советник за правни работи.

V. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата
(приходна страна)

1. ДУП за УБ “41-ва Дивизија” **22.753,оо**
2. ДУП за УБ “Крсте Мисирков” **30.744,оо**
3. Урбанистички план вон населено место за изградба на винарии на дел од КП 926, КО Ресава, **1.205.482,оо**
4. ДУП "РАЈКО ЖИНЗИФОВ" Кавадарци - Блок 20 **106.018,оо**
5. Детален Урбанистички план за дел од УБ 4 К, населба “Парк”2011-2016 Кавадарци, **38.979,оо**
6. Детален урбанистички план Локалитет “Г2” Глишиќ 2005-2010. **23.180,оо**
7. ДУП за-“Коњски дупки” 2014-2019 Галишка **15.006,оо**
8. ДУП за дел од УБ 14К ул.Праведничка **10.736,оо**

**9.** ДУП Бела Ема планиран развој **468.000,оо**
**10.** ДУП за плански опфат-"Дисанска"- Кавадарци 2009-2014 **724.626,оо**
**11.** ДУП за дел од УБ 13К „Слога" 2011-2016. **14.823,оо**
**12.** УПВНМ за повеќенаменски комплекс м.в. "Куманова глава" КО Конопиште Кавадарци 2012-2022 **1.143.384,оо**
**13.** ДУП за дел од Урбан Блок 10К Опитно поле 3 – Кавадарци **8.641.560,оо**
**14.** ЛУПД за детска градинка за дел од КП бр.10133 **1.237.950,оо**

| | |
|---|---|
| **Севкупно:** | **13.683.241,оо** |
| Општина Кавадарци 80% | 10.946.592,00 |
| Република Македонија 20% | 2.736.648,00 |

-Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата).
Финансиските средства потребни за реализација на Програмата се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

Трошоци по основ администрирање на постапките за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште:

- изработка на геодетски елаборати 300.000,оо денари, и
- трошоци за прибавување на документи за отпочнување на постапките и објавување 500.000,оо денари.

**ВИ**. Преодни и завршни одредби

Програмата ја усвојува Советот на Општината

Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.

За спроведувањето на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општината.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-4875/4**
**20.12.2017 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на

## Програма за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2018 година

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5167/5**
**22.12.2017 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002), а во врска со член 20 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл. Гласник на Општина Кавадарци" бр. 8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.12.2017 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

за изработка на урбанистички планови во
Општина Кавадарци за 2018 година

Вовед

Планската Програма за изработка на Генерални урбанистички планови, Детални урбанистички планови, Урбанистички планови за села и Урбанистички планови вон населени места, Регулациски план на генерален урбанистички план, како и Локална Урбанистичка Планска Документација, Архитектонско урбанистички проекти, Инфраструктурни проекти е Годишна Програма и претставува основа за уредување и опремување на градежното земјиште.

Планирањето има за цел дефинирање на комплементарен пристап во развојот на градот;

- Зголемување на ефикасноста во функционирање на инфраструктурните системи;
- Заштита на историскиот идентитет на градот и вредните амбиентални целини;
- Дефинирање на сообраќајниот систем на градот;
- Обезбедување пристап до секоја градежна парцела и поврзување со екстерниот сообраќаен систем;
- Рационализација на просторната организација на домувањето преку рационален и економичен пристап во идното користење на градежното земјиште со наголемување на степенот на изграденост и искористеност во согласност со важечките стандарди и нормативи;
- Подигнување на станбениот стандард на повисоко ниво во сите елементи на живеење;
- Елиминирање на супстандардниот станбен фонд;
- Ревитализација и санација на станбениот фонд;
- Потврдување на катастарските парцели со градежни парцели заради трансформирање на градежното земјиште;
- Индустријата и во наредниот период ќе се развива на нови локации со рационално користење на просторот и заштита на животната средина така да економските и социјалните критериуми треба да бидат потчинети на еколошките услови и постигнување на повисок квалитет на живеење и работа;
- Развој на угостителство и туризам со обезбедување и заштита на

природните предели, амбиенти и пејсажи како и зачувување на културно историските споменици;
- Развој на селските населби и уредување на руралните подрачја.

Планирање

Планирањето се овозможува преку:

- Изработка на ГУП на град Кавадарци и населените места Ваташа и Глишиќ;
- Изработка на нови Детални урбанистички планови;
- Измена и дополнување на Детални урбанистички планови;
- Изработка на урбанистички планови за село;
- Изработка на урбанистички планови вон населено место;
- Изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација;
- Изработка на Архитектонско Урбанистички Проекти;
- Изработка на Инфраструктурни проекти

Врз основа на годишната Планска Програма за изработка на урбанистички планови Општината (нарачател на планот) склучува договор со овластена организација за изработка на урбанистички планови (изработувач на планот) согласно член 16 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ„ бр. 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16).

Изработката на Урбанистичката документација опфаќа повеќе планирани активности како изготвување на планска програма со опис за намена на дејности, обезбедување на дигитални катастарски планови со внесена постоечка инфраструктура. За плановите вон населено место треба да се добие Решение за Услови за планирање на просторот како и Елаборат за услови за планирање на просторот од Министерство за животна средина и просторно планирање и Агенција за просторно планирање-Скопје;

- Во зависност од планската документација донесувачот или изработувачот на планот треба да изработи Предлог Планска Програма. Истата ја одобрува Стручна комисија и Градоначалник на Општина Кавадарци. Потоа се работи Нацрт Урбанистички план или Предлог Урбанистички план после што следува:
- Градоначалникот формира комисија за постапување по поднесените иницијативи во системот на е-урбанизам;
- Решение за Комисија формирана од Градоначалникот за изработка на Мислење по Нацрт т.е. Предлог на Урбанистички план;
- Мислење од Комисијата по Нацрт т.е. Предлог на Урбанистички план;
- Извештај за постапување по забелешките од Комисијата ( од изготвувачот на Планот );
- Согласност од Агенција за катастар на недвижности Скопје;
- Одлука за утврдување на Нацрт Урбанистички план вон населено место ( од Совет на Општина Кавадарци);
- Одлука за спроведување на Јавна анкета и јавна презентација ( од Градоначалник на општина);
- Соопштение за спроведување на Јавната анкета и Јавната презентација ( од Градоначалник на Општина . Јавната анкета трае 10 работни дена );
- Објавување на Соопштението за спроведување на Јавна анкета и јавна презентација во најмалку 2 медиума и обезбедување на Потврди од истите;
- Покани до јавни институции и други релеванти фактори за времето и местото на одржување на Јавната презентација;

- Записник од спроведена Јавна презентација и Евидентен лист на присутни учесници во јавната презентација;
- Решение за формирање Комисија за постапување по забелешките од Јавната анкета ( од Градоначалник на Општина);
- Извештај за постапување по забелешките од јавната анкета и Јавната презентација од стручна Комисија;
- Известување за постапување по забелешките од Јавната анкета-имплементирани во Предлог Планот ( од Градоначалникот);
- Изработка на Ревизија на Нацрт Урбанистичкиот план од Ревизорска проектанска куќа со лиценца и овластувања);
- Извештај за постапување по забелешките од Ревизијата ( од изготвувачот на Планот );
- Обезбедување на позитивни Мислења по предложената Урбанизација од Институции и Јавни претпријатија: ЕВН Македонија, Македонски Телеком, ЈП Комуналец, Министерство за култура, Дирекција за заштита и спасување, Агенција за патишта, Водостопанство, Министерство за животна средина, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и други согласно потребите на намената и местоположбата на опфатот;
- До Министерство за животна средина се доставуваат пополнети формулари и Одлука од Градоначаникот за спроведување односно неспроведување Стратегиска оцена за заштита на животната срдина;
- По добивањето Одговор од Министерство за животна средина и просторно планирање за спроведување т.е не спроведување на Стратегиска оцена за заштита на животната средина ( зависно дали опфатот е во или вон населено место) се изработува и
- Нацрт верзија на Извештај на Стратегиска оцена за заштита на животната средина ( лиценцирана фирма за изработка на соодветни елаборати);
- Се бара Мислење од Министерство за животна средина по Нацрт верзијата на Извештајот ;
- По добивање на Мислењето од животната средина се изготвува:
- Соопштение за спроведување на Јавна презентација по Нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на заштита на животната средина ( од Градоначалникот);
- Се објавува во 1 медиум ( потребна е Потврда од истиот) и
- Се објавува на ВЕБ страната на Општината 30 дена (Одлука за спроведување на Стратегиска оцена, Формуларот, Нацрт Извештајот, Соопштението);
- По спроведување на Јавната презентација се работи :
- Предлог верзија на Извештајот за Стратегиска оцена за заштита на животната средина.
- Од Министерство за животна средина се бара Мислење по Предлог т.е. финалната верзија на Извештајот за Стратегиска оцена за заштита на животната средина;

По добивање на позитивно Мислење истото ќе биде вградено во Конечниот Предлог Урбанистичкиот План вон населено место;

- Од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство се бара пренамена на земјоделско земјиште ( ако е вон населено место) во градежно земјиште во границите на опфатот за таа цел потребно е да се обезбедат:

- Извод од Програмата за изработка на Урбанистички планови;
- Планска Програма;
- Геодетска подлога;
- Топографска карта;
- Список на индикации на катастарски парцели кои влегуваат во опфатот (од Агенција за катастар на недвижности);
- Оригинални имотни листови за парцели кои влегуваат во опфатот;

По обезбедување на сите погоре наведени прилози се пристапува кон изработка на:

- Предлог Урбанистички план ( го изработува изготвувачот на Планот);
- Се бара Согласност по Конечен Предлог Урбанистичкиот план од Министерството за транспорт и врски;
- По добивање на Согласност од Министерството за транспорт и врски по предложената Урбанизација се носи:
- Одлука на Совет на Општина за Усвојување на Конечен Предлог Урбанистичкиот план.

Финансирањето на урбанистичките планови се планира да се обезбеди од:

1. Финансирање од Локалната самоуправа од буџет и
2. Агенција за финансиска подршка во земјоделието и руралниот развој.
3. Самофинансирање од страна на правни и физички лица

| I. | Урбанистички планови финансирани од Буџет на Општина Кавадарци | | | |
|---|---|---|---|---|
| реден број | Назив на Урбанистички План | Површи на на Опфат | Граница на опфат | Намена на Површини |
| 1. | **ДУП за дел од УБ 16К -Јасмин** | ~6,0 ха | - север: ул.,29-ти Ноември",<br>- исток: наменска граница,<br>-југ: ул.Вишешница<br>-запад:пат Кавадарци-Прилеп. | А-домување<br>В-јавни институции<br>Д-зеленило и рекреација<br>Е -инфраструктура |
| 2. | **ДУП за дел од УБ 17К-опфат Пожарна** | ~1,08 ха | - на југ- ул.„Прилепска",<br>- на запад - ул. "Гоце Делчев"<br>- север крак од ул. "Гоце Делчев",<br>- на исток - ул. "Народна Младина"; | А1-домување во станбени куќи<br>Е2 – комунална супраструктура |
| 3. | **ДУП за дел од УБ 10К-Младински** | ~4,0 ха | - Булевар „Едвард Кардељ, Северен Булевар, ул.„Орце Николов и ул. Вељко Влаховиќ". | - А1-домување во станбени куќи<br>А2-домување во станбени згради<br>В-јавни институции<br>Е - инфраструктура |
| 4. | **ДУП за дел од УБ 9К – северен Булевар** | ~4,0 ха | „Северен Булевар, ул.Цветан Димов, ул.Вељко Влаховиќ и ул.Западен Булевар" | А2- домување во станбени згради<br>Б - комерцијални и деловни намени<br>Е-инфраструктура |
| 5. | **ДУП за дел од УБ 2Г-Глишиќ ОУ** | 1,5 ха | Ул.„Коле Неделковски, ул. Благој Дафков, новопланирана улица и ул.„Достоевски" | А1-домување во станбени куќи<br>В-јавни институции<br>Г2-лесна и незагадувачка индуструја<br>Е- инфраструктура |
| 6. | **ДУП „ПАРК"** | 44,13 ха | Север и североисток-станбена ул.1 (Ст 1), Исток и југоисток по Ст. 2 до кп.6606, кп. 6607,кп.. 6627, кп. 6626. На југ-станбена улица 1 и на<br>На запад дел од Ст.1, дел од кп.6764, дел одКп, бр.6790, кп.6703/1, кп. 6703/2, ја сече кп.6770/1 оди по граница на кп.6770/4, кп.6771 по ул. Дисанска ја сече и се поврзува со проектираната станбена улица 1. | А-домување<br>Б–комерцијални деловни дејности<br>В–јавни институции и образование<br>Е-комунална инфраструктура |
| 7. | **ДУП за дел од УБ 2Г Глишиќ-север** | 1,7 ха | Ул.,Шишка, ул.Вера Циривири Трена, дел од Ул.Сава Ковачевиќ, дел од ул,Ванчо Чавкаров,и граница на Урбан блок 2Г; | А1-домување во станбени куќи<br>Б1 – мали и комерцијални и деловни намени |
| 8. | **Изработка на Урбанистички план вон населено место – Солар парк 1, на дел од КП 467** | 4 ха | -од север граничи со КП 467 КО Брушани<br>-од исток граничи со КП 467 КО Брушани | Е2–Комунална супраструктура |

| II. | **Урбанистички планови финансирани од Буџет чија постапка треба да продолжи во 2017 година се до нивно донесување** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Назив на Урбанистички План** | **Површ ина на Опфат** | **Граница на опфат** | **Намена на Површини** |
| **1.** | **Измена и дополнување на ГУП на град Кавадарци со населбите Ваташа и Глишиќ** | 866 ха | | |
| **2.** | **Урбанистички план вон населено место „Телот 2" - Општина Кавадарци** | 13,6 ха | -од север: граничи со кп.бр.6/2 и кп.8<br>-исток: Регионален пат Кавадарци Росоман<br>-југ: граничи со кп. 25/3<br>-запад: ги сече кп. 25/2, 21 и оди по полски пат со кп. 16/13 и кп. 13/2 скршнувајќи по граница на кп. 392/1 | Г2-лесна и незагадувачка индустрија<br>Г3- сервиси<br>Г4- стовариште |
| **3.** | **ДУП за дел од УБ 16К „Дешка Тошева" - Општина Кавадарци** | 1 ха | од запад: ул.Дешка Тошева,<br>југ : ул„Пере Тошев"<br>исток: ул.„Пере Тошев"<br>север: ул.„Пере Тошев" | А1-домување во станбени куќи |
| **4.** | **ДУП за дел од УБ 19К „Бел Камен" -Општина Кавадарци** | 8,5 ха | од исток: ул.„Бел Камен"<br>север: ул.„Бел Камен"<br>запад: дел од ул.„Бел Камен" и постоечки<br>полски пат со кп. 13980, кп.13792, кп. 13976, кп. 13968, кп. 13960,<br>покрај кп.3959, кп. 14131, кп. 14130<br>југ: постоечки полски пат на кп.13948 и кп.<br>13944/2 и улица покрај гробишта на кп..16524 | А1- домување во станбени куќи |
| **5.** | **ДУП за Урбан Блок 8К - Општина Кавадарци** | 14,40 ха | Ул.„Димката Габерот", ул. "Видое Смилевски", ул. "Шишка" и ул.„7-ми Септември"; | А1- домување во станбени куќи<br>А2-домување во станбени згради<br>В - јавни институции<br>Г2-лесна и незагадувачка индустрија<br>Е - инфраструктура |
| **6.** | **ДУП за дел од Урбан блок 2В – Ваташа – Општина Кавадарци** | 6,05 ха | ул. Хаџи Јорданов, ул. Страшо Пинџур, ул, Илчо Димов, КП 4603/2, КП 4604/2, КП 4605/2, КП 4606/2, КП 4612/3, КП 4779/2, КП 4779/1, КП 4768/2, КП 4772, КП 4774, КП 4776, до ул. Хаџи Јорданов | А1-домување во станбени куќи<br>-Е инфраструктура |
| **7.** | **ДУП за дел од Урбан блок 3В – Ваташа -Општина Кавадарци** | 6,2 ха | Ул. Боро Ваташки, ул.Ристо Џондев,<br>кп. 4240/1, кп. 4239, кп. 4238, кп. 4237,<br>кп. 4235, кп. 4233, кп. 4232, кп. 4231, ул., 4-ти Мај и ул. Страшо Пинџур | А1-домување во станбени куќи<br>В1-Образование и наука<br>Д1-Парковско зеленило<br>-Е инфраструктура |
| **8.** | **ДУП за дел од Урбан блок 12К „Мито Х. Василев Јасмин"-Општина** | 9,0 ха | ул.„Мито Хаџи Василев-Јасмин" ул.„Браќа Досеви" ул.„Браќа Досеви" ул.„Добри Даскалов и | -А1-Домување во станбени куќи<br>-А2-Домување во |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Кавадарци** | | ул.„ЈНА” | станбени згради<br>- Е инфраструктура |
| **9.** | **ДУП за дел од Урбан блок 2Г - Глишиќ -Општина Кавадарци** | 10,45 ха | Ул.Шишка, ул.Вера Циривири Трена,<br>Дел од ул.Сава Ковачевиќ, ул.Ванчо Чавкаров, Кп. 1504, кп. 1577, кп. 1576, кп.1575, кп.1571, ул.,27-март, кп. 1531, кп..1532, кп. 1533, кп.1534, кп.1535, кп.1696, и улица Коле Неделковски. | А1-домување во станбени куќи<br>Б1-мали комерцијални и деловни намени<br>Г2- лесна и незагадувачка индустрија<br>-Е- инфраструктура<br>-Е2-бензинска |
| **10.** | **Урбанистички план за с. Чемерско** | 30 ха | | |
| **11.** | **ЛУПД „Стрелиште” на кп. 47 КО Глишиќ Општина Кавадарци** | 1,8ха | | Д3 – спорт и рекреација |
| **12.** | **ДУП за дел од УБ 15К-Пролетерска** | 1,70 ха | Ул.Пролетерска, дел од ул.Задругарска, Улица Пиринска и дел од ул.Ресавска | А1- домување во семејни куќи<br>Б1-мали комерцијални деловни намени<br>Е- инфраструктура |
| **13.** | **ДУП за дел од УБ 21К-Коњски Дупки** | 6,4 ха | Опфат ограничен со ново проектирани<br>Улици од ДУП Коњски Дупки Север:ул.„4“;Југоисток-ул.„8“Југозапад ул.„3“ Запад-ул.„7 | А1-домување во станбени куќи<br>Б1 – мали и комерцијални и деловни намени |
| **14.** | **Изработка на Урбанистички план за вон населено место на дел од КП 4/1 КО Возарци, м.в. Беговица - Општина Кавадарци** | 20ха | -од север граничи со КП 4/1 КО Возарци<br>-од исток граничи со локален пат<br>-од југ граничи со КП 4/1 КО Возарци<br>-од запад граничи со КП 124, КП 125 и КП 127 КО Возарци | Г2–Лесна и незагадувачка индустрија<br>Е– Инфраструктура |
| **15.** | **ДУП за дел од УБ 15К - "Ѓоре Брушански"- Општина Кавадарци** | 3,22 ха | -од северо-запад: ул."Задругарска"<br>-одсеверо-исток: "Народен фронт"<br>-од исток граничи со ул. "Страшо Пинџур"<br>-од југ граничи ул."Ѓоре Брушански"<br>---од северо-запад:ул. "Ѓоре Брушански"<br>-од запад граничи со ул. "Радњанска" | А1- домување во станбени куќи<br>А2 - домување во станбени згради<br>Е-инфраструктура |
| **16.** | **Измена и дополна ДУП за плански опфат Цветан Димов, за дел од УБ 9К, КО Кавадарци 2, Општина Кавадарци** | 4,625 ха | -на север –бул. Вељко Влаховиќ<br>-на исток –бул. Цветан Димов<br>-на југ –бул. Моша Пијаде<br>-на запад –бул. Западен булевар | **А-домување**<br>А2-Домување во станбени згради<br>**Б–комерцијални и деловни намени**<br>Б1 – мали и комерцијални и деловни намени деловни дејности<br>**В–јавни институции и образование**<br>В1-Образование и наука<br>В2-Здравствена и социјална заштита<br>**Д-Зеленило, спорт, рекреација и меморијални** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | **простори**<br>Д2-заштитно зеленило<br>Д3-Спорт и рекреација<br>**Е-комунална инфраструктура**<br>Е2 –Комунална супраструктура |
| **17.** | **Измена и дополна на дел од ДУП за УБ 16К "Јасмин", Општина Кавадарци** | 2,2 ха | -на север –ул. "29-ти Ноември"<br>-на исток –ул. Гоце Делчев<br>-на југ –ул. Вишешница<br>-на запад –наменска граница по ГУП | **А-домување**<br>А1- Домување во станбени куќи<br>А2-Домување во станбени згради<br>**Б–комерцијални и деловни намени**<br>Б1 – мали и комерцијални и деловни намени деловни дејности<br>**Е-комунална инфраструктура**<br>Е2 –Комунална супраструктура |

| **III.** | **Урбанистички планови за села финансирани од Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Назив на Урбанистички План** | **Површина на Опфат** | **Граница на опфат** | **Намена на Површини** |
| **1.** | **Урбанистички план за с.Возарци** | 71 ха | | |
| **2.** | **Урбанистички план за с.Дреново** | 29 ха | | |
| **3.** | **Урбанистички план за с.Марена** | 113 ха | | |
| **4.** | **Урбанистички план за с. Сопот** | 62 ха | | |
| **5.** | **Урбанистички План за село Брушани** | 85,28 ха | | |
| **6.** | **Урбанистички План за село Ресава** | 82 ха | | |
| **7.** | **Урбанистички План за село Дабниште** | 14,86 ха | | |
| **8.** | **Урбанистички План за село Бегниште** | *26,26 ха* | | |
| **9.** | **Урбанистички План за село Раец** | 10,1 ха | | |
| **10.** | **Урбанистички План за село Бојанчиште** | 10,99 ха | | |
| **11.** | **Урбанистички План за село Рожден** | 19,22 ха | | |

| IV. | **Урбанистички планови финансирани од правни и физички лица** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Назив на Урбанистички План** | **Површина на Опфат** | **Граница на опфат** | **Намена на Површини** |
| **1.** | Урбанистички план с.Мрежичко | 20,50ха | | |
| **2.** | ЛУПД вон градежен опфат на кп. 936 КО Ваташа (Телелинк) | | | Базна станица за мобилна телефонија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | ЛУПД вон градежен опфат на кп. 785/1 КО Радња | 100 м2 | | Базна станица |
| 4. | ЛУПД вон населено место на кп. 1904 м.в. „В'чкова Воденица" КО Дреново, Општина Кавадарци | 0,2850 ха | | Г3 - сервиси |
| 5. | ЛУПД вон населено место на кп. 7862 КО Кавадарци | 0,29 ха | | Г- производство, дистрибуција и сервиси<br>Г3 – сервиси,<br>Г4 – стоваришта |
| 6. | ЛУПД за БЗ - Угостителски и туристички капацитети, на кп 269, м.в „Голо Глава" КО Праведник, Општина Кавадарци | 0,1020ха | север: кп 276, КО Праведник<br>исток: Тиквешко езеро<br>запад: локален интерен пат на кп.3335,<br>југ: кп 270, КО Праведник<br>БЗ - угостителски и туристички капацитети | БЗ - угостителски и туристички капацитети |
| 7. | Изработка на Локална урбанистичка планска документација за КП 3524/1, 3524/2, 3524/3, КП 3525, КП 3526, КП 3527 КО Кавадарци вон град -Општина Кавадарци | 2,4181ха | на север –КП 3523/1 и КП 3523/5 КО Кавадарци вон град - на исток регионален патен правец Р 1107, Градско (врска со А1)-Росоман-Кавадарци-Мушов гроб-Витолиште – Лагово (врска со А3) и делница Мајдан-граница со Р. Грција (ГП Пулевац) - на југ – КП 3528 и КП 3529/2 КО Кавадарци вон град и<br>- на запад локален пат | – Г2 –лесна и незагадувачка индустрија<br>Компатибилни намени:<br>Б1–Мали комерцијални и деловни намени<br>Б4 –Деловни простории<br>Г3–Сервиси<br>Г4 –Стоваришта |
| 8. | Изработка на измена и дополна на Детален Урбанистички план за дел од УБ 22К- дел и УБ 23К –дел - Општина Кавадарци | 41,3ха | од северна страна граничи со КП 3501 КО Кавадарци 1<br>-од источна страна граничи со осовина на планирана Индустриска улица "1", осовина на планирана Индустриска улица "6" и осовина на Магистрална улица "Западен Булевар",<br>- од јужна страна гранич со осовина на Собирна улица "Моша Пијаде" и<br>-од запад граничи со осовина на Сервисна улица "Индустриска" | Г2 –Лесна индустрија<br>Г3 –Сервиси<br>Г4-Стоваришта<br>Е2 – комунална супрастуктура |
| 9. | Изработка на Локална урбанистичка планска документација за Г2 – лесна и незагадувачка индустрија, на КП 247/2, 247/1-дел, КО Бошава, -Општина Кавадарци | 0,1785ха | на север –КП 247/1-дел, КП 240 КО Бошава<br>- на исток КП 240, КО Бошава<br>- на југ –пристапен пат, река Бошава<br>- на запад КП 247/1-дел, КО Бошава | Г2 –лесна и незагадувачка индустрија<br>Компатибилни намени:<br>Б1 –Мали комерцијални и деловни намени<br>Б4 –Деловни простории<br>Г3 –Сервиси |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Г4 –Стоваришта |
| **10.** | **„Изменување и доплонување на Детален урбанистички план за дел од УБ 13 К "Киро Спанџов" Општина Кавадарци"** | 0,4828 ха | -на север – улица "3", по ДУП за дел од 13К Слога Општина Кавадарци.<br>-на исток – улица "Браќа Џунови".<br>-на југ – улица "Киро Спанџов".<br>-на запад – улица "1", по ДУП за дел од 13К Слога Општина Кавадарци | А1 –Домување во станбени куќи |
| **11.** | **„Изменување и доплонување на Детален урбанистички план на дел од УМ А од УБ "Крсте Мисирков" на дел помеѓу улиците "Киро Крстев", "Крсте Мисирков" и "7-ми Септември" Општина Кавадарци"** | ~1,32 ха | -на север – улица "7-ми Септември ",<br>-на исток – улица "Крсте Мисирков".<br>-на југ – улица "Киро Крстев".<br>-на запад – улица " Киро Крстев ". | А1 –Домување во станбени куќи<br>А2 –Домување во станбени згради<br>В3 - Култура |
| **12.** | **Изменување и дополнување на Детален урбанистички план "Зелен Пазар" дел од УБ 12К – Општина Кавадарци** | 2,62ха | на север и северо-исток ул."Цано Поп Ристов"<br>- на југ и југо-исток ул."7-ми Септември"<br>- на запад ул."Зелен Пазар" | А-Домување<br>А1–Домување во станбени куќи<br>А2–Домување во станбени згради<br>Б-Комерцијални и деловни намени<br>Б1–Мали комерцијални и деловни намени<br>Б2-зелен пазар со подземно паркиралиште и трговски центар<br>В-Јавни институции<br>В4–Државни институции<br>В2-здравство, т.е. амбуланта во состав на постојната станбена куќа(А1)<br>Е –Инфраструктура<br>Е1-Комунална инфрасруктура<br>Е2-Комунална супраструктура<br>Д –Зеленило<br>Д1-Парковско зеленило<br>Д2-Заштитно зеленило |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **13.** | **Измена и дополна на Урбанистички план вон населено место за Стопански комплекс "ФЕНИ ИНДУСТРИ" за УБ 1, 3 и 11 Топилница КО Шивец -Општина Кавадарци** | 18,58ха | од северна страна граничи по осовина на ул. "3"<br>-од источна страна граничи по осовина на ул. "4"<br>- од јужна страна граничи по осовина на ул. "6"<br>-од запад граничи по осовина на ул. "1" | Г –Производство, дистрибуција и сервиси<br><br>Г1-Тешка и загадувачка индустрија |
| **14.** | **Изработка на Урбанистички план вон населено место на КП бр. 427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 и дел од КП бр. 1409/4, м.в. Прогонот, КО Глишиќ, Општина Кавадарци** | ~2,7ха | -на север границата се движи вклучително со ул. 1<br>(од ЛУПД за КП 427 и 426/1 м.в. Прогонот КО Глишиќ, Лесна Индустрија Г2, Општина Кавадарци, Решение бр. 14-4373/5 од 13.10.2014,)<br>- на исток граница е КП бр. 428<br>- на југ граница е КП бр. 428<br>- на запад границата е вклучително со Регионалниот пат Р1107 Росоман-Кавадарци | **Г-Производство, дистрибуција и сервиси**<br><br>Г2–Лесна индустрија |
| **15.** | **Локална урбанистичка планска документација за Г2 – лесна и незагадувачка индустрија (фарма) на КП бр. 887, КП бр. 888, КП бр. 889 и КП бр. 890 КО Конопиште, Општина Кавадарци** | 0,33ха | е формирана по границите на катастарските парцели бр.887, 888, 889 и 890 КО Конопиште, Општина Кавадарци | **Г-Производство, дистрибуција и сервиси**<br>Г2–Лесна и незагадувачка индустрија (фарма)<br>Компатибилни намени:<br>Б1-Мали комерцијални и деловни намени<br>Б3-Големи угостителски единици<br>Б4-Деловни простори<br>В2-Здравство и социјална заштита<br>Д2-Заштитно зеленило<br>Д3-Спорт и рекреација<br>Д4-Меморијални простори<br>Г3-Сервиси<br>Г4-Стоваришта |
| **16.** | **Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од УБ 10К "Старо Ангро", Општина Кавадарци** | 0,66ха | -на север - улица Втора Бригада<br>- на исток - улица Народна Младина - на југ - улица Љубашка<br>- на запад – пристапна улица Втора Бригада | А1–Индивидуално домување<br>Б2-Големи трговски единици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **17.** | Изработка на Локална урбанистичка планска документација за лесна и незагадувачка индустрија – Г2 на КП бр. 8501 КО Кавадарци 1, Општина Кавадарци | ~1,0062ха | – на север границата е локален пат, КП 8497 КО Кавадарци 1<br>- на исток граница е Локален земјен пат (КП бр. 9611 КО Кавадарци 1)<br>- на југ граница е КП бр. 9601/1 КО Кавадарци 1<br>- на запад границата е КП бр. 8502 Кавадарци 1 | **Г-Производство, дистрибуција и сервиси**<br><br>Г2–Лесна и незагадувачка индустрија |
| **18.** | Изработка на Локална урбанистичка планска документација за лесна и незагадувачка индустрија – Г2 на КП бр. 285, КП бр. 286/1 и КП бр. 287/1 КО Раец, Општина Кавадарци | ~0,9814ха | - на северозапад границата е КП 288/2, КП 291 КО Раец<br>- на североисток граница е КП бр. 287/3, КП бр. 286/2 КО Раец<br>- на југоисток граница е Локален земјен пат<br>- на запад границата е КП бр. 284 КО Раец | **Г-Производство, дистрибуција и сервиси**<br><br>Г2–Лесна и незагадувачка индустрија |
| **19.** | Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од УБ "Едвард Кардељ", УМ А, КО Кавадарци 2, Општина Кавадарци | ~2,8ха | - на северо-запад –ул. Максим Горки<br>- на југ, југо-исток-улица Партизанска<br>-на југо-запад- улица Илинденска | **А-Домување**<br>А1–Домување во станбени куќи<br>А2–Домување во станбени згради<br>Е –Инфраструктура<br>Е2-Комунална супраструктура |
| **20.** | Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од УБ 6К "Брушанска", Општина Кавадарци | ~1,8652 ха | - на север –ул. Брушанска<br>- на исток-улица Брушанска<br>-на југ- улица Димче Мирчев<br>-на запад-улица Киро Крстев | **А-Домување**<br>А1–Домување во станбени куќи<br>Е –Инфраструктура<br>Е2-Комунална супраструктура |
| **21.** | Локална урбанистичка планска документација за А3-Групно домување на КП бр. 2877/2 и КП бр. 2878 КО Сопот, Општина Кавадарци | 1,38ха | -Во опфат КП бр. 2877/2 и КП бр. 2878 КО Сопот | **А-Домување**<br>А3-Групно домување-Старски дом |
| **22.** | Изработка на Архитектонско урбанистички проекти | | | |
| **23.** | Изработка на Инфраструктурни проекти | | | |

Годишната Планска Програма за донесување на урбанистички планови е од отворен тип и секогаш кога ќе се појават заинтересирани субјекти за измена на урбанистички планови може да се дополни со нови урбанистички планови со финансирање на правни и физички лица или согласно Закон за просторно и

урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16) член 21 кога општината распишува јавен повик.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа Планска програма надлежен е Градоначалникот на Општина Кавадарци и Секторот за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина.

Оваа Програма влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во ("Сл. Гласник на Општина Кавадарци" ).

**Бр.08-4875/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**20.12.2017 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за јавна чистота за 2018 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за јавна чистота за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5167/6** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2017 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/2002 г), член 12 од Законот за јавна чистота („Сл. Весник на РМ“ бр. 111/08, 64/09, 88/10,23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15 ,147/15 ), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. Гласник на општина Кавадарци“ бр. 08/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.12.2017 година, донесе:

П Р О Г Р А М А
За јавна чистота за 2018 година

Во изработка на оперативниот план за јавна чистота како фактори се земени категоризацијата на улиците ( нивната

лоцираност во градот), фрекфентноста на истите, начинот на одржување на чистотата на улиците, како и димензиите , формата и нивната загаденост.

Постојат неколку вида на смет на јавно прометните површини и јавните површини кои зависат од густината на населението, стандардот а најмногу од еко културата кај самото население и тоа:

**1.Секојдневен смет**

а. Обичен уличен смет

-кутии од цигари,отпушоци од цигари

-искористени билети,флаери, хартија од разни пакувања

-останати слични отпадоци

б. Отпадоци од возила кои настануваат при:

- при превоз на разноводен матерјал (градежен материјал, овошје, зеленчук и технолошки материјал),
- при товарање и растоварање на разни стоки
- при собирање на домашен смет
- при косење на тревни површини
- при поминување на запрежни коли, трактори и камиони кои носат на своите пневматници остатоци од земја, песок и лисја.

в. Загадување од атмосферата

- загадување од чад,прав
- индустриски оџаци
- гасовите од моторните возила

г. При интензивно врнење на дождови

-наноси од земја, песок, лисја и др.

**2. Сезонски смет**

Се појавува сезонски и обично го има два вида

-лисја од дрвата, суви гранки и слично

-песок и ризла кој во зимскиот период служи за посипување на ЈС површини заради намалување на лизгавоста кој по престанокот за мразевите и снеговите треба темелно да се отстрани.

Што се однесува до организациониот план за чистење на Јавно сообраќајните површини и јавните површини помеѓу другото потребно е да се утврди и потребниот интензитет на чистење а истиот зависи од густината на населеноста во градот, распоредот на комерцијалните и станбените згради, интензитетот на сообраќајот, фрекфенцијата на пешаци и интензитетот на

загадувањата. Според горе наведените фактори категоризацијата на улиците би изгледала вака:

Улици од 1-ва категорија Центар на градот , деловен дел на градот каде улиците и булеварите се со густа фрекфенција на лица и возила и каде треба да се чисти секојденевно четири, пет или шест дена во неделата.

Улици од 2-ра категорија Деловен и станбен дел од градот со развиен сообраќај и густа фрекфенција на луѓе.

Улици од 3-та категорија Густо населени населби и улици со послаб градски промет на возила и луѓе.

Улици од 4 та категорија Поретко населени улици со послаб интензитет на возила и луѓе.

**Улици 1 ва категорија**

| Ред Бр. | Улица | Квадратура М2 | Број на пометување неделно рачно | Број на миење неделно рачно | Број на пометување неделно машинско | Број на миење **неделно** машинско со преден или заден млаз |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Тиквешко востание со плоштад два паркинга | 11 130 | 6 | 2 | 1 | 1 |
| 2 | Илинденска цела до К.тек | 14.780 | 6 | 2 | 1 | 1 |
| 3 | 7 ми Септември цела | 9.950 | 6 | 1 | 1 | 1 |
| 4 | М.Х.Јасмин цела | 4.290 | 6 | 1 | 1 | 1 |
| 5 | Пано Мударов цела | 2.050 | 6 | 1 | 1 | 1 |
| 6 | Цано Поп Ристов цела | 4.340 | 6 | 1 | 1 | 1 |
| | Вкупно | **46.540** | | | | |

**Улици 2 ра категорија**

| Ред бр. | Улица | Квадратура М2 | Број на пометување неделно рачно | Број на миење неделно рачно | Број на пометување неделно машинско | Број на миење **месечно** машинско со преден или заден млаз |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ресавска од Пионерска до Тиквешко востание | 1.330 | 2 | 1 | 1 | 2 |
| 3 | Вишешница цела со паркинг | 6350 | 2 | 1 | 1 | 2 |
| 3 | Гоце Делчев цела | 10.230 | 2 | 1 | 1 | 2 |
| 4 | М.Пијаде од круж. Тек до Г.Делчев | 4.320 | 2 | 1 | 1 | 2 |
| 5 | 8 ми септември цела | 5.230 | 2 | 1 | 1 | 2 |
| 6 | Д А Габер од 7ми Септември до Видео Смилевски | 6.450 | 2 | 1 | 1 | 2 |
| 7 | Пионерска цела | 5.540 | 2 | 1 | 1 | 2 |
| 8 | Ќиро Крстев од мост 7ми Септември до дрвен мост. | 3270 | 2 | 1 | 1 | 2 |
| 9 | Браќа Џунови од мост 7ми Септември до дрвен мост | 2650 | 2 | 1 | 1 | 2 |
| 10. | Б.Алексов од Ц.П.Ристов до спој со Мирче Ацев | 5540 | 2 | 1 | 1 | 2 |
| | **Вкупно** | **50.910** | | | | |

**Улици 3та категорија**

| Ред. Бр. | Улица | Квадратура М2 | Број на пометување неделно рачно | Број на миење месечно рачно | Број на пометување неделно машинско | Број на миење **месечно** машинско со преден или заден млаз |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Партизанска од Илинденска до Лазо Мицев | 1.470 | 2 | 2 | 1 | 2 |
| 2 | 11ти Октомври од Партизанска до лазо Мицев | 780 | 2 | 2 | 1 | 2 |
| 3 | Л.Мицев од Ц.Поп Ристов до Музичко училиште | 1.390 | 2 | 2 | 1 | 2 |
| 4 | Шишка од 7ми Септември до В.Смилевски | 6.620 | 2 | 2 | 1 | 2 |
| 5 | Никола Минчев спој со Бул.Македонија | 7.040 | 2 | 2 | 1 | 2 |
| 31 | Задругарска од втор тиаголник до Пиринска | 3600 | 1 | / | 1 | 2 |
| | **Вкупно** | **20.900** | | | | |

**Улици 4та категорија**

| Ред. бр | Улица | Квадратура М2 | Број на пометување неделно рачно | Број на миење месечно рачно | Број на пометување неделно машинс | Број на миење **месечно** машинско со преден или заден млаз |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ко | |
| 1 | В.Смилевски цела | 5.300 | 1 | / | 1 | 4 |
| 2 | Страшо Пинџур цела | 24.890 | 1 | / | 1 | 4 |
| 3 | К.Крстев од мост Слога до дрвен мост | 6.580 | 1 | / | 1 | 2 |
| 4 | М.Пијаде од Г.Делчев до Индустриска | 6.220 | 1 | / | 1 | 4 |
| 5 | Б.Миладинови од Киро Крстев до М.Ц.Цикот | 1100 | 1 | / | 1 | 2 |
| 6 | Бул.Македонија цела | 7900 | 1 | / | 1 | 2 |
| 7 | Љубашка од спој со Г.Делчев до Илинденска | 2480 | 1 | / | 1 | 2 |
| 8 | Слога од С.Пинџур до мост Слога | 2200 | 1 | / | 1 | 4 |
| 9 | Б.Џунови од Слога до Браќа Хаџитефови | 8400 | 1 | / | 1 | 2 |
| 10. | Бул.Ц.Димов | 8039 | 1 | / | 1 | 2 |
| 11 | Бул. В.Влаховиќ со паркинг УЈП | 7500 | 1 | / | 1 | 2 |
| 12 | Нас.Страшо Пинџур | 2035 | / | / | 1 | 2 |
| 13 | Нас.Бел Камен со паркинг | 5729 | 1 | / | 1 | 2 |
| 14 | Ленинова,Бошавска,Кирил и Методиј | 3000 | 1 | / | 1 | 2 |
| 15 | М.Ц.Цикот сала | 2950 | 1 | / | 1 | 2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Партизан до Тур.гробишта | | | | | |
| 16 | Дисанска од сала Партизан до стадион | 7980 | 1 | / | 1 | 2 |
| 17 | Браќа Х.Тефови | 1950 | 1 | / | 1 | 2 |
| 18 | Миле Вчков | 1550 | 1 | / | 1 | 2 |
| 19 | Никола Минчев од Б.Македонија до С.Бул. | 14230 | 1 | / | 1 | 2 |
| 20 | Бул.К.Рацин | 6900 | 1 | / | 1 | 2 |
| 21 | Ѓорѓи Соколов со дел од Б.Алексов | 7800 | 1 | / | 1 | 2 |
| 22 | Дисанска цела | 10320 | / | / | 1 | 2 |
| 23 | Шишка од В.Смилевски до нас.Глишиќ | 18840 | 1 | / | 1 | 1 |
| 24 | Индустриска од Тиквеш до ДИК С.Пинџур | 5760 | 1 | / | 1 | 2 |
| 25 | Народен Фронт | 3540 | 1 | / | 1 | 2 |
| 26 | Ќиро Крстев од мост Слога до Ваташко игралиште | 5520 | 1 | / | 1 | 1 |
| 27 | Орце Николов од бул.Македон ија до С.Булевар | 3500 | 1 | / | 1 | 1 |
| 28 | Западен Булевар од С.Булевар до спој со 8 ми Септември | 13920 | 1 | / | 1 | 2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 29 | Западен Булевар од спој 8ми Септември до Југокомерц | 10800 | / | / | 1 | 2 |
| 30 | Ресавска од раскрсница Пионерска до Ѓорѓи Сугаре | 4800 | 1 | / | 1 | 2 |
| | | | | | | |
| 32 | 16 Јуни од Ѓоре Брушански до 14 ти Мај | 3400 | / | / | 1 | 1 |
| 33 | 27ми Март | 4600 | 1 | / | 1 | 2 |
| 34 | с.Возарци | 7500 | / | / | 1 | 1 |
| 35 | 14ти Мај од Ѓоре Брушански до Ж.Дол | 4500 | / | / | 1 | 1 |
| 36 | М.Џ.Џикот од Турски гробишта со Клинска | 10700 | 1 | / | 1 | 2 |
| 37 | 4ти Мај од С.Пинџур до Ж.Дол | 3100 | / | / | 1 | 1 |
| 38 | Максим Горки од Илинденска до Б.Алексов | 4200 | 1 | / | 1 | 2 |
| 39 | Достоевски | 3900 | / | / | 1 | 1 |
| 40 | Раде Кончар од Шишка до Младост | 1100 | / | / | 1 | 1 |
| 41 | Младост цела до нас.Глишиќ | 3300 | / | / | 1 | 1 |
| 42 | Игман | 4000 | / | / | 1 | 1 |
| 43 | Словенска | 3800 | / | / | 1 | 1 |
| 44 | Прилепска | 3500 | / | / | 1 | 1 |
| 45 | Ќиро Спанџов | 5500 | 1 | / | 1 | 2 |
| 46 | Ѓоре | 7800 | / | / | 1 | 2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Брушански | | | | | |
| 47 | Киро Арсов | 1500 | / | / | 1 | 2 |
| 48 | Ристо Ѓондев | 1500 | / | / | 1 | 2 |
| 49 | Димче Мирчев | 1800 | 1 | / | 1 | 2 |
| 50 | Струшка | 1800 | / | / | 1 | 2 |
| 51 | Крсте Мисирков | 7200 | 1 | / | 1 | 2 |
| 52 | Охридска | 1100 | 1 | / | 1 | 2 |
| 53 | Кеј на река Луда Мара со нов дел | 15000 | 3 | / | 1 | / |
| 54 | Вардарска | 3500 | / | / | 1 | 2 |
| 55 | Доне Попов | 7800 | / | / | 1 | 2 |
| 56 | Северен Булевар | 12000 | / | / | 1 | 2 |
| | **Вкупно** | **335.833** | | | | |

1.Рачното пометување на улици ќе се врши со метла од заечка трава или сирка при што пометувањето ќе се врши на една третина од улицата т.е. тротоарот и 1 метар од коловозот каде што се собира и најголемата количина од смет а истото ќе се врши по цена од 0,48 д/м2

2.Миењето на улиците со црево и двајца извршители ќе се врши само на коловозот а цената за миење изнесува 0,88 д/м2

3.Машинското миење со предни или задни млазеви ќе се врши само на коловозот по цена од 0,1 д/м2

4.Машиското пометување ќе се врши по два метра од коловозот од двете страни,а ќе бидат опфатени претежно булевари и улици каде нема паркирано голем број на возила за да истото биде поефикасно а ке биде фактурирано 0,15 д/м2

За квалитетно и комплетно реализирање на Програмата и оперативниот план за работа потребни се 20 извршители а пометувањето и миењето на улиците ќе се врши во 1 ва и 3 та смена во зависност од временските услови и фреквенцијата на луѓе и возила.

Во самата програма се опфанати улици кои досега не биле ниту еднаш пометени и миени и истите се со поголема количина на наслаги од кал и песок на ивиците и потребно е прво гребење и собирање на истиот а потоа да се врши пометување и миење.

**-Приходен дел –**

Програмата за јавна чистота за 2018година во Општина Кавадарци се финансира од надоместокот за јавна чистота што се наплаќа на сметките за извршена услуга од страна на ЈП Комуналец Кавадарци спрема граѓаните на Општина Кавадарци.
Собраните средства се префрлаат месечно на Буџетот на Општина Кавадарци, и со прибраните средства се врши исплата за услугата што ја врши ЈП„Комуналец„согласно доставените документи за исплата .
Во 2018 година се планира да се соберат вкупно 2.500.000,00 денари од надоместокот за јавна чистота, а останатиот дел да се исплаќа одбуџетот на Локална самоуправа.

**-Расходен дел-**
РАЧНО МЕТЕЊЕ

1 ва кат. 46540 м2 / 3= 15513* 0.48 *312 = 2.323.277 ден
2 ра кат. 50910м2 /3 = 16970* 0.48 *104 = 847.142 ден
3 та кат. 17300м2 /3 = 5767 *0.48 *104 = 287.872 ден
4 та кат.272278м2 /3= 90759 *0.48 * 52 = 2.265.353 ден

**Вкупно средства за рачно пометување 5.723.644 ден**
РАЧНО МИЕЊЕ

1 ва кат. 46540м2 *2/3=31027 * 0.88 * 24 = 655.218 ден
2 ра кат. 50910м2 *2/3=33940 * 0.88 * 24 = 716.741 ден
3 та кат. 17300м2 *2/3=11533 * 0.88 * 12 = 121.780 ден

**Вкупно средства за рачно миење 1.493.739 ден**

МАШИНСКО МИЕЊЕ

1 ва кат. 46540м2 *2/3=31027 * 0.1 * 24 = 74.465 ден
2 ра кат. 50910м2 *2/3=33940 * 0.1 * 12 = 40728 ден
3 та кат. 17300м2 *2/3=11533 * 0.1 * 12 = 13840 ден
4 та кат. 297083м2 *2/3=198055 * 0.1 * 12 = 237.666 ден

**Вкупно средства за машинско миење 366.699 ден**

МАШИНСКО ПОМЕТУВАЊЕ
1 ва кат. 10000м2 * 0.15 * 52 = 78.000 ден
2 ра кат. 15560м2 * 0.15 * 52 = 121.368 ден

3 та кат. 3 880м2 * 0.15 * 52 = 30.264 ден
4 та кат.153204м2 * 0.15 * 52 = 1.194.991 ден

**Вкупно средства за машинско пометување 1.424.623 ден**
**Вкупно средства потребни за реализација на програмата за ЈПП 9.008.705 ден**

РАЧНО МЕТЕЊЕ

1 ва кат. 46540 м2 / 3= 15513* 0.48 *312 = 2.323.277 ден
2 ра кат. 50910м2 /3 = 16970* 0.48 *104 = 847.142 ден
3 та кат. 17300м2 /3 = 5767 *0.48 *104 = 287.872 ден
4 та кат.272278м2 /3= 90759 *0.48 * 52 = 2.265.353 ден

**Вкупно средства за рачно пометување 5.723.644 ден**
РАЧНО МИЕЊЕ

1 ва кат. 46540м2 *2/3=31027 * 0.88 * 24 = 655.218 ден
2 ра кат. 50910м2 *2/3=33940 * 0.88 * 24 = 716.741 ден
3 та кат. 17300м2 *2/3=11533 * 0.88 * 12 = 121.780 ден
**Вкупно средства за рачно миење 1.493.739 ден**

МАШИНСКО МИЕЊЕ

1 ва кат. 46540м2 *2/3=31027 * 0.1 * 24 = 74.465 ден
2 ра кат. 50910м2 *2/3=33940 * 0.1 * 12 = 40728 ден
3 та кат. 17300м2 *2/3=11533 * 0.1 * 12 = 13840 ден
4 та кат. 297083м2 *2/3=198055 * 0.1 * 12 = 237.666 ден

**Вкупно средства за машинско миење 366.699 ден**

МАШИНСКО ПОМЕТУВАЊЕ
1 ва кат. 10000м2 * 0.15 * 52 = 78.000 ден
2 ра кат. 15560м2 * 0.15 * 52 = 121.368 ден
3 та кат. 3 880м2 * 0.15 * 52 = 30.264 ден
4 та кат.153204м2 * 0.15 * 52 = 1.194.991 ден

**Вкупно средства за машинско пометување 1.424.623 ден.**

**Вкупно средства потребни за реализација на програмата за ЈПП 9.008.705 ден.**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Сл. Гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-4875/6**
**20.12.2017 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Програма за јавно зеленило за 2018 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за јавно зеленило за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-5167/7**
**22.12.2017 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр.5/2002 ), и член 5 став 1 точка 9 од Законот за комунални дејности („Сл. Весник на РМ" бр. 95/2012,163/2013,42/14,44/15 и 147/15 )и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05) Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.12.2017 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за Јавно зеленило за 2018 година

Со оваа Програма се планира начинот и динамиката на одржување на градското и вонградското зеленило, неговата обнова со засадување на нови садници и подигање на нови зелени површини. Програмата е направена согласно законските прописи и подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за комунални дејности, Закон за јавно зеленило, Закон за локална самоуправа, Статутот на Општина Кавадарци и други акти донесени од надлежните институции и Министерства.

Со Програмата за јавно зеленило се уредуваат или одржуваат следните површини:

- паркови

- кејови
- дрвореди
- кружни текови
- булевари
- заштитни зеленила

Со Програмата за јавно зеленило за 2018 година се планира да се зголемат површините со нови украсни садници и цвеќиња, што значително ќе придонесе за разубавување на зелените површини и урбаното подрачје. Исто така ќе се подобри квалитетот на одржување на постоечките зелени површини и обновување на старите дотраени садници од дрворедите и цветните површини.

Во Општина Кавадарци функционираат повеќе зелени површини коишто се уредени и се предмет на тековно одржување, инвестиционо одржување со обновување на нови дрвни видови, цветни и тревнати површини и тоа.

**Паркови во градот**

- Градски плоштад
- Градски парк
- Парк ОВР
- Спомен парк жртва на фашизмот, н.Ваташа
- Спомен парк Градски гробишта
- Парк Полана
- Парк на ул.Браќа Џунови
- Парк Солунска глава
- Спомен Куќа (Страшо Пинџур), Ваташа
- Парк Ваташа
-Брана Моклиште
- Црква Света Петка
- Сите Детски игралишта до колективни стамбени згради и јавни површини околу зградите
- Зелени површини во с.Марена
- Зелени површини во с.Возарци
- Зелени површини во населба Глишиќ

**Скверови низ градот**

- Сквер Киро Крстев
- Сквер пред Агенција за вработување, на ул. „7ми Септември“
- Сквер Плоштад, со биста на ул. „Тиквешко востание“
- Кеј „Блажо Алексов“ и „Димката Габерот“
- Бул. „Кочо Рацин“
- Бул. „Никола Минчев“
- Бул. „Моша Пијаде“

- Бул. „Западен Булевар“
- Кеј на река „Луда Мара“
- Бул. „Македонија“
- Бул. „Вељко Влаховиќ“
- Нов и стар кружен тек

**Дрвореди**

- Ул.”Илинденска”
- Ул.”Пано Мударов”
- Ул.”Гоце Делчев”
- Ул.”Моша Пијаде”
- Ул.”Пионерска”
- Ул.”Максим Горки”
- Ул.”ТиквеШко востание”
- Ул.”7ми Септември”
- Ул.”Задругарска”
- Ул.”Вишешница”
- Ул.”Народен Фронт”
- Ул.”Браќа Цунови”
- Ул.”Ленинова”
- Ул.”Дисанска”
- Ул.”Шишка”
- Ул.”Киро Крстев”
- Ул.”Видое Смилевски”
- Ул.”Никола Минчев”
- Ул.”Западен Булевар”
- Ул.”Кочо Рацин”
- Ул.”Блажо Алексов”
- Ул.”Димката Габерот”
- Ул. „Ресавска„
- Ул.„ Страшо Пинџур„

**Вкупно зелени површини за одржување во 2018 година:**

| | |
|---|---|
| -Тревни површини | 73.000 м$^2$ |
| -Цветни површини | 1.500 м$^2$ |
| -Патеки | 20.000 м$^2$ |
| **ВКУПНО** | **94.500 м$^2$** |

**Планирана обнова на зелени површини и дрвореди во градот**:

- Обнова на тревни површини и посадување на дрвни видови на Парк Полана, Киро Крстев и Браќа Цунови во делот над новоизградениот кеј на реката.

- Обнова и дополнување на дрворедите во градот и тоа на ул„Киро Крстев„ , ул„Брака Џунови„ ,ул„ 7 ми септември„ и ул„Гоце Делчев„.
- Посадување на 6000 бр.пролетно и летно цвеќе на Градски парк,Градски Плоштад,ул„Илинденска„ и Сквер кружно движење и бул.Моша Пијаде,
- Хортикултурно доуредување на локацијата на нов Зелен пазар на ул.Моша Пијаде
- Обнова и на други делови од градско зеленило каде ке има потреба од тоа или истото биде оштетено поради градежни работи .

**Приходен дел**

Оваа Програма се финансира од надоместот за јавно зеленило што се наплаќа на сметките на ЈП „Комуналец„.

Акумулиранaта вредност од месечните сметки ,ЈП „Комуналец„ ги префрла на сметката на Буџетот на Општина Кавадарци и истите се користат наменски за исплата на извршената услуга за одржување на зелените површини ,нивна обнова и проширување на истите ,согласно доставените документи за извршената работа.Оваа година се планира да се наплатат средства во износ од 6.000.000,00денари.

Разликата од 7.867.816,00ден. ќе се финансира од буџетот на Општина Кавадарци.

**ФИНАНСОВА ПРЕСМЕТКА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО**

**ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2018 ГОД**

| Р ред број | Работни операции | Површина во м2 | бр | Бр на извршувања | Цена во денари | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Машинско косење | 73000 | | 10 | 0,751 | 548.230 |
| 2 | Собирање трева | 73000 | | 10 | 0,352 | 256.960 |
| 3 | Износ и транспорт на трева | 73000 | | 10 | 0,11 | 80.300 |
| 4 | Полевање трева | 73000 | | 30 | 0.324 | 709.560 |
| 5 | Окопување | | 1 | | | 104.004 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | грмушки и ружи | | 500 | 6 | 11.556 | |
| 6 | Кроење грмушки и ружи | | 1<br>500 | 1 | 12.545 | 18.818 |
| 7 | Метење патеки | 20000 | | 5<br>0 | 0.216 | 216.000 |
| 8 | Собирање хартија и отпадоци | 95000 | | 5<br>0 | 0,055 | 261.250 |
| 9 | Окопување на цветни површини | 1500 | | 1<br>0 | 12,233 | 183.495 |
| 1<br>0 | Садење сезонско цвеќе | 1500 | | 2 | 23,312 | 69.936 |
| 1<br>1 | Посадување на цветен расад | | 6<br>000 | 2 | 25 | 300.000 |
| 1<br>2 | Гребулање и собирање на лисник | 73000 | | 1<br>0 | 1,252 | 913.960 |
| 1<br>3 | Утовар и превоз на лисник | 73000 | | 1<br>0 | 0,200 | 146.000 |
| 1<br>4 | Окопување на дрвореди | | 1<br>800 | 5 | 10,113 | 91.017 |
| 1<br>5 | Полевање на млади дрвореди со цистерна | | 4<br>00 | 1<br>0 | 14,235 | 56.940 |
| 1<br>6 | Кроење дрвореди | | 5<br>00 | 1 | 250 | 125.000 |
| 1<br>7 | Прехрана на цветни површини | 1500 | | 3 | 15 | 67.500 |
| 1<br>8 | Сечење на суви дрвја | | 1<br>00 | | 350 | 35.000 |
| 1<br>9 | Сечење на жива ограда | 2000 | | 5 | 11,235 | 112.350 |
| 2<br>0 | Сечење ивици | 10000 | | 2 | 4,176 | 83.520 |
| 2<br>1 | Чување градски парк и 12 Скоевци | | 3 | 12 | 25000 | 900.000 |
| 2<br>2 | Подигање на нови тревни површини | 4000 | | | 88 | 352.000 |
| 2<br>3 | Посадување декоративни садници | | 1<br>00 | | 600 | 60.000 |
| 24 | Уништување коров по патеки и речно корито | 15000 | | 3 | 10,24 | 460.800 |
| 2<br>5 | Посадување садници во дрворед | | 1<br>00 | | 1200 | 120.000 |
| 2<br>6 | Посадување висококвалитетни садници во дрворед | | 1<br>00 | | 1850 | 185.000 |
| 2<br>7 | Посадување грмушки | | 3<br>50 | | 500 | 1<br>75.000 |
| 2 | Посадување | | 1 | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | висечки љубичици | | 00 | | 100 | 10.000 |
| 29 | Посадување украсни зелки | | 100 | | 100 | 10.000 |
| 30. | Висечки љубичици | | 100 | | 150 | 15.000 |
| | ВКУПНО : | | | | | 6.667.640 |
| | | | | ДДВ 18 % | | 1.200.176 |
| | СЕ ВКУПНО : | | | | | 7.867.816 |

**Вкупно потребни средства за реализација на Програмата за јавно зеленило за 2018 година се 7.867.816,00 денари.**

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Сл. Гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-4875/7**
**20.12.2017 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**

**Програма за развој на Општина Кавадарци за 2018 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за развој на Општина Кавадарци за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5167/8**
**22.12.2017 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр.5/2002) член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ( „Сл. Гласник на општина Кавадарци„ бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.12.2017 година, донесе

# и. ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2018 година

**ВОВЕД**

Општините со Законот за локална самоуправа од 2002 година, имаат надлежност и улога да го водат и спроведуваат планирањето на локалниот економски развој, покрај приватниот сектор како главен двигател на локалниот економски развој.

Програмата за локален економски развој претставува дефиниран збир на проекти кои се планира да се реализираат во текот на 2018 година, и кон кои воглавно ќе бидат насочени активностите на Секторот за Развој. Реализацијата на оваа Програма ќе обезбеди континуиран одржлив развој на општината кој треба да го подобри нивото на животниот стандард на жителите на општина Кавадарци.

Програмата за развој воглавно е ориентирана кон зголемување на буџетските приходи од донации, од меѓународни агенции и фондации, како и кон ефикасно искористување на претпристапните фондови од ИПА 2 Програмата и очекуваните кохезиони фондови.

Програмата и програмските активности се усогласени со Стратегијата за иновации на Р. Македонија 2012- 2020, Националната стратегија за одржлив развој 2009-2030, Националната стратегија за интеграција на Р.М во Европската Унија, Стратешкиот документ за помош на земјата од ЕУ за периодот 2014-2020, Националната Стратегија за Рурален Развој за 2012-2017, Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост на Р.Македонија за периодот 2010 – 2020, како и со Милениумските цели согласно последниот извештај за релизацијата, Милениумските цели на Р. Македонија од 2010 година, Агенда 21 и последните промени од РИО+20.

**НОСИТЕЛИ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ**

Носител на Програмата за Развој е Секторот за Развој на општина Кавадарци кој во соработка и координација со Градоначалникот ја изготви оваа Програма и истиот ќе биде одговорен за реализација на програмските активности. Секторот за Локален Економски Развој е кадровски екипиран со дванаесет лица високо стручен кадар одговорни за спроведување на програмските активности.

**ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Програма ке се реализира од следниве извори на Финансирање:

- Буџет на Општина Кавадарци,
- Буџетот на Р. Македонија,
- Меѓународни донатори присутни во Република Македонија,
- Фондови достапни по Програми на Европска Унија,
- Јавно - приватно партнерство помеѓу Општината и бизнис секторот.

Програмата е концепирана во следниве поглавја:

1. Локален и регионален развој
3. Рурален развој
4. Туризам

5. Екологија- Енергетска ефикасност
6. Развој на информатичка технолигија
7. Образовние и Социјала
8. Извори на финансирање

**ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

**1. ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ / Регионален развој**

**Реализација на проект по пат на задолжување во МСИП 2**

Проектот „Реконструкција на коловоз на улици и булевари во населено место Кавадарци – ул.Цано Поп Ристов, Пано Мударов, Едвард Кардељ, Моша Пијаде и Цветан Димов" е донесен како приоритетен проект на Општина Кавадарци, за аплицирање на проектот по објавениот јавен повик МСИП 2- 01/2016 од страна на Министерството за Финансии на Република Македонија.
Проектот опфаќа реконструкција на коловоз на следните улици и булевари: Цано Поп Ристов, Пано Мударов, Едвард Кардељ, Моша Пијаде и Цветан Димов, со вкупна вредност од 34 384 003 денари. Реализацијата на овој проект ке се спроведе преку домашно задолжување преку министерството за финансии на Р. Македонија

**Проект "Подобрување на патната инфраструктура во микро-регионот Росоман, Кавадарци, Неготино преку реконструкција на дел од Северен булевар во општина Кавадарци".**

Целта на овој проект е реконструкција на коловозната конструкција од раскрсницата со Западен булевар до раскрсницата со бул.Никола Минчев. Северен булевар е сообраќајница која го поврзува северниот дел од градот со централното подрачје, а исто така овозможува поврзување на градот до државната патна мрежа. Со реализацијата на овој проект ќе се добие оптимално решение и поволни технички и техничко – експлоатациони карактеристики на предметната делница со што во иднина би се овозможил побезбеден и поекономичен сообраќај. Вкупната должина за реконструкција на коловозот изнесува 445 метри. Проектот ќе се реализира со финансиска поддршка од страна на Бирото за регионален развој. Вардарскиот плански регион ќе ја изготви апликативната форма во соработка со општина Кавадарци и ќе аплицира по јавниот повик за финансирање на проекти за развој на планските региони. Вкупната сума на проектот изнесува 11 812 154 денари, од кои 4 312 154 денари ќе се обезбедат од буџетот на општина Кавадарци за 2017 година, додека останатите 7 500 000 денари се учество на Бирото за регионален развој.

**Реконструкција на стадионот кај спортска сала Јасмин**

Со овој проект во текот на 2018 година предвидени се следните активности:

1. Изградба на трим патека
2. Поставување на лизгалиште
3. Покривање на постоечкиот базен.

Првите две активности се предвидени да се реализираат со финансиска поддршка од Агенцијата за Млади и спорт, додека третата активност ќе се реализира по пат на Јавно приватно партнерство.

**Прекугранична соработка**

- Во делот на прекуграничната соработка, секторот за Локален економски развој ќе оствари средби со три партнери од Грчка страна, на кои што средби ќе се дефинираат приоритетните области и проекти по кој што ќе се аплицира во 2018 по повикот за ИПА II за прекугранична соработка со Грција. Општина Кавадарци ќе го искористи дозволениот лимит за учество со три проекти во двете оски- Подршка и развој на локалниот економски развој и Заштита на животната средина- транспорт.

**Бизнис информативен и иновативен центар – БИЦ**

Ставање во функција на Бизнис информативниот центар, во соработка со регионалната стопанска комора.

Проектот „Бизнис информативен и иновативен центар – БИЦ„ кој се реализираше по ИПА Програмата 2007-2013, компонента 2 за погранична соработка со Р.Грција во соработка и партнерство со општина Едеса од Р.Грција, има за цел да ги зајакне инфраструктурните, институоаналните и кадровските капацитети за подршка на Бизнис секторот во пограничниот регион со Р. Грција. Со овој проект се изгради и целосно опреми бизнис информативниот и иновативен центар во поткровјето на зградата на домот на Културата, за остварување на бизнис средби во прекуграничниот регион, ќе биде во функција на поттикнување на претприемаштвото преку едукации за самовработување и предквалификација.

**Проект„РеЛОаД"- регионална програма за локална демократија во Западен Балкан**

- Општина Кавадарци за 2018 година конкурира како пилот општина за реализација на проектот РЕЛОАД, финансиски подржан од Европската Унија а имплементиран од страна на УНДП. Општина Кавадарци до колку биде избрана за пилот општина за периодот 2018-2019 година планирано е да реализира финансиски средства во висина од 120 000 евра, од кои во 2018 година ќе се реализираат 60 000 евра, а општина Кавадарци ќе учествува со 10% или 6 000 евра за 2018 година. Проектот е наменет да го зајакне партнерството помеѓу локалните власти и граѓанското општество во Западен Балкан. Проектот ќе овозможи да помогне на локалните власти на транспарентен начин, да ги финансира предлог проектите од невладините организации базиран според потребите на граѓаните. Проектот ќе биде дел од програмата за Невладини организации за 2018 година.

**Грант за успешност**

Општина Кавадаци успешно го реализираше проектот за подобрување на општинските услуги за реконструкција на ООУ Тоде Хаџи Тефов, СОУ ДОбри Даскалов, СОУ Ќиро Спанџов Брко. Согласно договорот за заем за проектот за подобрување на општинските услуги, по успешното имплементирање на проектот, општината има можност да добие дополнителни грант средства во износ од 3 000 000 денари. За таа цел општината во текот на 2018 година ќе аплицира со проектот за реконструкција на улица Мито Хаџивасилев Јасми (делот од СОУ„ Добри Даскалов" до спој со Илинденска) во висина од 3 200 000 денари. Општината ќе обезбеди финансиски средства во буџетот за 2018 година, во висина од 200 000 денари во вид на кофинансирање.

**Изработка на база на претпријатија**

Во соработка регионална стопанска комора ке се изработи детална база со сите карактеристики на фирмите по дејност по обем на бизнис, суровини број на вработени. Ова база ке овозможи повисок степен на промоција на фирмите од општина Кавадарци. За да може да се реализираат што поефикасно и попрактично предвидените активности од областа на локалниот економски

развој потребно е да се има свежа база на податоци со сите правни субјекти кои работат на територијата на Општина Кавадарци

КОНСУЛТАНСКИ УСЛУГИ
-Консултански услуги за изработка на студија за придобивките од изградба на инфраструктура за користење на когенеративна топлина на природен гас во Општина Кавадарци, елаборат за определување и одредување на заштитни зони на зафатот за водоснабдување на Стара Река како и за други консултатски услуги за потребите на Општина Кавадарци.

**Воведување на ИСО стандарди**

Целта на овој проект е имплементација на Стандард за систем за управување со квалитет согласно меѓународните барања, а која ќе воведе нови стандарди во начинот на работа и во пристапот кон граѓаните. Одговорна општинска администрација подразбира систем на организација на работни задачи, одговорности и систем на контрола, која беспрекорно ќе ја реализира улогата на сервис на граѓаните.

ISO 9001:2015 е најупотребуваниот стандард за менаџирање на квалитетот и е создаден околку седум принципи на менаџирање на квалитетот и тоа:
- Фокус кон корисниците
- Лидерство
- Вклученост на луѓето
- Подобрување
- Приод кон процеси
- Управување со врски
- Донесување на одлуки врз база на докази

Со воведувањето на новиот стандардот ISO9001:2015 општината покажува дека нуди услуги со постојан квалитет и услугите се ориентирани кон граѓаните во законска рамка, дека општината го зголемува позитивното искуство на граѓаните при извршување на надлежностите на општината и ќе се зголеми функционалноста на општинската администрација.
Имплементацијата на ИСО стандардите ке се реализира со средства од општинскиот буџет. За имплементацијата на Првата фаза од ИСО стандардите од буџетот на општината ќе се предвидат средства во висина од 300 000 денари, додека за имплементацијата на втората фаза 200 000 денари.

**Услуги за превод**

За потребите на одделението за јавни набавки за правилна примена на измените во законот за јавни набавки, член 36а и член 54 од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/2014) како и за потребите на секторот за Локален економски развој, за конкурентно аплицирање пред странски и домашни донатори, од буџетот на општина Кавадарци ќе се обезбедат средства во висина од 100 000 денари, за услуги за превод на тендерска и проектна документација.

**Проект„ Општинско корисна работа”, финансиски поддржан од УНДП и Министерството за Труд и Социјална политика**.

Проектот за општинско корисна работа е финансиски поддржан од програма на Обединетите нации –УНДП и Министерството за Труд и Социјална политика. На територијата на општина Кавадарци ќе се реализира во периодот од 1-ви Октомври до 31-ви Март 2018 година. Времено се ангажирани 12 невработени лица, како негователи во период од 6 месеци, со раbотен ангажман од 20 работни часа неделно и надоместок од 6200 денари. Општината го

финансира делот за персонален данок на секое ангажирано лице. Ангажманот на лицата се состои од пружење елементарна помош и грижа за стари и изменоштени лица, и лица со оштетен вид на кои им е неопходна подршка и помош. Потребно е да се предвидат финансиски средства во висина од 148 000 денари во буџетот за 2018 година.

**Локална солидарност - глобална солидарност – проект-вмрежување на градови**

Целта на проектот е да се воспостави долготрајна соработка со цел да се создадат и имплементираат нови политички алатки кои им овозможуваат на локалните заедници да имаат влијание врз глобалната и европската солидарност во време на институционална и хуманитарна криза.
Преку 5 транснационални настани, градење на мрежа и локални активности ќе се постигне:

• Интеракција со заедниците, локалните акциони групи, активистите и креаторите на политиките
• Подигање на свеста за политиките и компетенциите на ЕУ во однос на основните вредности
• Разбирање на подобри глобални политики, меѓузависности и феномени кои ги обликуваат секојдневните искуства на граѓаните
• Дознајте за влијанието на одлуките на ЕУ врз локалното и глобалното опкружување
• Најдете заеднички решенија за промовирање на развојот на локалната и глобалната солидарност
• Промовирање на можности за општествен ангажман на сите европски нивоа
• Ширење на алатки и добри практики на локална и глобална солидарност.

Исходот од проектните активности ќе биде Мрежа на партнери солидна за дизајнирање, тестирање и дисеминација на упатства за нова политика - "Прирачник за солидарност 2020" корисна за лидерите на заедницата, политичарите и другите релевантни засегнати страни, во концептот на европско државјанство. Финансиски средства во висина од 100 000 денари, ќе се обезбедат во буџетот за 2018 година.

## *2. РУРАЛЕН РАЗВОЈ*

**Изработка на урбанистички планови за населените места – с.Сопот, с.Марена, с.Возарци, с.Дреново**

Проектот за изработка на урбанистички планови за населените места – с.Сопот, с. Марена, с.Возарци и с.Дреново е одобрен од Агенцијата за финансиска подршка во земјоделието и руралниот развој. Со овој проект се изработуваат урбанистички планови во горенаведените четири села во подрачјето на општина Кавадарци. Со урбанизацијата се услогасуваат ново настанатите потреби на граѓаните кои живеат во овие села како и задоволувањето на потребите на стопанските субјекти согласно нивните развојни планови. Вкупната површина опфатена со урбанизацијата изнесува 275 хектари, односно 71 хектар за с.Возарци, 29 хектари за с. Дреново, 113 хектари за с.Марена и 62 хектара за с. Сопот. Финансиските средства за реализација на овој проект изнесуваат 7 710 120 МКД, од кои 6 534 000 денари, се донација од Агенцијата за финансиска подршка во земјоделието и руралниот развој.

Изработени урбанистичките нацрт планови за с.Сопот, с.Марена и с.Дреново, а останува да се изработи урбанистичкиот план за с.Возарци. Исплатениот износ спрема изработувачот изнесува 3 431 704 денари. Во 2018 година за исплата остануваат 4 278 416 денари.

**Изработка на урбанистички планови за населените места – с.Брушани, с.Ресава, с.Дабниште, с.Бегниште, с.Раец, сБојанчиште и с.Рожден”**

Проектот за изработка на урбанистички планови за населените места- с.Брушани, с.Ресава, с.Дабниште, с.Бегниште, с.Раец, сБојанчиште и с.Рожден е одобрен од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој. Проектот опфаќа урбанизација на седум населени места. Вкупната површина што ке биде опфатена во урбанизациите изнесува 248,71 хектари, односно за населено место с.Брушани 85.28 хектари, с.Ресава со вкупна површина од 82 хектари, с.Дабниште со вкупна површина од 14.86 хектари, с.Бегниште со вкупна површина од 26,26 хектари, с.Раец со вкупна површина од 10,1 хектар, с.Бојанчиште со вкупна површина од 10,99 хектари и с.Рожден со вкупна површина од 19,22 хектари.

Со урбанизацијата ќе се усогласат ново настанатите потреби на граѓаните кои живеат во овие населени места- села како и задоволувањето на потребите на стопанските субјекти согласно нивните развојни планови.

Финансиските средства за изработка на урбанистичките планови се со вкупен износ од 9,226.553,57 денари кои ќе се обезбедат во целост од Буџетот на Општина Кавадарци програма за урбано планирање Ф, а ќе бидат рефундирани по одобрување на прифатливите трошоци од страна на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделието и рурлниот равојво висина од 82%од вкупниот буџет.

**<u>Поддршка за искористување на средствата од ИПАРД</u>**

Со цел искористувањето на средствата од програмите за финансиска поддршка од ИПАРД, како и олеснување на пристапот на земјоделците од општина Кавадарци до средства со кои ќе можат да го прошират сопственото производство, општината ќе организира советување за земјоделците со преставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за поттикнување на развој на земјоделството и со други експерти.

**<u>Изградба на канализација во село Раец.</u>**

Согласно основниот проект за изградба на канализационен систем во селото Раец, во 2018 година предвиден е да се реализира Крак 1 – Втора фаза во висина од 3 200 000 денари со вклучен ддв. Планирано е проектот да се финансира со средства од Министерството за животна средина.

## *3. ТУРИЗАМ*

**<u>Интегрирана програма за развој на Туризмот во општина Кавадарци</u>**

Овој под-проект опфака повеќе активности кои ќе придонесат кон подобрувањето на туристичката понуда во општина Кавадарци . Со под-проектот се предвидува:

- Поставување на Туристичко информативно биро и набавка на канцелариска опрема.
- Поставување на електронски туристички билборд во центарот на градот
- Поставување на три вински порти со атрибути на лозарство и винарство
- Поставување на 30 унифицирани дрвени патокази што ќе го покажуваат културниот потенцијал и историско наследство на Тиквешијата.
- Поставување на седум стандардизирани патокази на коридор 10 (гранични премини со Р.Грција и р.Србија) и на клучните излези од автопатот кон општина Кавадарци

- Поставување на 16 патокази за велосипедска патека Кавадарци-Мрежичко-Алшар во должина од 152км
- Мапирање и одбележување на планинарска патека Мушов гроб-Васов град-Мрежичко во должина од 15 км
- Поставување на 4 летниковци со клупи и место за пикник на велосипедската и планинарската патека, на места кај што има пристап до вода, со уредување на чешми.
- Дизајн и печатање на туристичко информативни материјали
- Изработка на стратегија за развој на туризмот
- Промоција на локалните производи на мегународни саеми

Под-проектот е аплициран по објавениот повик во рамките на проектот за локална и регионална конкурентвост во областа на туризмот.

**<u>Проект за изградба на велосипедска патека</u>**

Проектот за изградба на велосипедска патека од с.Ваташа – Моклишко езеро, планиран да се аплицира по вториот повик за локална и регионална конкурентвост во областа на туризмот, кој што се очекува да се објави во почетокот на 2018 година.

**<u>Проект за реконструкција и адаптација на Винска Куќа Кавадарци</u>**

- Во рамките на вториот повик за Локална и Регионална конкуренција, општина Кавадарци во текот на 2018 година ќе аплицира со проектот за реконструкиција и адаптација на Винска Куќа во висина од 2 000 000 денари. Планирани се и други инфраструктурни проекти во насока за подобрување на туризмот.

**<u>Фондација „ Кластер за Туризам на Тиквешкиот регион</u>**

Во 2015 година, Советот на општина Кавадарци донесе одлука за пристапување на општина Кавадарци како еден од основачите на Фондацијата „Кластер за Туризам на Тиквешкиот регион. Општина Кавадарци во 2018 година ке обезбеди подршка на кластерот согласно усовената програма за дејствување на Фондацијата, мисијата, визијата и стратешките цели. Средства во висина од 120 000 денари ќе се предвидат во буџетот за 2018 година.

## 4. *ЕКОЛОГИЈА*

**<u>Подобрување на Енергетската ефикасност во објектите за колективно домување</u>**

Проектот има за цел да ја подобри енергетската ефикасност во објектите за колективно домување во општина Кавадарци. Проектните активности ќе се спроведуваат во партнерство со Американската агенција за обнова и развој

Проектот ќе биде финансиски поддржан од буџетот на Општина Кавадарци, Програма ГА, во висина од 30% од вкупниот износ од заедничките делови од стамбена зграда за колективно домување за секоја одобрена апликација, поднесена од заедница на станари или од мнозинството на сопственици на посебните делови од стамбената зграда-апликант. Вкупниот износ за реализација на овој проект е димензиониран во Буџетот на општина Кавадареци во износ од 4.000.000 денари. На имплементацијата на овој проект ѓе му претходи измена на правилникот за доделување на субвенции за енергетска

ефикасност како и јавен повик за прибирање на апликации од станарите во стамбените згради за колективно домување.

**Мерки за енергетска ефикасност**

Проектот има за цел да го подржи заеднчикото одделение за енергетска ефикасност во насока на зголемување на енергетската ефикасност во институциите кои се во належност на општината. Подршката изнесува 300.000 денари на годишно ниво по договор бр. 08-3668/1 од 29.07.2013 година како дел од вкупните трошоци, потребни за плати и оперативните трошоци за функционирање на заедничкото одделение.

**Соработка помеѓу општина Кавадарци и Уневерзитет „Гоце Делчев" Штип**

Општина Кавадарци и Униврзитетот „ Гоце Делчев" од Штип, потпишаа меморандум за соработка со што односите помеѓу двете институции ќе се зајакнат во областите од заеднички интерес. Во 2018 година во соработка со универзитетот е планирано да се поставаат три мерни станици за мерење на квалитетот на воздухот, истите ќе се обезбедат како донација од универзитетот.

**Проект за подобрено менаџирање на заштитени зони**

Општина Кавадарци преку проектот "Подобро менаџирање на заштитени зони" финансиран од УНДП спроведен во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, планира да го унапреди подрачјето на Тиквешкото езеро. Со овој проект ќе се промовира поодржливо користење на природните ресурси и ќе се развијат форми на управување, и истиот да се стави во фукнција на развој на туризмот.

## 5. *РАЗВОЈ НА ИНФОРМАЦИСКА ТЕХНОЛОГИЈА*

**Изработка на нова веб страница на општина Кавадарци**

Изработка на нова веб страница на општина Кавадарци во 2018 година, при што ќе бидат трансферирани и обновени дел од податоците од старата веб страна, со цел да се зачува транспарентноста и отчетноста кон граѓаните. Во буџетот за 2018 година, предвидени се средства во висина од 200 000 денари.

**Поставување на бесплатна интернет wifi зона во градот на точно одредени позиции**

- Поставување на бесплатен интернет wifi зона на Плоштад Маршал Тито, црква Св.Петка, ул Илинденска (од плоштад до стара автобуска станица), кеј на Луда Мара и Мало паркче – проектот ќе биде реализиран во соработка со интернет оператори во општина Кавадарци , во форма на донација за 2018 година. Во буџетот на општината ќе се предвидат финансиски средства во висина од 50 000 денари потребни за купување на соодветна опрема за користење на интернет.

**Проект за воведување на Е-Совет**

Со проектот е предвидено доставување на седничниот материјал до советниците по електронски пат. Со реализацијата на овој проект ќе се направи значителна заштеда во делот на трошењето на канцелариските материјал.

## 6. *ОБРАЗОВАНИЕ И СОЦИЈАЛА*

***Изградба на Детска Градинка***

Новата детска градинка е планирано да се изгради на локација на улица Ресавска.Општина Кавадарци поднесе апликација до Министерството за труд и социјална политика која се очекува да се прифати со што градинката би се изградила со кофинансирање во висина од 50% од Буџетот на Владара на РМ и 50% сопствено учество од Буџетот на општина Кавадарци.
Реализацијата на овој проект значително ќе придонесе кон решавање на проблемот со недоволниот капацитет на постоечките објекти за згрижување на деца од предшколска возраст.

**Фондации за стипендирање и помош на талентирани ученици**

Општина Кавадарци ке обезбеди буџетски средства за подршка и помош на талентирани ученици и стипендии, со цел да ги охрабри младите талентирани ученици да продолжат со својата креативност и успеси во насока на градење на професионален кадровски капацитет. Проектот предвидува соработка на локалната самоуправа со приватниот сектор и со странските донатори за основање на фонд со кој секоја година ќе се стипендираат најдобрите ученици и спортисти. Проектот е во функција на натамошно јакнење на свеста кај граѓаните на локално ниво за значењето на образованието, но исто така, и во насока на поттикнување на претприемачки дух и конкуренцијата, која секогаш раѓа нов квалитет. За реализацијата на овој проект се издвоени средства од страна на Општина Кавадарци во износ од 300.000 МКД. Талентираните ученици по претходно поднесено барање – пријава, ќе бидат селектирани од страна на посебна комисија која ќе донесе правилник за утрвдување на критериумите за доделување на истите.

**Реконструкција на ООУ„Страшо Пинџур„ с. Марена,**

Со проектот е предвидена преадаптација и реконструкција на училиштето во село Марена во градинка.

**Транспарентна општина**

Транспарентноста и отчетноста, надополнети со партиципативноста, се основни принципи на доброто владеење и се клучни за јавноста да има информации и увид, но и да учествува во креирањето на општествените политики. Она што е од огромно значење е граѓаните во што поголема мера да партиципираат во процесот на донесувањето на одлуки и во креирањето на локалните политики и важните стратешки документи , кои што нив директно или индиректно ги засегаат. Основната хипотеза поаѓа од тоа дека за да се даде одговор на прашање и да се изнајдат соодветни решенија за унапредување на ова политика и зајакнување на капацитетите на општината во поглед на транспарентност, отчетност и партиципативност.

## 7. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

- Реализација на проект по пат на задолжување во МСИП 2. Сумата за реализација на проектот во висина од 34 384 003 денари, ќе се реализира во форма на кредит-домашно задолжување во 2018 година.
- Проект "Подобрување на патната инфраструктура во микро-регионот Росоман, Кавадарци, Неготино преку реконструкција на дел од Северен булевар во општина Кавадарци". Сумата од 4 312 154 денари ќе се предвидат во буџетот за реализација на проектот.

- Проект„РеЛОаД”- регионална програма за локална демократија во Западен Балкан. Вкупната сума предвидена за 2018 година за реализација на проектот изнесува 66 000 евра/4 059 000 денари,

- Грант за успешност. Како дел од МСИП проектот во 2018 година ќе се предвидат средства во висина од 3 200 000 денари.

- Консултантски услуги за изработка на проекти, елаборати и ревизија на проекти. Вкупната сума од 1 000 000 денари ќе се обезбеди од буџетот на Општината.

- Воведување на ИСО стандарди.За реализација на двете фази од имплементацијата на воведувањето на ИСО стандардите во 2018 година, во буџетот ќе се превдидат средства во висина од 500 000 денари.

- Услуги за превод, за потребите на одделението за јавни набавки и секторот за локален економски развој потребно е да се предвидат 100 000 денари во буџетот за 2018 година.

- Проект„ Општинско корисна работа”, финансиски поддржан од УНДП и Министерството за Труд и Социјална политика. Во буџетот за 2018 година, потребно е да се предвидат финансиски средства во висина од 148 800 денари, средства потребни да се исплата на ангажираните лица до месец Март 2018.

- Локална солидарност = глобална солидарност-Предлог проект за мрежи на градови. Финансиски средства во висина од 100 000 денари е потребно да се предвидат во буџетот за 2018 година.

- Изработка на урбанистички планови за населените места-с.Сопот, с.Марена, с.Возарци и с.Дреново. Од 2016 година за исплата остануваат 4.278.416 денари, и истите средства се обезбедени како грант од АФПЗРР во висина од 82% од вкупната вредност а 18% ( износот на ДДВ) од буџетот на општина Кавадарци.

- Изработка на урбанистички планови за населените места – с.Брушани, с.Ресава, с.Дабниште, с.Бегниште, с.Раец, сБојанчиште и с.Рожден”. Финансиските средства во висина од 9 226 553, 57 денари е потребно да се предвидат во буџетот за 2018 година.

- Изградба на канализација во село Раец. Сумата потребна за реализација на проектот изнесува 3 200 00 0 денари и истите е потребно да се предвидат во буџетот за 2018 година.

- Проект за реконструкција и адаптација на Винска Куќа Кавадарци, за реализација на овој проект е потребно да се предвидат средства во висина од 2 000 000 денари.

- Фондација„ Кластер за Туризам на Тиквешкиот регион, во 2018 година ке обезбедат средства во видина од 120 000 денари како подршка на кластерот согласно усвоената програма за дејствување на Фондацијата.

- Подобрување на Енергетската ефикасност во објектите за колективно домување. Со цел подобрување на енергетската ефикасност на зградите за колективно домување во буџетот за 2018 година, потребно е да се предвидат средства во висина од 4 000 000 денари.

- Мерки за енергетска ефикасност. Потребно е да се предвидат финансиски средства во висина од 300 000 денари.

- За изработка на нова ВЕБ страница на општина Кавадарци, потребно е да се предвидат средства во висина од 200 000 денари.

- Поставување на бесплатна wifi зона во општина Кавадарци. За реализација на овој проект потребно е да се предвидат средства во висина од 50 000 денари,
- Фондации за стипендирање и помош на талентирани ученици. Финансиски средства во висина од 300 000 денари, потребно е да се предвидат во буџетот за 2018 година.

**Распоред на Буџетски средства**

Активностите од оваа програма се финансираат со посебни ставки од Буџетот на општината. Проектните активности се предвидени во буџетот на општината во Г програмата која содржи три потпрограми Г1, Г2 и ГА, програмата Ј-комунални дејности од буџетот на општината и програмата за урбано планирање Ф.

**Завршни Одредби**

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-4875/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**20.12.2017 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**

**Програма за развој на невладиниот сектор**
**на Општина Кавадарци за 2018 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за развој на невладиниот сектор на Општина Кавадарци за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5167/9** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2017 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр.5/2002) член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ( „Сл. Гласник на општина Кавадарци„ бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.12.2017 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР ЗА 2018 година

## ВОВЕД

Програмата за развој на Невладиниот сектор на Општина Кавадаци е креирана врз основа на член 36 од Законот за Локална Самоуправа ( Сл. Весник на РМ бр.5/02 ) и член 49 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ“, бр. 52/2010 и 135/2011, 55/2016), и врз основа на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и Фондации ( сл. Весник на РМ бр.130/2007)

**Оваа Програма има за цел:**

- унапредување на соработката помеѓу Општина Кавадарци и здруженија и фондации, преку воспоставување на механизми за соработка.
- да ја зголеми транспарентноста и отчетноста на Општина Кавадарци преку зголемување на протокот на потребни информации помеѓу Општината и граѓанските организации.
- иницирање на поголема партиципативност на граѓанскиот сектор, преку негово директно вклучување во работењето на Општина Кавадарци.
- да ја подобре и зајакне соработката на Општина Кавадарци со Здруженијата и Фондациите.
- да ја стимулира работата на НВО – Секторот.
- да ги зајакне кадровските капацитети на Здруженијата и Фондациите.

## НОСИТЕЛИ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ

Програмските активности предвивдени во Програмата за Развој на Невладиниот Сектор ќе ги реализира Секторот за Развој на Општина Кавадарци, кој во соработка и координација со Градоначалникот ја изготви оваа Програма.

## СОДРЖИНА

Во Општина Кавадарци има исклучително активен граѓански сектор кои делуваат во повеќе области и нивните активности и програми се во насока на подобрување на квалитетот на животните стандарди на граѓаните на Општина Кавадарци со придонес кон пошироката зедница.

Оваа Програма ги опфаќа следниве активности:

**Јакнење на капацитетите на граѓанскиот сектор**

Истражување на потребите на НВО секторот, ќе се изработи проценка на потребите на невладини организации во општината за да се утврдат предностите, слабостите, можностите и ризиците на тековните програми за развој на граѓанските организации во Општина Кавадарци.

- Обезбедување на финансиски услови за невладините организации за непречено функционирање преку распишување на јавен повик за распределба на финансиски средства за проекти и проектни активности за 2018 година, со цел да се зајакнеме нивната ефикасност и придонес кон локалната заедница.

  Средствата ќе бидат обезбедени од Проектот за регионална програма за локална демократија во Западен Балкан (ReLOad), финансиран од Европската Унија и спроведен од UNDP, а каде Општина Кавадарци е една од првите пет пилот општини каде ќе се имплементира во периодот 2018-2019 и за што има добиено средства во висина од 120 000 евра, односно по 60.000 евра за секоја година.

- Изработка на регистар на НВО во Кавадарци кој ќе биде достапен јавно на веб страната на Општина Кавадарци.

- Изработка на Методологија за распределба на финансиските средства кои ги доделува општината за поддршка на активностите на граѓанските здруженија од Општина Кавадарци.

- Објавување на сите повици и конкурси кои се однесуваат на граѓанските здруженија и фондација јавно на веб страната на Општина Кавадарци

- Објавување на линкови на невладините организации на WEB страницата на Општина Кавадарци

- Воспоставување на вмрежување на невладините организации преку организирање на најмалку една заедничка средба за сите невладини организации во Општина Кавадарци , за размена и координација на тековните активности, можноста за развивање на партнерство за адресирање на прашања од локално или регионално значење, охрабрување и поддршка на соработката во развојот на заеднички предлог проекти и акциони планови.

- Обука за менаџирање со проектен циклус - Обуки за сите НВО како да подготват проект, како да го реализираат, мониторинг и евалуација на проектот, проценка на ризиците, како да управуваат со тим на луѓе за успешно завршување на проектот. Овие обуки ќе се осврнат на анализа на потребите, целите, акциониот план, план за комуникација, и буџет.

- Зајакнување на партнерска соработка помеѓу Општина Кавадарци и здруженијата и фондациите со аплицирање за средства до други донатори, соработка која не би била само декларативна, а со заедничко вложување, односно кофинансирање и на двете страни, се со цел реализација на активности од заеднички интерес.

- Состаноци за поврзување со бизнис секторот и невладиниот сектор- Локалната самоуправа да ја има улогата на медијатор помеѓу НВО и Бизнис секторот во градот како и организирање на формален состанок за претставниците од бизнис и НВО секторот во Општина Кавадарци каде ке имаат можност да се поврзат и да се запознаат мегусебно, и да се информираат за тоа како заеднички можат да направат заемно корисни партнерства со интерес за пошироката заедница.
- Општина Кавадарци ќе обезбеди поддршка на здруженија и фондации преку ставање на располагање на сопствените човекови ресурси за давање на информации и стручна помош, со назначување на лице од општината кое ќе биде одговорно за комуникцаија со граѓанските здруженија и фондации како и за толкување на правна рамка која се однесува на ингеренциите на локалната самоуправа, а која е од интерес на здруженија и фондации и ќе го стави во функција веќе изградениот Регионален НВО Центар.
- Општина Кавадарци, по претходно доставено барање, а согласно сопствените потреби, им ги става на располагање општинската сала и нејзината опременост за одржување на трибини, состаноци и други соодветни активности кои се непосредно поврзани со делувањето на здруженијата и фондации.

Општина Кавадарци ќе дава континуирана финансиска поддршка за реализација на активности и проекти на здруженијата и фондациите.

Буџет за Реализација на Програмата

Тебеларен приказ на расходи

| | | Буџет | Програма | Конто | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Трансфер до невладините организации за реализација на планираните активности согласно објавениот повик за подршка на Здруженија и Фондации по Проектот ReLOad | 4 059.000 денари | Г1 | 4.6.3 | |
| | **Вкупно** | **4 059 000 денари** | | | |

Предложениот буџет за реализација на оваа програма за подршка на доставените предлог проекти и проектни активности, Општина Кавадарци обезбедува финансиски средства од проектот ReLOad во висина од 60 000 евра и 20% сопствено учество во висина од 12,000 евра за 2018 година.

**Бр.08-4875/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**20.12.2017 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**

**Програма за мегународна соработка**
**на Општина Кавадарци за 2018 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за мегународна соработка на Општина Кавадарци за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-5167/10** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2017 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр.5/2002) член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ( „Сл. Гласник на општина Кавадарци„ бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.12.2017 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2018 година

## 1. Рамка на програмата

### 1.1. Вовед

Поаѓајќи од заложбите на Градоначалникот и Советот на Општина Кавадарци за побрз одржлив развој на Општина Кавадарци и меѓународна афирмација со оваа Програма се утврдуваат активностите за 2018 година на меѓународно поле.

Програмата за меѓународна соработка предвидува продолжување и зацврстување на веќе остварените контакти со побратимените и пријателските градови на Општина Кавадарци, како и изнаоѓање на нови пријателски градови за идна соработка, со цел продолжување и изнаоѓање на нови бизнис партнери кои што ќе

придонесат за поуспешно градење на стопанските капацитети во нашиот град.

Досега Општина Кавадарци во склоп на својата меѓународна соработка остваруваше односи со своите меѓународни партнери преку конвеционални методи на соработка и тоа најчесто со учество на општинска делегација и средби на претставници на општинските органи. Треба да се напомене дека не е мал и бројот на наше учество и представување на меѓународните културни манифестации преку културно-уметничките групи и друштва. Но сепак отсуствува делот каде соработката може да се продлабочи и да премине од конвенционална и социо-културна соработка на повисок степен. Во таа насока оваа програма главно е фокусирана кон зајакнување на економско-стопанска соработка со збратимените и пријателски градови.

### 1.2 Предложен пристап

Во 2018 година меѓународната соработка покрај интезивирањето на културната соработка и конвеционалните посети ќе се фокусира и на зајакнувањето на можностите и реализација на конкретни проекти со збратимените и градовите пријатели на Кавадарци.

- Искористување на веќе добро поставените бизнис релации и воспоставување на нови
- Интензивирање на административната размена на искуство и знаење
- Продолжување на учеството на наши културно-уметнички друштва на настани од меѓународен карактер.
- Употреба на интернетот како алатка за туристичка презентација на општината
- Поголема афирмација на администрацијата при остварување на нови контакти и продлабочување со веќе постоечките со цел подобро искористување на информациите за развојните проекти од побратимените европски градови и одржување на континуитет со истите.
- Проширување на бројот на збратимени и пријателски градови на Општина Кавадарци
- Зајакнување на постоечката соработка и воспоставување на соработка со институции здруженија и асоцииации од странство.

## 2. Опис на програмата

### 2.1. Генерална цел:

Подигнување на соработката со збратимените градови на повисоко ниво во насока на зајакнување на бизнис релациите помеѓу стопанските субјекти, како и можност за збратимување со други градови и иницирање на бизнис соработка со истите.

### 2.1.1. Цели :

- Искористување на меѓународната соработка на Општина Кавадарци за можност за воспоставување на нови или продлабочување на веќе воспоставените бизнис врски со пријателските и збратимените градови.
- Искористување на веќе воспоставените релации и продлабочување на соработката со збратимените и пријателски градови преку заедничко учество во проекти финансирани од Европката Унија.
- Продолжување на прекуграничната соработка со Грција преку реализација на заеднички проектни активности.
- Зајакнување на капацитетие преку размена на искуства помеѓу различни сектори со акцент на општинската администрација;
- Туристичко-стопанска и културна презентација на Кавадарци

### 2.1.2 Активности

За раелизација на целите во оваа програма, активностите генерално се поделени во четири категории:

- Зајакнување на соработката со збратимени градови.
- Зајакнување на соработката со партнерски градови.
- Зајакнување на соработката со пријателски градови.
- Зајакнување на соработката со институции здруженија и асоциации од странство.
- Започнување на соработка на различни нивоа со други градови од странство

Соработката и активностите за секој град односно институција се посебно разработени и усогласени врз основа на досегашната соработка и заедничко разбирање со истите.

- **Зајакнувањето на соработката со збратимените градови.**

Овој вид на соработка ќе се реализира преку следните активности:

**Соработка со збратимениот град – Добрич-Република Бугарија**

- Културна соработка и меѓусебно информирање и размена на искуства на двете општини;
- Бизнис средби и посети;
- Учество на делегација од Добрич на општинскиот празник на Кавадарци;
- Делегација од Општина Кавадарци предводена од Градоначалникот, членови на Советот и стопанственици, при посета празникот на Општина Добрич – 25 Септември.

**Соработка со збратимениот град – Панаѓуриште – Република Бугарија**

Понатамошната соработка ќе биде насочена кон зацврстување на културната соработка помеѓу општините како и соработка изразена во областа на образованието и економијата;

- Посета на бизнисмени од Панаѓуриште во Кавадарци;
- Учество на делегација од Кавадарци на општинскиот празник на Панаѓуриште – 1-ви Мај.

**Соработка со збратимениот град – Ковин – Република Србија**

Општина Кавадарци има воспоставено контакти со општина Ковин преку традиционалната размена на културни друштва и преку соработка на Црвениот крст на двата града.

- Културна соработка со фолклорните ансамбли од Кавадарци;
- Размена на искуства и посети на НВО-Црвен Крст;
- Посета на општинскот празник на Ковин 26 Јули;
- Посета на делегација од Општина Ковин на општинскот празник во Кавадарци.

**Соработка со збратимениот град - Горни Милановац – Република Србија**

Продолжува зацврстувањето на веќе воспоставена соработка со градот Горни Милановац кои ќе резултираат со изнаоѓање на можности и области за заеднички настап на Општина Кавадарци пред Програмите на Европската Унија, преку организирани посети и

примена на стекнати позитивни искуства. Исто така соработката помеѓу двете општини ќе се продлабочува и преку:

- Организирање посети и средби со стопанственици и бизнисмени од двата града;
- Културна соработка на фолклорните ансамбли;
- Развивање на побратимството на основните училишта во Горни Милановац и Кавадарци и организирање натпревари;
- Размена на искуства помеѓу двата града;
- Учество на Делагацијата од Горни Милановац на општинскиот празник на Кавадарци.

**Соработка со збратимениот град – Бољевац – Република Србија**

Општина Кавадарци има воспоставено контакти со Општина Бољевац преку размена на ученици од Основните и Средните училишта.

- Поматамошната соработка со Општина Бољевац ќе се одвива на полето на воспоставување економска соработка преку поврзување на стопанственици на двете општини како и размена на културни друштва и продлабочување на кутлураната соработка на фолклорните групи;
- Посета на општинскиот празник на Бољевац 10 Септември;
- Посета на Делегација од Бољевац на општинскиот празник на Кавадарци.

**Соработка со збратимениот град - Рожаје – Црна Гора**

Соработката со Општина Рожаје во 2018 година ке биде насочена кон:

- Организирање на посети и средби помеѓу бизнисмени од двете општини;
- Заеднички активности во областа на културата и спортот;
- Продолжување на соработката и размена на искуствата помеѓу основните училишта во двете Општини;
- Учество на делегацијата од Рожаје на општинскиот празник на Кавадарци.
- Посета на општина Рожаје по повод одбележување на општинскиот празник на градот.
- Размена на искуства во работата на двете општини.

**Соработка со збратимениот град – Плевен – Република Бугарија**

Општина Плевен и Општина Кавадарци, можат да ја продлабочат добро воспоставената соработка преку искористување на европските фондови и заедничко конкурирање, со тоа што од Општина Плевен ќе ги искористиме искуствата и предностите кои ги имаат како земја членка на Европската Унија и пристапот до директните фондови кои и се ставени на располагање:

- Организирање на посети и средби помеѓу бизнисмени од двете општини во непосредни бизнис контакти или учество на саеми во Плевен и Кавадарци;
- Културна соработка на учество на нашиот фолклорен ансамбл во Плевен;
- Партенерско учество во проекти на регионална соработка на ниво администрација;
- Учество на делегацијата од Плевен на општинскиот празник на Кавадарци и на винарии од Плевен на винскиот фестивал во рамките на Тиквешкиот гроздобер;
- Посета на Плевен на општинскиот празник на градот и на денот на чествувањето на жртвите на слободата на Плевен;
- Размена на искуства во работата на двете општини.

**Соработка со збратимениот град - Перник-Република Бугарија**

Понатамошната соработка со Општина Перник ќе биде насочена кон:

- Зацврстување на соработката во областа на економијата како и соработка помеѓу општините изразена во областа на културата;
- Организирање на посета на стопански субјекти од Перник во Кавадарци на кој ќе им бидат презентирани потенцијалите и можноста за соработка со бизнис секторот од нашата општина;
- Работна посета и размена на искуства на државни службеници од двете општини;
- Културна соработка преку меѓусебно учество на карневалски групи;
- Учество на Делегација од Перник на општинскиот празник на Кавадарци;

- Посета на општинскиот празник на Перник.

**Соработка со збратимениот град – Кемал Паша, Измир – Република Турција**

Општина Кавадарци ќе ја продолжи соработката со Општина Кемал Паша како една од најаразвиените општини од Измир. Понатамошната соработка со општина Кемал Паша ќе биде насочена кон:

- Зацврстување на соработката во областа на економијата како и соработка помеѓу општините изразена во областа на културата;
- Организирање на посета на стопански субјекти од Кемал Паша во Кавадарци на кој ќе им бидат презентирани потенцијалите и можноста за соработка со бизнис секторот од нашата општина;
- Работна посета и размена на искуства на државни службеници од двете општини;
- Културна соработка преку меѓусебно учество на карневалски групи;
- Учество на Делегација од Кемал Паша на општинскиот празник на Кавадарци;
- Посета на општинскиот празник на Кемал Паша.

**Соработка со збратимениот град Насауд, Република Романија**

Интензивните релации и остварената соработка во претходните години на полето на меѓународната соработка помеѓу Општина Кавадарци и Општина Насауд продолжуваат и во текот на следната година и тоа преку:

- Зацврстување на соработката во областа на економијата како и соработка помеѓу општините изразена во областа на културата;
- Културна соработка преку меѓусебно учество на карневалски групи;
- Учество на Делегација од Кавадарци на општинскиот празник на Општина Насауд;
- Учество на Делегација од Насауд на општинскиот празник на град Кавадарци;
- Размена на искуства во работата на двете општини.

**Соработка со збратимениот град Макарска, Република Хрватска**

. Имајќи го во предвид членството на Република Хрватска во Европската Унија и нивната улога во процесот на поддршка на Република Македонија кон членството во Европската Унија и Нато, нашата соработка со Општина Макарска би продолжила во размена на искуства од областа на локалната самоуправа. Понатамошната соработка со Општина Макарска ќе биде насочена кон:

- Зацврстување на соработката во областа на економијата како и соработка помеѓу општините изразена во областа на културата;
- Културна соработка преку меѓусебно учество на карневалски групи;
- Учество на Делегација од Кавадарци на општинскиот празник на Општина Макарска;
- Учество на Делегација од Макарска на општинскиот празник на град Кавадарци;
- Размена на искуства во работата на двете општини.

- **Зајакнувањето на соработката со партнерските градови**

**Едеса - Воден - Република Грција**

Партнерските односи со Воден од регионот Пела, Република Грција се воспоставени со склучување на договор со Општина Едеса и општина Кавадарци за реализација на заеднички проекти за погранична соработка, а следуваше и изготвување на неколку заеднички проекти во изминатите години од областа на локалниот економски развој. Преку проектните активности кои ги има Општина Кавадарци со Општина Воден ќе се продлабочи соработката од областа на културата, економскиот развој, туризмот и образованието. Ќе биде продолжена соработката во културата преку меѓусебно учество на карневалските групи и соработката по ИПА 2 Програмата за 2018.

- **Зајакнувањето на соработката со пријателските градови**

**Птуј - Република Словенија**

Интензивните релации и остварената соработка во претходните години на полето на меѓународната соработка ги насочуваат активностите да се одвиваат на повисоко ниво со Општина Птуј. Имајќи ја во предвид улогата на Република Словенија како членка на Европската Унија во процесот на поддршка на Република Македонија кон членството во Европската Унија и Нато, нашата соработка би продолжила во размена на искуства од областа на локалната самоуправа. Тоа би се однесувало на аплицирање пред Европските фондови за проекти кои би значеле унапредување на квалитетот на животот на граѓаните, подигнување на стандардите со цел приближување на условите во земјите од Европската Унија, заедничко застапување за реализација на проекти во областа на екологијата, културна соработка-организирање на посети во функција на запознавање и размена на културни искуства, размена на млади од двете општини, размена на карневалски групи и нивно учество на Тиквешкиот Гроздобер.

Понатамошаната соработка ќе биде насочена кон:

- Покренување на Иницијатива од Советот на општината или Комисијата за меѓународна соработка за развивање на добрите партнерски односи во побратимување на двете општини;
- организирање на посети и средби во делот на развој на стопанството и бизнисот;
- воспоставување на релации за извоз на грозје, вино и ракија;
- посета и на административна делегација со цел размена на искуство;
- културна соработка;
- учество на карневали.

**Исмаил - Република Украина**

Понатамошните контакти со Општина Исмаил ќе доведат до зацврстување на пријателството и соработката изразена во потпишаната спогодба помеѓу двата града со можност за понатамошно развивање на соработката во областа на стопанството за пласман на вино во Исмаил и пошироко во Украина, преку размена на работни групи од стручни лица за деловна соработка, организирање на посета на стопански субјекти од Исмаил со бизнисмени од нашиот град и пошироко од Македонија, организирање на саем во Кавадарци за презентација на производи од Украина на македонскиот пазар.

**Сиерпц- Република Република Полска**

Општина Сиерпц и Општина Кавадарци низ досегашните реализирани средби во главно се фокусираа кон развој на образованието и потпишаа Меморандум за соработка со ОУ Гоце Делчев-Кавадарци каде е предвидено заедничко учество во проекти финансирани од европски фондови.

Идните активности на Општина Кавадарци би се насочиле кон:

- Зајакнување на соработката со Општина Сиерпц преку потпишување на официјален документ за збратимување;
- Продлабочување на веќе воспоставената релација на нашите културно уметнички друштва;
- Организирање на посети.

**Општина Конак-Измир Република Турција**

Воспоставување пријателски односи со општината Конак ќе овозможат зацврстување на пријателството и соработката помеѓу двата града со можност за понатамошно развивање на соработката во облста на стопанството и културата.. Планирано е продлабочување на соработката со македонската заедница која живее таму, меѓусебни посети по повот културни настани и манифестации.

**Опшина Саратов – Република Русија**

Воспоставување пријателски односи со општината Саратов ќе овозможат зацврстување на пријателството и соработката помеѓу двата града со можност за понатамошно развивање на соработката во областа на стопанството и културата. Понатамошните контакти со Општина Саратов ќе доведат до зацврстување на пријателството и соработката на двете општини.

**Општина Мор – Република Унгарија**

Интензивните релации и остварената соработка во претходните години на полето на меѓународната соработка ги насочуваат активностите да се одвиваат на повисоко ниво со Општина Мор. Во текот на изминатата година, наша делегација беше во посета на Општина Мор. Воспоставување пријателски односи со Општината Мор ќе овозможат зацврстување на пријателството и соработката помеѓу двата града со можност за понатамошно развивање на соработката во областа на стопанството и културата.

- **<u>Зајакнување на соработката со институции, здруженија и асоцијации од странство</u>**

Освен соработката со партнерските градови, Општина Кавадарци во аплицирањето по наредните повици за прекуграничната соработка со Грција по програмата ИПА 2- компонента ќе воспоставува соработката со здруженија, инситуции и асоцијации за аплицирање на проекти.

### 2.1.3 Очекувани резулати

- Зајакнување на соработката со збратимени градови;
- Зајакнување на соработката со градовите пријатели на Кавадарци;
- Зајакнување на соработката со здруженијата, асоцијациите и исхтитуции од странство;
- Реализиран организационен престој на делегации во Кавадарци;
- Реализирани средби и утврдени конкретни активности;
- Продолжување на прекуграничната соработка со општините во соседна Грција.
- Разменување на искуства помеѓу администрациите со збратимените градови;
- Реализирано учество на претставниците на културно уметнички друштва, групи и индивидуални уметници на значајни културни и спортски манифестации;
- Зголемување на бројот на релациите помеѓу бизнис секторот од Општина Кавадарци и странски стопански субјекти

## 3. Организација на Програмата

На интензивирањето на меѓународната соработка покрај Градоначалникот и Советот на општината, вработените во општинската администрација ќе бидат вклучени во сите процеси на взаемна посета и размена на искуства со збратимените и пријателските градови на Кавадарци. Ова иницијатива е од особена важност за оддржување на постојаните контакти помеѓу вработените во администрацијата, со што би се овозможило полесен пристап до информации за развојни проекти што европските градови ги добиваат како членки на Европската унија, преку обезбедување на континуитет на релациите и комуникацијата помеѓу вработените во општините.

Исто така со особена важност е Советот на општината активно да учествува со свои иницијативи и предлози во продлабочувањето на меѓународната соработка и развивање.

## 4. Реализација на програмата

Спроведувањето на програмата ја реализира Градоначалникот и Советот на Општина Кавадарци во релација со Комисијата за меѓународна соработка.

Кординацијата во спроеведувањето и реализирањето на меѓународната соработка со збратимените и градовите пријатели на Кавадарци пред се во јавната, стопанска и културната сфера на соработка ќе ја врши Секторот за локален економски развој.

Составот на делегации го утврдува Градоначалникот на општината во соработка со Претседателот на Советот .

Конкретните активности на делегациите при прием и посета на градовите опфатени во Програмата согласно зацртаните цели и активности, Комисијата за меѓународна соработка ќе ги утврдува пред секој настан, а за истите активности делегацијата да доставува писмен извештај за реализираната посета.

Активностите за размена на карневалските групи со градовите кои имаат карневали ќе се координираат во солгасност со добиените покани. Следниве карневалски групи ќе учествуваат на поканите за учество во карневалите на пријателските и побратимените градови:

- Џоламари Бегниште
- Џоламари с.Сопот
- Џоламари с.Ресава
- Фолклорен ансамбл„Тиквеш"
- Балетско студио „Венус"

Планираните средства за реализацијата на програмските активности се во износ од 530.000 денари и истите се предвидени во буџетските ставки:

- АО (Совет на Општина) 420.210 - 200.000 денари
- ДО (Градоначалник) 420.210 - 110.000 денари
- Е0 (Администрација) 420.210 - 120.000 денари
- Г1 (Договорни услуги) 464.990 – 100.000 денари

## Завршни Одредби

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-4875/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**20.12.2017 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донес

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**

**Програмата за активностите на Општина Кавадарци**
**во областа на културата во 2018 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата во 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-5167/11** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2017 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр 5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Сл.гласник на општина Кавадарци ), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.12.2017 година, донесе

# ПРОГРАМА
## За активностите на општина Кавадарци во областа на културата во 2018 година

**I. ВОВЕД**

Со Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата во 2018 годинао се определуваат културните настани од посебно значење за културниот развој на општина Кавадарци и афирмација на нејзиното историско и културно наследство, негување и збогатување на општо прифатените културни вредности.

Во рамките на надлежностите на Општината утврдени со Законот за Локална самоуправа за негување на културните вредности, организирање на културни манифестации и поттикнување на разновидни специфични форми на творештво се предлага Програма.

**II. ЦЕЛИ**

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на општина Кавадарци кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата;
- Сочувување и афирмирање на матерјалното и духовното културно наследство на Кавадарци;
- Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на општина Кавадарци;
- Презентирање и афирмирање на творци и интерпретатори од областа на културата;
- Интензивирање и збогатување на меѓународната културна и спортска соработка.

## III. АКТИВНОСТИ

Активностите на општина Кавадарци во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма.

- Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални културно-уметнички манифестации;
- Реализирање на манифестации, програми и проекти кои и даваат посебно обележје на општина Кавадарци;
- Создавање услови за гостување на еминентни уметници од Република Македонија и странство во општина Кавадарци;
- Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените и пријателски градови на општина Кавадарци.

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на културата утврдени со оваа програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на општина Кавадарци предвидени за 2018 година.

Средствата од Буџетот на општина Кавадарци предвидени за 2018 година изнесуваат денари и се распоредуваат за поттикнување , подржување и помагање на манифестации и проекти од областа на културата.

| Културни Манифестации | | |
|---|---|---|
| **Манифестација** | **Организатор** | **Месец** |
| 1.Културно стопанска манифестација „Св.Трифун“ | Локална самоуправа | 14 Февруари 2018 |
| 2.Културно стопанско туристичка манифестација „Тиквешки Гроздобер“ | Локана самоуправа | Септември |
| 3.Нова Година | Локална самоуправа | Декември |

## IV. Други форми на активности

Други форми на активности со кои ќе се помагаат културни манифестации, приредби и проекти се следните:

- обезбедување стручна ,техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината;
- обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделни манифестации
- Организирање на протоколарни и промотивни средби на претставници на градот при одржување манифестации и реализирање на проекти од областа на културата.

  Овие форми на активност ќе се реализираат согласно можностите на општина Кавадарци.

**V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Градоначалникот на општина Кавадарци и Комисијата за култура се грижат и го обезбедуваат спроведувањето на оваа програма.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник„ на општина Кавадарци

| | |
|---|---|
| **Бр.08-4875/11** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **20.12.2017 година** | **Претседател,** |
| **Кавадарци** | **Ристо Сакалиев** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**

**Одлука за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата во 2018 година на правно лице**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата во 2018 година на правно лице, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

| | |
|---|---|
| **Бр.09-5167/12** | **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **22.12.2017 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК** |
| **К а в а д а р ц и** | **м-р Митко Јанчев** |

Врз основа на член 7 од Законот за култура („Сл.весник на РМ„ бр.31/08, 49/03, 82/05, 24/07 ,116/10, 47/11,51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14,61/15,154/15), член 22 став 1, точка 5 и член 24 став 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Службен гласник на Општина Кавдадарци”бр.8/2005), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана ден 20.12.2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2018 година**
**на правно лице**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Кавадарци врши делегирање на надлежноста на општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации на правно лице (во понатамошен текст: вршител на делегирана надлежност)

**Член 2**

Се делегираат надлежностите за организирање и реализација на културните манифестации , предвидени во Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2018 година.

**Член 3**

Врз основа на оваа Одлука Советот на општина Кавадарци ќе донесе Правилник за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежностите за организирање и реализирање на културните манифестации на вршителот на делегираната надлежност.

**Член 4**

Општина Кавадарци ќе склучи посебен Договор со вршителот на делегираната надлежност за начинот и условите за вршење на надлежностите за тековната година, со можност Договорот да се продолжи и за следните години, доколку за реализирање на манифестациите има предвидени средства во програмите за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за соодветната година.

**Член 5**

За својата работа вршителот на делегираната надлежност поднесува наративен извештај за секој поединечен настан до Градоначалникот и Советот на општина Кавадарци во рок од 30 дена после одржувањето на настанот.

Сите активности за вршење на делегираната надлежност вршителот ќе ги спроведува во координација со Комисијата за култура и Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување награди и признанија при Совет на Општина Кавадарци.

Договорот со вршителот на делегираната надлежност претстанува ако Советот на Општина Кавадарци не го усвои наративниот и финансиски извештај од став 1 на овој член.

**Член 6**

Надлежностите од член 2 на оваа Одлука ќе се финансираат од Буџетот на Општина Кавадарци , како и од донации и спонзорства.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави „Службен гласник на Општина Кавадарци„

**Бр.08-4875/12**
**20.12.2017 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**

**Програма за одбележување на годишнини на значајни настани и личности во Општина Кавадарци во 2018 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и личности во Општина Кавадарци во 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-5167/14**
**22.12.2017 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр 5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Сл.гласник на општина Кавадарци ), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.12.2017 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за одбележување на годишнини на значајни настани и личности во општина Кавадарци во 2018 година

*** ВОВЕД**

Со Програмата за одбележување годишнини на значајни настани и личности во општина Кавадарци во 2018 година се определуваат значајните настани и годишнини од посебно значење, со што се сочувува континуитетот во одбележувањето од Републичко и локално значење.

- **ЦЕЛИ**

Основни цели на оваа Програма се:

- Одбележување на годишнини и значајни настани и личности во насока на негување на историското минато,
- Обезбедување активен однос на градот Кавадарци кон задоволувањето на потребите на граѓаните за негување на традициите,
- Зачувување на историската и културната вредност на личности и настани , со цел негување на историските и културните вредности на градот.

- **АКТИВНОСТИ**

**Ј а н у а р и**

**4 јануари 2018 година, 75** години од убиството на Народниот херој Страшо Пинџур, еден од организаторите на македонскиот народ за вооружено востание против фашистичката окупација. Убиен е во Скопскиот областен затвор заедно со Мирче Ацев.
**Активности**: полагање на свежо цвеќе на бистата на херојот во Спомен куќата на Страшо Пинџур во с.Ваташа
**Носител:** Комисијата за одбележување на празници и манифестации /Во понатамошен текст: Комисија/ и Општонски одбор на СБМ Кавадарци/),ОУ „ Страшо Пинџур„ Кавадарци.

**Ф е в р у а р и**

**15 февруари 2018 година ,** одбележување на **73** години од Февруарскиот поход

Носител: Комисија ,планинарско друство „Орле„ од Кавадарци и Сојуз на борци Кавадарци.

**М а р т**

**2 март 2018 година** одбележување годишнина од загинувањето на Лазо Филиповски- Лавски.
Носител: Општински одбор на СБМ Кавадарци
Активности: посета на бистата во с.Сирково,полагање цвеќе и пригоден говор.

**9 март 2018 –** Одбележување на животот и делото на Глигор Чемерски.
Активности: Медиумска покриеност на настанот

Носител: Комисија и локалните културни институции.

**А п р и л**

**4 април 2018 година** - Одбележување на годишнина од загинувањето на Лазо Мицев-Рале .
Носител: Општински одбор на СБМ Кавадарци, Комисија, ООУБЦ„Лазо Мицев – Рале„ Кавадарци
Активности: полагање свежо цвеќе на бистата во ООУБЦ „Лазо Мицев – Рале„ Кавадарци и учество на патрониот празник.

**7 април 2018 година 74 годин**а од загинувањето на Народните херои Киро Крстев и Димче Мирчев.
Носител: Општински одбор на СБМ Кавадарци, Комисија
Активности:Посета на Споменикот на влезот на Градскиот парк со полагање свежо цвеќе и пригоден говор.

**М а ј**

**1 мај 2018 година**
**Меѓународен Ден на трудот**

**4 мај 2018 година 106 години** од загинувањето на војводата Пере Тошев и доајенот на македонската борба Гоце Делчев.

Активности: Посета на Споменикот на Дреновската клисура и учество на патроните празници на училиштата што го носат името на славните војводи во Кавадарци.

Оддавање почит на делото на Јосип БрозТито, посета и полагање свежо цвеќе на бистата во кругот на фабриката 'Уником" Кавадарци

Носител: Општински одбор на СБМ Кавадарци

**6 мај 2018 година 27 година** од погинувањето на Сашко Гешовски во Сплит Република Хрватска, прва жртва од распадот на СФРЈ.

Носител: Здружение на Армиски ветерани, Комисија, Општински одбор на СБМ Кавадарци.

Активности: полагање на цвеќе на Споменикот на Сашко Гешовски на Градските гробишта Кавадарци.

**9 мај 2018 година 73** години од победата над фашизмот.

Активности: полагање свежо цвеќе на Споменикот на слободата на Градскиот плоштад, активности на ЕУ Инфо точката при ЛС Кавадарци и ЕУ

Носител: Општински одбор на СБМ Кавадарци, Комисија

**12 мај 2018 година 74** години од загинувањето на првоборецот Мара Димова .

Активности: полагање на свежо цвеќе на Споменикот во дворот на претпријатието АЛИЈАНС - Кавадарци.

Носител: Општински одбор на СБМ Кавадарци ,Комисија

**14 мај 2018 година 75 години** од формирањето на партизанскиот одред „Добри Даскалов„една од најголемите и најборбени партизански единици во тој период под бугарска окупација. Одредот води големи борби во селата: Горниково, Бојанчиште, Драгожел, караулите "Шаренка" и "Порта". Подоцна станал јадро за формирање на баталјонот "Страшо Пинџур".

активност: Комисија, медиумска покриеност и презентација-Музеј-Галерија Кавадарци

-Општински одбор на СБМ Кавадарци,

**15 мај 2018 година 75** година од формирањето на Воениот комитет кој имал задача да прибира и складира оружје и муниција.

Носител: Општински одбор на СБМ Кавадарци

Активности:Медиумска покриеност на настанот и посета на Музеј-Галеријата Кавадарци.

17 **мај 2018 година 74 години** од борбата на Партизанскиот одред на Македонската Народна Ударна Бригада со бугарскиот окупатор

Активности: Посета и полагање цвеќе на Спомен чешмата во месноста Раштани.

Носител: Општинскиот одбор на СБМ Кавадарци, Комисија

**19 мај 2018 година 75 год**ини од борбите на Партизанскиот одбор „Добри Даскалов„ и загинувањето на првоборците: Миле Вчков,Лазо Стојанов и Цано Поп- Ристов.

Активности:полагање свежо цвеќе и пригоден говор на Споме плоча на патот пред с.Бојанчиште.

Носител: Општински одбор на СБМ Кавадарци, Комисија

**Ј у н и**

**07 јуни 2018 година** одбележување годишнина од загинувањето на народниот херој БлажоТодоровски –Чичето
Активности: Полагање свежо цвеќе на бистата во Градскиот парк и пригоден говор за неговиот живот и дело и посета на бистата во месноста Никодин-Ножот- полагање на цвеќе.
Носител: Општински одбор на СБМ Кавадарци,Комисија

**10 јуни 2018 година 75 години** од загинувањето на првоборецот Димката Ангелов-Габерот,комесар на Третата оперативна зона, Ило Виларов-Сокол, Пано Мударов-Фрањо и Стојан Крстев, кај Клинска леса.
Активности: Полагање свежо цвеќе на бистите на Габерот сместени во училиштата што го носат неговото име и присуство на патроните празници.
Носител: Општински одбор на СБМ Кавадарци, Комисија, ООУ„Димката Ангелов Габерот – Кавадарци и ООУ"Димката Ангелов Габерот"с. Ваташа.

**13 јуни 2018 година 75 години** од стрелањето на партизани и родољупци на Фаришката клисура.
Активности: Полагање на свежо цвеќе на Спомен–обележјето на патот Кавадарци Прилеп пред село Фариш.
Носител: Општински одбор на СБМ Кавадарци, Комисија.

**16 јуни 2018 година 75 години** од стрелањето на 12- те ваташки младинци, еден од најкрвавите н најsверски злочини што ги извршија фашистите во Македонија во текот на Втората светска војна.

Носител: Општински одбор на СБМ Кавадарци, Музеј галерија ,Комисија, Месна заедница с.Ваташа.

Активности: Полагање на свежо цвеќе на Споменикот на 12- те ваташки маладинци во месноста Моклиште.

**19 јуни 2018 година 105 година** Тиквешко востание од 1913 година претставува првиот масовен вооружен протест на населението против воено административниот режим во Тиквешијата по првата Балканска војна.

**Ј у л и**

**01 јули 2018 година 17 години** од погинувањето на Блашко Толев ,прва жртва од Тиквешијата во борбата против тероризмот и одбрана на уставниот поредок ,независноста и суверенитетот на Република Македонија.

Носител: Комисија, Здружение на Армиски ветерани Кавадарци

Активности: Полагање на свежо цвеќе на Спомен бистата во с.Марена.

**13 јули 2018 година 77 година** нод убиството на Диме Поп-Атанасов,прва жртва на борбата со окупаторот.
Активности: Полагање цвеќе на Споменикот во месноста кај с,Долни Дисан.
Носител: Општински одбот на СБМ Кавадарци , Комисија

**15 јули 2018 година 114 години** од формирањео на Првиот комитет на Македонската револуционерна организација, по Солунскиот. По иницијатива на Даме Груев на 15 јули 1894 година во Кавадарци е формиран првиот Комитет на ТМОРО. Во состав на првиот Комитет биле вклучени: Пане Иванов –учител во Кавадарци ,Иванче Минчев чиновник и учетел, Јоваче Велков-трговец со вино и Јанаќи Ќурчиев – трговец со кожа. Во чест на формирањето на организацијата во Кавадарци во центарот на градот е подигната Спомен плоча на која стојат датата ,годината и имињата на составот на Комитетот

Носител: Комисија

Активности: полагање на свежо цвеќе на Спомен плочата спроти рес.Стар Балкан.

**26 јули 2018 година, 27 година** од погинувањето на Петар Тодоровски ,како жртва од распадот на СФРЈ.

Носител: Здружение на Армиски ветерани Кавадарци, Комисија
Активности: Полагање на свежо цвеќе на Споменикот на Петар Тодоровски на Градските гробишта Кавадарци.

**А в г у с т**

**2 август 2018 година, 115 години** од Илинското востание и **73 години** од Првото заседание на АСНОМ.

Одбележување на годишнина од смртта на познатиот борец,писател и публицист Мито Хаџи Васлев- Јасмин.
Активности: Учество на манифестациите по тој повод во Крушево и Пелинце.
Полагање на цвеќе на гробот на Мито Хаџивасилев – Јасмин на Градските гробишта Бутел во Скопје.

Носител: Општински одбор на СБМ Кавадарци, Комисија,

**25 август 2018 година 74 годин**и од формирањето на Првата Македонска дивизија во село Шешково.
Активности : Одбележување на годишнината во Спомен-собата во с. Шешково.
Носител: Општински одбор на СБМ Кавадарци, Комисија.

**С е п т е м в р и**

**7 септември 2018 година, 74 години** од ослободувањето на Кавадарци.
Активности: Програма за одбележување 7 Септември Ден на градот
Носитело: Комисија,Општински одбор на СБМ Кавадарци .

**8 септември 2018 година**

**Ден на независноста на Република Македонија**
Носител: Комисија

**15 септември 2018 година, 27 година** од погинувањето на Мишо Митрев –помлад офицер на тогашната ЈНА.
Активности: посета и полагање на свежо цвеќе на Споменикот на Мишо Митрев на Градските гробишта Кавадарци
Носител: Армиски ветерани од Тиквешијата Кавадарци,Комисија

**28 септември 2018 година, 74 години** на Прводот партизански одред кај месноста Ово –Гумињата и загинувањето на првоборецот Данчо Поп –Атанасов.
Активности :полагање свежо цвеќе и пригоден говор на Сомен-бистата во месноста Ладно Долче -Витачево.

**О к т о м в р и**

**11 октомври 2018 година**, 77 година од вооруженото востание над македонскиот народ и Ден на борецот.
Активности : Вклучување на манифестациите на републичко ниво.

**23 октомври 2018 година**
Ден на Македонска револуционерна борба
Носител: Комисија

**Н о е м в р и**

**8 ноември 2018 година, 74 години** од борбите на Смеса.
Активности : посета на Споменикот на Смеса кај Стоби .
Носител: Општински одбор на СБМ Кавадарци, Комисија

**13 ноември 2018 година 137 години** од раѓањето на тиквешкиот околиски војвода Добри Захарија Даскалов.

Носител: Општински одбор на СБМ Кавадарци,Комисија ,Гимназија „Добри Даскалов„ Кавадарци

Активности: Приклучување на одбележувањето во Гимназијата „Добри Даскалов„

**Д е к е м в р и**

**20 декември 2018 година 75 години** од формирање на Вторката македонска ударна бригада, една од најборбените партизански единици во Македонија од формирањето, води повеќе од 70 борби против бугарскиот, германскиот фашистички окупатор и против балистите.
Активности: Полагање цвеќе на Спомен бистата на командантот Диме Туриманџов- Горски во паркот спроти полицијата.
Носител: Општински одбор на СБМ Квадарци,Комисија.

**27 декември 2018 година 75 години** од загинувањето на првоборците: Киро Спанџов-Брко ,Благоја Јошката- Шумски и други.
Активности: Посета на месноста Коњско, полагање на свежо цвеќе на Спомен бистата во дворот на ОСУЦ „Киро Спанџов- Брко„ Кавадарци
Носител: Општински одбор на СБМ Кавадарци, Комисија, ОСУЦ „Киро Спанџов- Брко„ Кавадарци.

**Во 2018 година** ќе се одбележат и други значајни дати и обележја кои се значајни за Кавадарци и истите ке бидат одбележани со медиумска покриеност, одржување на трибини и свечени академии со цел граѓаните да бидат запознати со настани поврзани од поблиското и подалечното минато на нашиот град.

**13 март** - 25 години од смртта на сликарот Петар Мазев, еден од водечките фигури во современото македонско сликарство, кој извршил силно влијание врз сликарите од сите генерации. Бил иницијатор за формирање на ФЛУ во Скопје. Првите слики ги работел под влијание на експресионизмот, а потоа метафизичкото сликарство.
активност: медиумска презентација- Музеј-Галерија Кавадарци

**8 август**-100 години од раѓањето на Никола Бадев, еден од најдобрите вокали на македонски изворни народни песни. Роден е во с.Глишиќ на 8 август 1918 г. Самоуко свирел на неколку музички инструменти. Во младоста бил фудбалер на ФК "Југославија". Учесник е во НОВ во Втора МУБ. По војната заминал во Скопје и во текот на својата долга музичка кариера снимил повеќе од 400 песни, а остварил бројни турнеи во Европа, Австралија, Канада и САД. Бадев почина во Скопје во 1976 година.
активност: медиумска презентација- Музеј-Галерија Кавадарци

- **ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите утврдени во Програмата , ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година.

| | |
|---|---|
| - Обезбедување на цвеќе и цветни аранжмани | 150.000 денари |
| - Озвучување на манифестации | 70.000 денари |
| - Обезбедување на превоз | 120.000 денари |
| - Признанија ,плакети, награди | 50.000 денари |
| - Угостителски услуги | 90.000 денари |
| - Интервенци и друго | 90.000 денари |
| **Вкупно:** | **570.000 денари** |

Одредени манифестации и проекти ќе се подржуваат и помагаат преку други форми на активности и тоа: доделување на награди,пригодни подароци и сл, со обезбедување стручна техничка и друга подршка со кадрите и опремата со кои располага општината ,обезбедување услови со просторни и други капацитети и други можности со кои располага општината,организирање на

протоколарни и други средби на претставници од општината при одржување на манифестации и реализирање на проекти.

- **ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Градоначалникот на Општина Кавадарци и Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија се грижат и го обезбедуваат спроведувањето на оваа Програма.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-4875/14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**20.12.2017 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**

**Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на здравствена заштита во Општина Кавадарци за 2018 година**

**1**. СЕ ОБЈАВУВА Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на здравствена заштита во Општина Кавадарци за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5167/15** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2017 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр 5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Сл.гласник на општина Кавадарци ), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.12.2017 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**аа активностите на Општина Кавадарци во областа на здравствена заштита за 2018 година**

**|.ЦЕЛИ**

Основните цели на на оваа Програма се:

- Унапредување на здравствена заштита активен однос на Советот на Општина Кадаварци кон задоволување на потребите на граѓаните и здравстените институции во областа на здравствена заштита;

**||.АКТИВНОСТИ**

Активностите на Општина Кавадарци во областа на здравствена заштита ќе бидат насочени кон потикнување, подржување и помагање на здравстените институции за остарување на целите на оваа Програма и тоа:

- Ординации селски - Возарци;

- Ординации селски - Сопот;

- Здравствени институции – ЈЗО Здравстрвен дом Кавадарци;

Финансиските средства наменети за Програмата се распределени на следниот начин:

1.Здравствена помош на Заедницата се:

- Финансиска средства Ординации селски - Возарци ............................ 180,000;

- Финансиски средсства Ординации селски – Сопот ................................... 180.000;

- Финансирање на здравстени исхтитуции – ЈЗО Здравстен дом ............... 500.000;

Вкупно: 860.000

**III. ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите во областа на здравствена заштита утвредени со оваа Програма ќе се финансираат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година.

**IV.ЗАВРШНИОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила 8 – от дена од денот на на објавувањето на Сл.гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-4875/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**20.12.2017 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**

**Програма за активностите на Општина Кавадарци во обласа на социјалната заштита во Општина Кавадарци за 2018 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалната заштита во Општина Кавадарци за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5167/16** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2017 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр 5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Сл.гласник на општина Кавадарци ), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.12.2017 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**аа активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалната заштита за 2018 година**

**|.ЦЕЛИ**

Основните цели на на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Кадаварци кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на социјалната заштита;
- Изнаоѓање форми на згрижување на социјално ранливите групи;
- Изнаоѓање форми за социјализација на маргинализирани групи;
- Подобрување на стандардот на граѓаните;
- Создавање услови за поквалитетни услуги на децата и младите во локалната заедница;
- Осовременување на воспитните и образовните установи во однос на организацијата на програмските содржини и соодветни кадровски услови и услуги на инклузија на лица со посебни потреби.
-

**||.АКТИВНОСТИ**

Активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалната заштита ќе бидат насочени кон потикнување, подржување и помагање за остарување на целите на оваа Програма и тоа:

- Помош на социјално загрозени семејства;

- Помош на семејства погодени од елементарни непогоди (пожар, поплава);
- Помош на семејства за лекување;
- Помош на поединци во областа на културата;
- Помош на семејства од семејно насилство;
- Информирање на социјално загрозените семејства на правата и обврските;
- Новородени деца во 2018 година;
- Колички за хендикепирани лица;

Финансиските средства наменети за Програмата се распределени на следниот начин:

1.Социјална помош на Заедницата се:

- Финансиска помош на членови на социјално загрозени семејства .......... 400,000;
- Набавка на социјални пакети ..........................................................................50.000;
- Подршка на лица-жртви на семејно насилство................20.000;

Вкупно: 470.000

2.Подршка на детето:
- Подршка на талентирани деца од социјално загрозени семејства 40.000
- Новогодишни погароци за деца без родители и родителска грижа 30.000

Вкупно 70.000

3.Помош на семејства погодени од елементарни непогоди (пожар, поплава и друго) ........................................................................ 200.000

Вкупно 200.000

4.Помош на семејства за лекување ..................................................200.000

Вкупно 200.000

5.Помош на поединци од областа на културата ................................ 60.000

Вкупно 60.000

Вкупно за програмата 1.000 000 денари

6.Помош за новородени деца …........................................ 2.400,000 денари
7.Колички за хендикепирани лица ....................................... 600,000 денари

Се вкупно за програмата: 4.000.000 денари

**6. ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите во областа на социјалната заштита утвредени со оваа Програма ќе се финансираат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година.

**7.РАСПОРЕДУВАЊЕНАБУЏЕТСКИТЕСРЕДСТВА**

Содржините предвидени во оваа Програма се финансираат со посебна ставка во Буџетот на Општина Кавадарци.

**8. АКТИВНОСТИ ПОДДРЖУВАНИ СО ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ**

Во Општина Кавадарци има граѓански сектор со цели за социјализација, едукација и инклузија на социјално ранливи групи, деца без родители. Општина Кавадарци ќе ги поддржи нивните напори за иновативни форми за згрижување и социјализација на овие граѓани.

**9. Други форми на активности**

Општина Кавадарци ќе ги спроведува и тоа:

- Обезбедување стручна, техничка помош и друга подршка со кадри и опрема со која располага
- Организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на претставници на општината со потенцијални донатори на проекти во областа на социјалната заштита.

**10.ЗАВРШНИОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила 8 - ден од денот на на објавувањето на Сл.гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-4875/16**
**20.12.2017 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**

**Програма за активностите на Општина Кавадарци во промоција на „Комуникација со јавноста„ во 2018**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програма за активностите на Општина Кавадарци во промоција на „Комуникација со јавноста„ во 2018, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5167/17** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2017 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр 5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Сл.гласник на општина Кавадарци ), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.12.2017 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на општина Кавадарци**
**во промоција на „Комуникација со**
**јавноста“ во 2018 година**

## РАМКА НА ПРОГРАМАТА

## 1. ОСНОВА

Комуникацијата со јавноста е приоритет во воспоставувањето на добри релации на Локалната Самоуправа со граѓаните и сите корисници на услугите на Општината, особено со напредокот на процесот на децентрализација. Од тука произлезе потребарта за подготовка на оваа Програма за Комуникација со јавноста, која се базира на искуствата во работењето на Службата за Комуникации со јавноста во општина Кавадарци во изминатите пет години.

## ОРИЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Во 2018 година, Програмата ќе обезбеди поголема застапенос и Отчетност за работата на Општината на локално и државно ниво во правец на унапредување на надворешната комуникација со граѓаните - јавноста.

Програмскиот пристап во оваа специфична област ќе овозможи зајакнување на капацитетите за промоција на Општината на домашен и меѓународен план и зголемување на степенот на информираност на корисниците на услугите-граѓаните за тоа каде и како се торшат нивните пари.

## ПРЕДЛОЖЕН ПРИСТАП

Врз основа на_Програмата за работа на општина Кавадарци во 2018 година Општина Кавадарци ќе има стратешки пристап кон оваа специфична област.

Како резултат на досегашните анализи, меѓу приоритетните потреби во процесот на подобрување на комуникацијата со јавноста се наметнаа следните одредници како значајни критериуми на кои треба да се базира работата:

- Активности засновани на програми
- Континуирана промоција на целите, програмите и проектите
- Континуирана анализа на потребите на граѓаните за конкретни информации
- Усовршување на услугите во доменот на информирањето на граѓаните
- Иновативен пристап во користењето на сопствени ресурси при подготовката на кампањи.
- Искористување на локалните капацитети и граѓанско учество во промоцијата на Општината.

Оваа Програма ќе ги опфати сите целни групи кои директно или индиректно се засегнати или вклучени во работата на Општината. Во процесот на подобрување на комуникацијата со целните групи ќе се користат утврдените показатели за комуникација со јавноста, изразени преку жалбите, претставките и реакциите на корисниците на услуги - граѓаните.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

### Генерална цел

Зајакнувањето на капацитетите на планот на комуникација со јавноста останува најголем приоритет. Во 2016 година, неопходна е континуирана работа врз постојано подобрување на потенцијалот на човечките ресурси, но и техничките капацитети во Општината, потребни за подобрување на комуникацијата со јавноста.

### Ориентација на програмата

Програмата за Комуникација со јавноста, во 2016 година ќе биде поставена на 4 клучни компоненти:

**- Промоција**
**- Континуирано информирање на јавноста**
**- Граѓанско учество**
**- Мерење на задоволството на граѓаните-корисници на услугите**

**Промоција**, Овозможува афирмирање на сите постоечки потенцијали на општината Кавадарци на домашен и меѓународен план.

**Континуирано информирање на јавноста**, Ги опфаќа востановените практики за информирање на јавноста преку електронските и печатените медиуми, официјалната ВЕБ страница на Општината, Граѓанскиот услужен центар, како и останатите форми на комуникација со јавноста.

**Граѓанско учество** врз основа на позитивните искуства, Овозможува зајакнување на учеството на здруженијата на граѓани во промоцијата на општината и воопшто комуникацијата со јавноста. Повеќето активни Здруженија на граѓании имаат капацитети и можности за пронаоѓање и спојување на фондови и реализација на конкретни активности и кампањи кои се однесуваат на подобрување на животот на сите граѓани на Кавадарци и општината во различни области. Оваа компонента овозможува искористување на креативните потенцијали на здруженијата на граѓани во информирањето на јавноста за клучни прашања од животот во локалната заедница.

**Мерење на задоволството на граѓаните-корисници на услугите**, Претставува интегриран дел од Системот за управување со квалитет и овозможува анализа на степенот на задоволство на граѓаните од услугите.

### Пристап кон целните групи

Преку примена и реализација на задачите од Програмата се обезбедува промоција на Општината во зајакнувањето на комуникацијата со граѓаните. За реализација на овие задачи ќе се користат следните одредници:

- Зајакнување на квалитетот во промоцијата на Општината,
- Зајакнување на капацитетите за утврдување на потребите на граѓаните,

- Зајакнување на капацитетите за комуникација со јавноста и транспарентност на Општината

**Целни групи**

- Сите граѓани корисници на услуги,
- Локални и национални медиуми,
- Граѓани даночни обврзници,
- Урбани и Месни заедници,
- Локални јавни установи,
- Образование
- Здравство
- Култура
- Здруженија на граѓани и НВО сектор
- Бизнис сектор,
- Туристи и посетители,
- Донатори,
- Меѓународни организации,
- Претставници на збратимени градови и градови пријатели на Кавадарци,
- Млади,
- Занаетчии
- Спортисти и спортки колективи

**Активности**

- Подготовка и издавање на локално јавно гласило Кавадаречки Весник
- Изработка и печатење на брошури
- Изработка и печатење на летоци
- Изработка и печатење на плакати
- Изработка и емитување на видео спотови
- Изработка и емитување на видео презентации
- Изработка и емитување на аудио спотови
- Изработка и емитување на аудио презентации
- Организација на јавни настани за промоција на активностите на Општината
- Објавување на соопштенија за јавност
- Зголемен квалитет и квантитет на промотивен материјал за Општината
- Обезбедување на соодветна поддршка за промоција на манифестациите и активностите што ги организира Општината
- Зголемено учество на граѓаните во промоцијата на Општината
- Реализација на информативни кампањи, континуирано во текот на годината

**Очекувани продукти :**

- Печатење на Весник (општинско јавно гласило)
- Соопштенија, новинарски прилози, емисии на радио и Тв со тематика од работата на градоначалникот, Советот и службите во општината.
- Емитување соопштенија и огласи
- Емитувани ТВ спотови и презентации
- Емитувани аудио спотови и презентаци
- Промотивен материјал за општина Кавадарци (брошури, летоци-флаери, плакати, туристичка мапа на градот и регионот)
- Мултимедијално ДВД,

**3. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА**

Генерално организацијата на програмата ќе ги вклучи Секторите, Одделенијата и Службите, во креирањето на идејните решенија за кампањите по области. Во зависност од околностите во кампањите ќе бидат вклучени и претставниците на различни целни групи.

Градоначалникот и Советот на општината со свое учество, предлози и решенија ќе придонесат во зајакнувањето на промоцијата и комуникацијата со јавноста.

## 4. ОДРЖЛИВОСТ

Програмата ќе овозможи сеопфатност на активностите на Општината за промоција и комуникација со јавноста во сите нејзини надлежности.

Подобрување на Комуникацијата со граѓаните, како крајни корисници на услугите на општината, останува врвен приоритет на оваа Програма.

## ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

**Проектиран Буџет за 2018 година**

| | |
|---|---|
| КАВ‘ДАРЕЧКИ ВЕСНИК 23 броја годишно(единечен тираж 2000 бр.) | 425.000 |
| Постапка за ТВ, Радио (Информирање на електронски медиуми) | **1.550.000** |
| Маркетинг услуги (дизајн, брендинг, реклами, дизајн ВЕБ дизајн промотивни видео материјали) | 800.000 |
| Списане „Лице в лице“ | 12.000 |
| Брошура Боите на Тиквешијата | 80.000 |
| Огласи и Соопштенија на Државни печатени медиуми | **200.000** |
| Туристичка карта на Кавадарци | 80.000 |
| Плакети, пехари, признанија, медали, и друг вид на обележја | 150.000 |
| Пригодна хартиена и картонска амбалажа | 20.000 |
| Летоци и брошури (отчет) | 50.000 |
| Новогодишни честитки | 15.000 |
| Рекламирање на Интернет портали | 100.000 |
| **Вкупно:** | **3.482.000** |

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-4875/17**
**20.12.2017 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**

**Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-5167/18**
**22.12.2017 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр 5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Сл.гласник на општина Кавадарци ), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.12.2017 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата**
**за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци**

Член 1

Во Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци бр.07-2369/10 од 23.05.2012 година, бр.07-4865/11 од 30.10.2013 година, бр.07-302/2 од 31.01.2014, бр.07-873/5 од 28.02.2014 година, бр.07-2695/5 од 17.06.2014 година, 07-4432/29 од 30.09.2014 година, 08-3227/13 од 09.07.2015 година, 08-3411/5 од 08.07.2016 година, 31.08.2016 година,08--5890/26 од 28.12.2017 година, 08-195/5 од 31.01.2017 година, 08-690/11 од 28.02.2017 година се врши следното дополнување :

Во глава ПРЕГЛЕД НА ЛОКАЦИИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА точка 7 став 1 се менува и гласи :

ул"Бел Камен" наспроти Градска капела на паркинг простор:
7 локации во површина мах.16 м2;

Член 2

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-4875/18**
**20.12.2017 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**

**Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2017 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2017 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5167/19** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2017 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Службен гласник на Општина Кавадарци”бр.8/2005), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.12.2017 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата**
**за активностите на Општина Кавадарци**
**во областа на спорт и млади во 2017 година**

Член 1

Во Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2017 година бр.08-195/6 од 31.01.2017 година, се врши следното дополнување :

Во глава АКТИВНОСТИ во точка 3 износот од 4.000.000 денари СЕ ЗАМЕНУВА со износ од 5.700.000 денари.

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

Член 2

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-4875/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**20.12.2017 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**

**Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Кавадарци, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

| | |
|---|---|
| **Бр.09-5167/20** | **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **22.12.2017 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК** |
| **К а в а д а р ц и** | **м-р Митко Јанчев** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. Весник на РМ” бр.05/02) член 12 од Законот за комунални дејности („Сл. Весник на РМ” бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15 и 31/16), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. Гласник на Општина Кавадарци” бр.10/05), член 22 став 2 Законот за Управување со отпад (Сл.Весник на РМ бр.68/04,71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 23/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16) и член 10 од Закон за Јавна чистота (Сл.Весник на РМ бр. 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 47/12, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16), Советот на Општина Кавадарци, на седница одржана на ден 20.12.2017година, донесе

**О Д Л У К А**
**за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Кавадарци**

## I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со Оваа одлука се уредуваат односите и начинот на вршење на комуналните дејности меѓу давателите и корисниците на услугите на подрачјето на во Општина Кавадарци и мерките на нејзиното спроведување.

**Член 2**

Под комунален ред во смисла на оваа Одлука се подразбира:уредување на населените места и поблиско уредување на односите и начинот на вршење на комунални дејности меѓу давателите на услугите и корисниците на услугите во следните комунални дејности:

*1.* Снабдување со вода за пиење;

*2.*Одведување и испуштање на фекални и атмосферски води.

*3.*Обработка и депонирање на комунален отпад

*4.*Депонирање на индустриски отпад и штетни материи

*5.*Депонирање отпадоци што се создаваат со изведување на градежни работи.

*6.*Одржување на јавна чистота во градски и други населби

7.Одржување и користење на паркови, зеленило, парк-шуми, водни и рекреативни површини

8.Улична сообраќајна сигнализација и други инфраструктурни објекти од локално значење (Локални патишта,улици со сите пропратни објекти и површини за одржување

9.Одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги

10.Одржување на јавно осветлување

11.Прекоп на јавни површини и одржување и користење на јавен простор за паркирање;

12.Одржување и користење на пазари на големо и мало;

13.Вршење на Оџачарски услуги;

14.Одржување на комунални уреди и урбана опрема (корпи за отпадоци,клупи,цвеќарници и др.).

*15.*Отстранување и чување на непрописно паркирани возила, хаварисани возила, земјоделски машини со приклучни и без приклучни орудија;

*16.*Уловување,згрижување и ерикција на животни –скитници.

17. Украсување на населените места.

18. Одржување на јавни санитарни јазли

19.Дезинфекција,дезинсекција и дератизација

20.Отстранување и чување на ситна и крупна стока и живина и пчелни семејства во урбани средини.

21.Сечење и складирање на огревно дрво и јаглен на јавни и сообраќајни површини;

22.Јавен општински превоз;

23.Испорака на гас од главниот цевковод до мерниот инструмент на корисникот.

24.Испорака на топлотна енергија од централниот извор на греење до мерниот инструмент на корисникот

25.Изградба, одржување и чистење на речните корита во урбанизираните простори.

26. Користење на Јавнопрометните површини за изложување на предмети, стока, рекламни паноа, билборди и друго.

**Член 3**

Давател на услуги во смисла на оваа Одлука може да биде правното или физичкото лице кое со концесија или со дозвола за вршење на комунална дејност извршува една или повеќе комунални дејности утврдени со член 2 од оваа Одлука.

Дозвола за вршење на комунални работи дава Секторот за комунални работи и урбанизам на Општина Кавадарци, кое ја спроведува Програмата за Комунални дејности, донесена од советот на Општина Кавадарци.

**Член 4**

Јавни површини во смисла на оваа одлука се:

-Јавни сообраќајни површини (улици,коловози тротоари,пешачки и велосипедски патеки ,јавни паркиралишта,плоштади, шеталишта, надвозници, подвозници, скалила што поврзуваат јавни сообраќајни површини, мостови, кејови,такси стојалишта стојалишта на јавен градски превоз, и слични површини).

-Јавни зелени површини(паркови,парк-шуми,дрвореди живи огради, тревници, цветници, детски игралишта, зелени површини покрај улиците, покрај станбените објекти и покрај јавните објекти, спортско рекреативни и водни површини и други слични површини).

Одредбите на оваа одлука се однесуваат и на други површини определени со оваа одлука.

**Член 5**

Комунални дејности по член 2 на оваа Одлука можат да ги вршат јавните претпријатија основани од Општина Кавадарци, како и други домашни и странски, физички и правни лица кои се регистрирани за вршење на соодветната комунална дејност и поседуваат дозвола издадена од надлежен орган (во понатамошниот текст: даватели на услуги).

Давателите на услуги се должни да обезбедат трајно и квалитетно вршење на комуналните дејности, како и одржување на објектите и опремата на комуналната инфраструктура во функционална состојба,

Корисниците на услугите во смисла на оваа Одлука се сите домашни и странски, физички и правни лица кои ги користат услугите, објектите, опремата и површините во сферата на комуналните дејности на подрачјето на општина Кавадарци.

Корисниците на услугите се должни да се придржаваат на одредбите на оваа Одлука заради непречено и функционално вршење на овие дејности кои се од јавен интерес.

## УРЕДУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИ МЕСТА

**Член 6**

Населените места треба да бидат уредени.

Под уредување на населените места се подразбира уредување на јавните сообраќајни и јавните зелени површини, надворешните делови на станбените и деловните објекти, излозите, начинот на поставување на реклами, натписи и паноа, поставување на огради, комунални објекти и друга комунална опрема како и уредување на други површини во функција на поставување на објекти.

**Член 7**

Надворешните делови на станбените и деловните објекти ( фасади, тераси, балкони, влезни врати прозорци и др.), мора да бидат уредени и чисти, а видливите оштетувања мора да бидат поправени.

Станбени и деловни објекти кои со својот изглед (поради оштетување или дотраеност на надворешните делови), го нагрдуваат општиот изглед на улицата или населбата мораат да се уредат.

Забрането е уништување на надворешни делови на станбените и деловни објекти, со испишување на пораки, ставање на соопштенија, цртање, шарање или нагрдување на друг начин.

**Член 8**

На прозорците, балконите, терасите, оградите и другите делови кои им припаѓаат на станбените и деловните објекти а кои се позиционирани наспроти улица или плоштад забрането е прикачување или изложување на облека, постелнина, теписи и други предмети.

На прозорците, балконите,оградите и други делови од станбени и деловни објекти може да се чува цвеќе и украсни билки на начин што не ја загрозуваат безбедноста.

**Член 9**

Сопствениците односно корисниците на станбени и деловни објекти кон кои припаѓаат огради кои се наоѓаат покрај јавни површини се должни оградите да ги одржуваат во исправна состојба и во состојба во која што не преставува опасност за нормалното движење.

Живите огради кои се наоѓаат покрај јавни сообраќајни површини задолжително редовно се одржуваат и најмалку три пати годишно се поткаструваат така што со своите гранки не ја преоѓаат регулационата линија на јавните сообраќајни површини и не го попречуваат сообраќајот.

**Член 10**

Дворовите, градините, овоштарници, лозја, ливади и др. слични површини кои се наоѓаат пред станбени и деловни објекти и неизграденото градежно земјиште кое се наоѓа покрај јавните површини, сопствениците односно корисниците треба да ги одржуваат во уредена состојба, која со својот изглед естетски не го нарушува околниот простор.

**Член 11**

Јавните површини кои се наменети за рекреативни активности, спортските објекти наменети за деца и возрасни и другите уреди, треба да се одржуваат во уредна состојба, исправни и функционални во согласност со нивната намена.

На површините, објектите и уредите од став 1 на овој член, на видно место треба да бидат истакнати одредби за одржување на редот, чистотата, заштитата на јавното зеленило и др.

**Член 12**

Јавните сообраќајни површини и главните патишта на јавните зелени површини треба да имаат јавно осветлување.

Јавното осветлување треба да биде изведено на начин што води сметка за значењето на одредени делови од населените места и одредени јавни површини,сообраќајот и потребите на граѓаните.

Светилките кои се во функција на јавното осветлување треба да бидат функционално и естетски обликувани.

Јавното осветлување треба редовно да се одржува во функционална исправна состојба.

Јавното осветлување по правило, треба да свети во текот на цела ноќ.

Спомениците на културата треба да бидат осветлени.

**Член 13**

Забрането е оштетување и уништување на столбовите и светилките кои се во функција на јавното осветлување.

На столбовите кои се во функција на јавното осветлување забрането е поставување на огласи, известувања, реклами и сл., освен со одобрение на надлежен орган на општината.

**Член 14**

На подрачјето на општина Кавадарци се градат и поставуваат водоскоци, фонтани и други украсни објекти на места кои со својот изглед ја разубавуваат околината.

Водоскоците, фонтаните и други слични украсни објекти, треба да бидат во исправна и уредна состојба.

**Член 15**

Јавните пакиралишта треба да се одржуваат во чиста и уредна состојба. На јавните паркиралишта треба да се одржува ред.

**Член 16**

Излозите и други слични објекти кои служат за изложување на стоки, мораат да бидат технички и естетски обликувани, соодветно осветлени и во согласност со општиот изглед на околината.

**Член 17**

На објектите, земјиштето и други простори на објектите , земјиштето и други простори на подрачјето на општина Кавадарци може да се поставуваат билборди, рекламни паноа, јарболи за знамиња, патокази кои не се сметаат за сообраќајни знаци и др. рекламни конструкции и други објекти кои служат за рекламирање и информирање по претходно издадено одобрение за нивно поставување од страна на надлежниот орган на Општината.

Рекламните конструкции и објектите од ставот 1 на овој член мора да се одржуваат чисти, уредни во исправна состојба а дотраените мора да се отстранат односно обноват или заменат.

## УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ И НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ

1. **Снабдување со вода за пиење**

**Член 18**

Новите корисници на услугите може да бидат приклучени на постојниот јавен водовод доколку ги исполнуваат условите утврдени со важечките прописи и техничките нормативи со кои се обезбедува непречена испорака на квалитетна вода во договорената количина, проток, континуитет и безбедност на луѓето и објектите.

**Член 19**

Новите корисници на услугите ќе бидат приклучени на јаваниот водовод само ако водоводната инсталација во нивните објекти е изградена според важечите прописи и техничките нормативи.

**Член 20**

Со согласноста за водоводен приклучок се определуваат условите и начинот на приклучување на корисниците на јавен водовод.

**Член 21**

Давателот на услигите е должен во рок од 8 дена сметано од денот на поднесувањето на барањето за приклучок да се произнесе по барањето за добивање на согласност за водоводен приклучок.

**Член 22**

Чистењето,монтирањето и демонтирањето на водомерите се врши од овластено лице на давателот на услуги.

При оштетување на водоводна мрежа давателот на услугите е должен да ги превземе потребните мерки за отстранување.

**Член 23**

Во случај на планирани прекини на водоснабувањето, давателот на услугите е должен преку средствата за јавно информирање да ги извести корисниците на услугите за времетраењето на прекинувањето пред водоснабдувањето да биде прекинато.

**Член 24**

Корисникот на услугите е должен веднаш да го извести давателот на услугите за секаков дефект што ќе настане на водоводната мрежа, водоводниот приклучок или водомерната шахта. По добивањето на известието давателот на услугите веднаш, а најдоцна за 6 часа е должен да преземе мерки за отстранување на дефектот.

Доколку корисникот на услугите не го пријави настанатиот дефект на неговата водоводна мрежа, должен е да ја надомести штетата.

**Член 25**

Користењето на водата од противпожарните и улучните хидранти е исклучиво наменски.

Доколку физички или правни лица користат вода од противпожарните улични хидранти ненаменски, истите се исклучуваат од понатамошно користење на водата од хидрантите и ќе ги сносат трошоците за враќање во правобитна состојба.

**Член 26**

До колку дојде до преместување на водоводната мрежа и приклучоци за спроведување на урбанистичкиот план, како за доградба на подземни инсталации, сообраќајници и други објекти, трошоците ќе ги сноси инвеститорот на објектот, кој го предизвикал преместувањето на водоводните линии.

**Одведување и испуштање на фекални и атмосферски води**

**Член 27**

Давателот на услугата е должен:

- Трајно и непрекинато да обезбеди одведување на фекалните и атмосферските води од урбаните површини преку изградена фекална и атмосферска канализациона мрежа.
- Да се грижи за исправноста и функкциониањето на целокупната фекална и атмосферска канализациона мрежа а посебно да врши редовно прочистување и да врши поправка на оштетените придружни објекти на фекалната и атмосферката канализациона мрежа и два пати годишно да врши чистење на сливниците.
- Да врши редовно чистење на коритата на отворените канали и водотеци во градежниот опфат на градот и населените места.
- Да ги исполнуваат обврските определени со Законот за водите.

**Постапување на комунален отпад и други видови на неопасен и инертен отпад**

**Член 28**

Отпадот од индивидуалните објекти за домување се собира во отпад-канти.

Отпадот од колективните згради се собира во посебни садови за отпад-контејнери.

**Член 29**

Зградите од кој отпадот од домаќинствата се става во контејнери мора да имат определен простор или место за сместување на садот за отпад и доволен број за да ги задоволи потребите на домаќинствата.

Бројот и видот на садот за отпад за секоја пооделна зграда го одредува јавното претпиријатие за комунални дејности или правното или физичко лице кое е овластено за собирање и транспортирање на отпадот.

**Член 30**

Собирачот на отпадот е должен да ги пере, дезинфекцира, дезинсекцира контејнерите најмалку два пати годишно и да ги одржува во исправна состојба а за кантите тоа да го врши корисникот.

Местото околу садовите за отпад мора да бидат во чиста и уредна состојба за која се должни да се грижат собирачите на отпадот.

**Член 31**

Создавачите на отпад должни се отпадот да го стават во садовите за отпад така да не се растура и да не го загадува просторот околу садот.

Кантите и контејнерите за отпад мора да бидат затворени.

При ставање на отпадот од домаќинствата создавачот на отпадот е должен волуменски да го намали отпадот.

Забрането е да се оневозможува пристап на возилото за отпад до местото на кое се наоѓаат садовите за отпад.

**Член 32**

Отпадот од домаќинствата на подрачјето на општина Кавадарци организирано се одвезува најмалку еднаш неделно.

Габаритниот отпад (како делови од автомобили, бела техника, метална амбалажа, делови од мебел, душеци, дрвена амбалажа, пластични гајби, автомобилски гуми и сл.), ќе се изнесува од страна на создавачите на отпадот еден ден во месецот кој го определува давателот на услугата, а после информирањето на комуналниот инспектор.

**Член 33**

Собирачот на отпадот е должен при собирањето и транспортот на отпадот да внимава отпадот да не се растура, да не се крева прав, да не се оштетуваат садовите како и да не се загадуваат и оштетуваат површините за сместување на отпадот.

Ако при утовар и истовар во возилото дојде до растурање на отпадот, собирачот на отпадот е должен веднаш да го собере и исчисти а садовите да ги врати на местото определено за нив и да ги затвори капаците на кантите и контејнерите.

**Член 34**

Се забранува:

1.Фрлање, складирање и чување на комунален отпад надвор од контејнерите, кантите за отпад или специјалните вреќи за отпад.

2.Фрлање и складирање на контејнерите и кантите за отпад на отпад кои не се сметаат за комунален отпад.

3.Фрлање во контејнерите жар и други запаливи материјали, вода , киселина и моторни и разни други штетни и опасни материи.

4.Поставување и преместување на контејнерите и кантите за отпадоци на други места од местата определени од давателот на услугата.

5.Пребарување на отпад во корпите,кантите и контејнерите од страна на физичките лица.

6.Палење на отпадот во кантите и контејнерите.

7.Собирањето и транспортирањето на отпадот да се врши со средства и опрема која не соодветна за вршење на дејност.

8.Постапувањето со оптадот на начин кој доведува до нагрдување на објектите и просторот во урбаните зони и во подрачјата надвор од урбаните зони.

9.Истурање и фрлање на отпад во канализационите и другите инфраструктурни системи и објекти.

10.Забрането е создавачот на комунален отпад и отпад сличен на комуналниот отпад самостојно да го исфрла на депонијата.

11.Забрането е правните и физички лица кои имаат свој сад за отпад истиот да го исфрлаат во останатите садови за отпад поставени во градот.

**Депонирање на индустриски отпад и штетни материи**

**Член 35**

Забрането е:

- Предавање на индустриски отпад на правно или физичко лице кое не поседува дозвола за собирање и транспортирање на отпад согласно Законот.

- Истурање или фрлање на инустриски отпад кој содржи штетни материи во водите, почвата, во садови кои не се предвидени за собирање на таков вид отпад во канализационите и други инфраструктурни системи и објекти.
- Собирањето и транспортирањето на индустриски отпад да се врши со средства и опрема која не е соодветна за вршење на дејноста.

**Депонирање отпадоци што се создаваат со изведување на градежни работи**

**Член 36**

Под депонирање на отпадоци што се создаваат со изведување на градежни работи а кои немаат својство на комунален отпад се подразбира собирање, транспортирање и депонирање на овие отпадоци на депонии.

**Член 37**

Отпадоци што се создаваат со изведување на градежни работи: градежен материјал, земја, шут, згура, вар, цемент, чакал, песок,кал, камења, тули, кеамички отпадоци и сл.

Отпадоците од став 1 на овој член не смеат да се оставаат и собираат на јавните површини.

Правното или физичко лице кое ги изведува градежните работи е должно градежниот шут и остатоците од работата да ги собере и транспортира во соодветни возила на место определено за тоа или да ангажира правно или физичко лице овластено за таа работа.

**Член 38**

Со отпадоците што се создаваат со изведување на градежни раабoти се постапува во согалсност со одредите на Законот за управување со отпад што се однесуват за инертниот отпад.

Изведувачот на работите или корисникот на услугата да го исфрли отпадот или фирма специјализирана за тоа.

**Член 39**

Забрането е отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи да се изнесуваат од своите дворни места до денот на преземањето од

страна на правни или физички лица кои се овластени за собирање и транспортирање на отпадот.

Се забранува транспортирање на отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи да се врши со несоодветни транспортни возила што би предизвикало истурање или протекнување на јавните сообраќајни и зелени површини.

Забрането е оставање односно истурање на отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи на јавните површини, јавно сообраќајните површини, неизградено градежно земјиште, во и покрај водните површини и сл.

## Одржување на јавната чистата во градот и други населби

### Член 40

За истовар, оставање или утовар на градежен материјал, подигање на скеле и поправка на фасадите на станбените и деловните објекти како и за слични градежни работи може повремено да се користат јавните и сообраќајните површини или неизграденото градежно земјиште само со одобрение издадено од градоначалникот на општина Кавадарци.

Во одобрението од претходниот став треба да се утврдат условите и начинот на истовар, утовар или оставање на градежниот материјал, мерките на сигурност, времето на истовар, утовар или оставањето на градежниот материјал и надоместокот за користење на јавната или сообраќајната површина.

При извршувањето на работите од став 1 на овој член пред нивното започнување мора да се обезбеди проодноста на тротоарите и улиците и сообраќајните површини кои се зафаќаат со градежни дејствија мора да се оградат со ограда која треба прописно да се означи и осветли градежниот материјал што ќе се користи мора уредно да биде нареден и да не го спречува истекувањето на атмосферските води.

### Член 41

Изведувачот на градежните работи мора да превземе мерки кои ќе оневозможуваат растурање на земја по јавните површини при ископот на темели и сл.

Тротоарите и другите пешачки премини пред градилиштето треба да бидат обезбедени од страна на градителот со хоризонтални и вертикални заштитници.

По завршување на градежните работи или ако градежните работи од било кои причини бидат запрени на подолго време, изведувачот на градежните работи должен е да ги отстрани скелињата и другиот градежен материјал од јавните површини и истиот да се доведе во правобитна состојба.

### Член 42

Покрај дрворедите не смее да се остава песок, чакал или друг градежен материјал.

### Член 43

Во текот на изведувањето на градежните работи изведувачот е должен:

- Да ја чисти јавната површина од градилиштето од секаков вид градежен и друг материјал, кал и сл. Кои се наоѓаат на јавната површина како последица од вршење на неговата дејност.
- При рушење на градежни објекти изведувачот на работите е

должен материјалот што се руши да го полева со вода заради спречување на ширење на прашина и аеросоли.

- Сливниците за атмосферски води во близина на местото каде што се вршат градежните работи редовно да ги чистат.

- Да го транспортира градежниот материјал од градилишптето на начин што нема да го попречува сообраќајот и слободното истекување на атмосферските води и да го спречи растурањето на матерјалот по јавните површини.

**Одржување и користење на паркови, зеленило, парк шуми и рекреативни површини**

**Член 44**

По одржување и користење на паркови, зеленило, парк шуми водни и рекративни површини се подразбира подигање , одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока вегитација и сл. На подрачјето на општина Кавадарци.

**Член 45**

Паркови се посебно уредени и озеленети површини во урбаните средини согласно усвоените урбанистички планови кои им служат на граѓаните за одмор и рекреација.

Одржувањето и користењето на парковите е дејност што ја врши давателот на услугата на кого му е доверено извршување на работите од страна на Општината.

Одржувањето, уредувањето и користењето на парковите се врши врз основа на годишна програма донесена од страна на советот на општина Кавадарци а на предлог на давателот на услугата на кого му е доверено управањето со парковите.

Давателот на услугата е должен да ги одржува и уредува парковите согласно годишната програма донесена од страна насоветот на општина Кавадарци а особено:

-хортикултурно да ги уредува површините во просторот на парковите;

-редовно да ја одржува јавната чистота во парковите;

-редовно да ги одржува патеките и просторот наменет за шеталиштата;

- да ги одржува во исправна состојба клупите за седење;

- редовно засадување, обработување и надводнување на зелените површини;

- да постави корпи за отпадоци и др. урбана опрема и нивно редовно оджување;

- редовно кастрење на ниските гранки заради безбедно шетање по парковите.

**Член 46**

Под зеленило во смисла на оваа Одлука се подразбираат тревници, цветни и други насади, живи огради, грмушки,дрвја и дрвореди ( во натамошниот текст зелени површини).

Под јавни и зелени површини во смисла на оваа Одлука се подразбираат зелените површини покрај улиците, плоштадите, културно историските споменици, јавните паркиралишта, рекреативни површини, детски игралишта, спортски терени, гробиштата и дворните места на јавните објекти на општината.

**Член 47**

Одржување на зелените површини опфаќа:

- Подигање, садење, одгледување и обновување на зелените површини;
- Заштита на зелените површини од оштетување, болести и штетници;
- Чистење на озеленетите површини и
- Одржување и чистење на патеките на озеленетите површини.

Одржување на јавно зелените површини ги врши давателот на услугата врз основа на годишна програма донесена од страна на советот на општина Кавадарци.

Годишната програма треба да содржи: планирање на начинот и мерките за одржување на истите, видот на зеленило, поставување и видот на урбаната опрема, и дрл. Работи на одржување како и трошоците за извршување на овие работи и изворите на овие средства.

**Член 48**

Парк шума во смисла на оваа Одлука е подрачје со посебно природни карактеристики кое се одликува со свое виден панорамски изглед и особено со природна убавина настаната на природен начин, односно тоа се делови од просторот кој со своите географски особини и творбите на човекот се истекнуваат од другата околина и имаат излетничко рекреативно историско, естетско, културно или научно значење.

Парк шумите се прогласува со посебна Одлука од Советот на општината.

Одржувањто и управувањето со парк шумите ги врши давателот на услугата на кого му е доверено извршување на работите од страна на Општината.

Овластениот субјект на кого му е доверено правото да управува со парк шумата е должен да презема соодветни мерки„шумски ред" со цел да се обезбеди периодично подмладување и заштита на шумите од појава на пожари и ширење на штетни инсекти и растителни болести, штетното дејство на ветерот,снегот и другите елементарни непогоди и заштита на шумското земјиште за што донесува посебен правилник за што согласност дава советот на општина Кавадарци.

**Член 49**

Под рекреативни површини на подрачјето на општината се подразбира определени простори на подрачјето на општина Кавадарци кој од страна на граѓаните се користат за одмор и рекреација посебни подрачја од ридско планинските предели, полските предели, месности околу Манастири, историски споменици, крајбрежни терени покрај реките, акумулационите езера и сл.

Одржувањето и уредувањето на рекреативните површини Опшштината може да го довери на Јавното претпријатие за комунални дејности, здружение на граѓани, спортско рекреативни и еколошки друштва, излетнички друштва, месни заедници.

**Член 50**

Сечење и копање на дрвја, грмушки и живи ограда во зелените површини може да се врши заради нивно редовно одржување ако се суви ако се нападнати од штетни инсекти и растителни болести , ако пречат на подземните и надземните инсталации кога се оштетени од елементарни непогоди за изградба на инвестициони објекти или поради реконструкција на зелените површини.

За сите дејствија и работи од претходниот став потребно е да се има одобрение од надлежниот орган на општината.

**Член 51**

Одобрението од претходниот став од овој член особено треба да содржи определување на рокот во кој треба работите да се завршат како и рокот во кој зелените површини треба да се исчистат од сметот настанат при извршување на работите.

Трошоците за извршување на сите работи, утврдени во став 1 на овој член се на товар на инвеститорот односно изведувачот на работите.

**Член 52**

Во парковите јавните зелени површини, парк шумите и рекративните површини забрането е:

-корнење, сечење и кастрење на дрвја, грмушки и жива ограда,

- било какво оштетување на зеленилото ( соголување и засекување на стеблата, газење и седење на тревниците, кинење на цвеќе, откорнување на цветни по тревни посеви и сл.).

- собирање на плодови и цветови од дрвјата

-копање и изнесување на земја, копање на канали, вршење на прекопи и сл.

-фрлање и оставање на отпадоци надвор од местото определно за таа намена.

-истоварување и оставање на стока, амбалажа,шут, градежен и огревен материјал,

-чување и напасување на добиток и живина

-закачување, ковање и потпирање на рекламни паноа, натписи и лепење на плакати на дрвјата.

-уништување и оштетувања објекти, уреди и инсталации, комунална опрема, рекламни паноа, натписи,знаци, патокази, соопштенија и сл.

-минување , запирање, паркирање и оставање на било кој вид возило и нивно миење,

- кршење, оштетување или уништување на корпите за отпадоци на чешмите, канделабрите и др. уреди и објекти,

-изведување на било какви работи кои доведуваат до уништување на зеленилото,

-пуштање на отпадни води, киселини, моторно масло и секаква друга материја што предизвикува загадување.

-истоварување, оставање и складирање на различен материјал ( огревно дрво, јагледн, отпадно дрво, железо, лим и сл.),

-фрлање на отпадоци и др. предмети,

-газење по затревените површини по парковите,

-неовластено косење на тревата во парковите и другите зелени површини,

-кубење и кинење на цвеќе,

-палење на оган,

-поставување на разни предмети на стеблата и гранките ( светилки, носачи на жичани водови, ормарчиња, скали и сл.).

**Одржување на улична сообраќајна сигнализација и други инфраструктирни објекти од локално значење**

**Член 53**

Под одржување на улична сообраќајна сигнализација и други инфраструктурни објекти од локално значење во смисла на оваа Одлука се

подразбира редовно одржување на вертикалната и хоризонталната сигнализација и другите инфраструктурни објекти на локалните патишта и улици на подрачјето на општина Кавадарци (семафори,сообраќајни знаци, патокази,оградите на мостовите, надворешните и сл.) како и одржување на зимски услови на локалните патишта и улици.

**Член 54**

Работи за редовно одржување на локалните патишта и улици се:

-поправка на коловозот,тротоарот и другите елементи на патот,

-чистење на коловозот, уредување на банкини,заштита на косини, насипи, засеци, чистење и уредување на одводите на патот, риголи, берми, славници, поправка на поотпорни и обложни ѕидови и други објекти на патот.

-работа на одржување на електрични инсталации – замена на дотраени светилки на раскрсници и друго осветлување на патот.

-одржување на прегледност на локалните патишта и улици особено на места на вкрстување,

-носење на трева, уредување и одржување на зелени површини и насади во патниот појас;

-чистење снег и мраз од коловозот, посипување со сол или образивни средства на коловозот, мостовите, делниците со поголеми наклони на патот, како и на други места во случај на појава на мраз на коловозот, поставување, замена и поправка на хоризонтална ивертикална сигнализација на патот, на огради и заштитна мрежа на патот и на друга опрема на патот.

Работите во врска со редовното одржување на локалните патишта и улици се вршат врз основа на годишна програма донесена од Советот на општина Кавадарци.

**Член 55**

Снегот од јавните сообраќајни површини се отстранува – чисти кога ќе наврне до 10 сантиметри висина, а ако врнежите се непрекинати тој се отстранува повеќе пати.

Мразот од јавните сообраќајни површини се отстранува по создавањето.

Начинот и другите услови за отстранување на снегот и мразот се утврдува со Програма донесена од Советот на општина Кавадарци.

Снегот и мразот од покривите на објектите кои се наоѓаат покрај јавните сообраќајни површини се отстрануваат кога постои можност да паднат или да се откинат и да ја загрозат сигурноста на сообраќајот.

**Член 56**

Физичките или правните лица кои ја извршуваат Програмата за отстранување на снегот и мразот се должни, секојдневно да ја известуваат општина Кавадарци за состојбата на јавните сообраќајни површини и за мерките што се преземени за извршување на Програмата.

**Член 57**

За отстранување на снегот и мразот од јавните површини, пред деловните објекти, пазарите на мало, спортските објекти и слични простори се грижат правните и физичките лица кои управуваат со тие површини, односно кои извршуваат деловна дејност.

**Член 58**

За отсранување на снегот и мразот од тротоарите пред објектите во индивидуално и колективно домување и другите објекти одговорни се сопствениците, односно корисниците на објектите.

**Член 59**

Давателот на услугата кој врши чистење на снег и мраз е должен да ги одржува и чисти тротоарите и плоштадите да прави пешачки патеки, а по потреба и машинско и рачно посипување на сол.

**Одржување на гробови, гробишта и давање на погребална услуга**

**Член 60**

На гробиштата може да се одржуваат само собири кои се во врска со погребот или со вообичаените помени како и посети на гробиштата.

**Член 61**

За уредување и одржување на гробиштата се грижи давателот на услугите, а за уредување на поединечните гробови се грижат корисниците на услугите.

**Член 62**

Вршењето на верските обреди на гробиштата е слободно секој ден.

Граѓаните и лицата корисници на земјиштето на гробиштата се должни да се придржуваат на редот и работното време за одржување на гробиштата и да се однесуваат онака како одговара на местото и должното почитување кон починатите.

**Член 63**

- На гробиштата не се дозволува:
- Викање и на друг начин нарушување на мирот во гробиштата,
- Носење на кучиња и други животни,
- Пасење на стока,
- Неовластено косење на трева,
- Оштетување на гробовите,
- Оштетување на надгробните споменици и знаци,
- Оштетување на клупите и останатите објекти
- Оштетување на оградата на гробиштата,
- Собирање на прехранбени и други производи од гробовите оставени од блиските за починатите и
- Поставување на непристојни натписи или било какви реклами

Забранети се натписи со кои се навредува било чија националност и верска припадност или со кој се навредува почитувањето на починатиот.

**Одржување на јавно осветлување**

**Член 64**

Под одржување на јавнто осветлување се подразбира одржување на уличното осветлување во исправна состојба и тоа одржување на објектите и инсталациите, редовна замена на светлечките тела (сијалици и арматури), чистење и боење на електричните столбови.

**Член 65**

Јавните сообраќајни површини пешачките и други главни патишта на јавните зелени површини мораат да имаат јавно осветлување.

Светлосните тела треба да бидат функционални и естетски обликувани.

Јавното осветлување треба редовно да се одржува во состојба на функционална испавност.

Јавното осветлување треба да биде во употреба за време на целиот ноќен период.

**Член 66**

За одржување на јавното осветлување Советот на општина Кавадарци донесува Годишна Програма за одржување на јавното осветлување на Општината во кој се утврдува динамиката и обемот на одржувањето, како и потребните средства за одржување на јавното осветлување, претпоставениот број на корисници, висина на прибрана комунална такса за јавно осветлување и потрошувачката на електрична енергија.

**Член 67**

Заради исправно и целосно функционирање на јавното осветлување забрането е:

-оштетување и уништување на светлосните тела и светлосните столбови,

- поставување огласи, известување, реклами и слично, освен со одобрение на надлежен орган на општината.

## Прекоп на јавни површини и одржување и користење на јавен простор за паркирање

**Член 68**

Во случај кога поради отстранување на дефект или поради поставување , поправка или замена на подземни или надземни јавни инсталации и други комунални уреди и објекти е неопходно раскопување на коловоз, тротоар, јавни или зелени површини, давателот на услугата е должен претходно да прибави одобрение за прекоп од надлежниот орган на општината.

Во одобрението од ставот (1) на овој член се определува рокот во кој треба да се извршат работите, мерките кои се должни да ги преземат давателот на услугата и изведувачот заради безбедно извршување на работите.

Доколку е неопходно итно отстранување на дефектот на јавната инсталација, по барање на давателот на услугата, изведувачот од ставот (1) на овој член може да се врши раскопување на улица на коловоз, тротоар, јавна или зелена површина веднаш, без да прибави одобрение за прокоп од ставот (1) на овој член, при што за извршеното раскопување во рок од 24 часа писмено го известува за надлежниот орган на општината.

Давателот на услугата е должен да склучи рамковен договор со изведувачот од ставот (1) со кои ќе ги уредат меѓусебните права и обврски.

**Член 69**

Под одржување и користење на јавниот простор за паркирање се подразбира одржување на просторот за паркирање и објектите во него и давањето на соседната услуга како и утврдувањето на начинот на неговото користење.

Јавните паркиралишта треба да се одржуваат чисти и уредни.

На јавните паркиралишта забрането е да се врши било каква трговска дејност, да се врши утовар и истовар на стока и други работи што не се во согласност со намената на јавниот простор за паркирање.

## Одржување и користење на пазари

**Член 70**

Под одржување и користење на пазари се подразбира одржување на комуналните објекти, односно просторот на објектите изградени за давање услуги на трговија.

Трговија на мало е продавање на стоки на крајните потрошувачи.

Како трговија на стоки на крајните потрошувачи се смета трговијата на стоки за лична потрошувачка и трговија на стоки за потребите во домаќинствата.

**Член 71**

Одржувањето и користењето на пазарите го врши давателот на услугата.

Давателот на услугата е должен пазарите секојдневно да ги чисти и одржува уредни и во хигиенска состојба и во зимскиот период да го чисти снегот и мразот.

**Член 72**

На пазарите мора да има доволен број типизирани контејнери за отпад, поставени на соодветни места.

**Член 73**

Давателот на услуга е должен да утврди и истакне пазарен ред и да се придржува на пазарниот ред и работното време со тоа што го контролира дотурот на стока на пазарот така што истиот не преставува пречка за крајните потрошувачи.

Пазарните површини треба да бидат изградени со асфалт или бетонска подлога, со рамна или мазна површина, погодна за чистење и миење, со доволен број сливници, исправна канализациона мрежа, доволно количество на здрава и исправна вода за пиење и санитарен јазол,односно посебни простории за лица од машки и женски пол.

Производите што се продаваат на земјоделските пазари мора да бидат сместени на тезги кои се во исправна хигиенска состојба.

**Член 74**

На сточните пазари може да се изложат за трговија само жив крупен и ситен добиток, како и перјаста живина, а на зелените земјоделски пазари само земјоделски производи.

**Вршење на оџачарски услуги**

**Член 75**

Сопственик, односно корисник на објект кој ги користи уредите за спроведување на чад и опремата за ложење во текот на грејната сезона, е должен да побара оџачарски услуги кога уредите за спроведување на чад и опремата за ложење не може да ги доведе во исправна состојба самиот.

**Член 76**

Под вршење на оџачарски услуги се подразвира чистење и контрола на уредите за спроведување на чад и опремата за ложење.

**Член 77**

Сопствениците и корисниците на објекти кои сами ги чистат и контролираат уредите за спроведување на чад и опремата за ложење, и корисниците на оџачарски услуги се должни да извршат чистење на оџаците најмалку еднаш годишно доколку истите ги користат во грејната сезона.

Чистењето на оџаците вообичаено се врши пред почетокот на грејната сезона и тоа во месеците септември и октомври.

**Член 78**

На барање на корисник на услуга, давателот на услугата е должен да изврши чистење и контрола на уредите за спроведување на чад и опремата за ложење.

Станарите во колективните станбени згради се должни на лицето кое врши оџачарски услуги непречено да му овозможи чистење на оџаците ако за истото бидат писмено известени од страна на давателот на услугата и тоа во рок од најмалку 5 дена пред отпочнувањето на чистењето.

Висината на цената на оџачарските услуги се утврдува со Одлука на Совет на општината по предлог на давателот на услугата.

**Одржување на комунални уреди**

**Член 79**

Под одржување на комуналните уреди се подразбира одржување во функционална состојба на градски часовници, чешми,фонтани и други комунални уреди и опрема.

**Член 80**

На плоштадите и поголемите раскрсници можат да се постават јавни часовници кои мораат да бидат исправни.

**Член 81**

Во уредување и одржување на комуналните уреди и објекти како што се: фонтани, водоскоци,чешми и други уреди ќе се грижи давателот на услугата на кого му е доверено извршување на работите на водоснабдувањето.

**Член 82**

Јавните телефонски говорници можат да се постават на места каде што граѓаните се собираат или задржуваат, како што се плоштади, пазаришта, стоковни куќи, болници, автобуски станци и слични места.

Јавните телефонски говорници и поштенските сандачиња ги посетува и одржува правното лице кое извршува телекомуникациска дејност.

**Член 83**

Заради функционалноста на намената на комуналните уреди забрането е:

1.Миење и перење на јавни чешми, фонтани,

2.Напојување на животни на јавните чешми, фонтани и водоскоци,

3.Кршење на уредите и опремата

4.Пишување на натписи,шарање или цртање на истите,

5.Фрлање и оставање на комунален отпад на истите,

6.Загадување на водата во фонтаните

7.Поливање со било какви течности на комуналните уреди

**Отстранување и чување на непрописно паркирани и хаварисани возила**

**Член 84**

Хаварисани, односно оштетени возила се оние возила кои поради настаната хаварија или дотраеност не се во состојба да се движат со силата на сопствениот мотор.

Неправилно или непрописно паркирано возило е она возило кое е паркирано на јавните сообраќајни и јавните зелени површини спротивно на важечките прописи.

**Член 85**

Под отстранување и чување на непрописно паркирани и хаварисани возила во смисла на оваа Одлука се подразбира начинот и постапката за отстранување на оштетени, неисправни, неправилно или непрописно паркирани возила од јавните сообраќајни и јавните зелени површини на подрачјето на општина Кавадарци.

**Член 86**

Под отстранување и чување на возила во смисла на оваа Одлука се подразбира нивно подигање и транспортирање со специјални возила за таа намена и нивно времено сместување во специјално обезбеден простор за нивно чување.

Отстранување на возилата од јавните сообраќајници и јавните зелени површини го врши овластениот субјект, а по налог на овластено лице.

**Член 87**

За отстранување на хаварисани возила комуналниот инспектор на сопственикот односно на носителот на правото на користење на возилото ќе му издаде решение со кое ќе му наложи отстранување на возилото во рок од 5 до 10 дена од денот на доставата на решението.

До колку не може да се идентификува и пронајде сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото, комуналниот инспектор ќе залепи налепница со која ќе го информира сопственикот да го отстрани возилото во рок од 5 до 10 дена.

Доколку сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото не го отстрани сам возилото во рокот утврден во ставовите 1 и 2 на овој член, надлежните инспекциски органи изготвуваат записник и издаваат наредба за отстранување на возило до овластениот субјект за отстранување.

Во записникот треба да содржат најмалку следните податоци:

- Тип, марка и регистарски број на возилото,
- Состојба на возилото
- Кус опис на оштетување доколку возилото е оштетено

Овластениот субјект по издадената наредба од страна на овластените службени лица е должен веднаш да отпочне со отстранување на возилото во присуство на овластените службени лица.

**Член 88**

Овластеното правно лице е должно отстранетите возила да ги смести во посебно обезбеден простор наменето за нивно чување и да ги чува до нивното предавање на сопственикот односно на носителот на правото на користење на возилото.

Чувањето на возилото не може да трае подолго од 30 дена.

Просторот го определува овластениот субјект по претходна согласност од страна на Советот на Општина Кавадарци.

**Член 89**

При примопредавањето на отстранетото возило, сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото е должен да приложи доказ за сопственост на возилото и својот идентитет.

Примопредавањето од претходниот став се врши на посебно обезбедениот простор за чување.

По исклучок примопредавањето на возилото што се отстранува може да се изврши и на самото место од каде се отстранува, додека возилото не е поставено на платформата на специјалното возило.

**Член 90**

Примопредавањето на отстранетото возило се врши по наплатата на трошоците за отстранување,односно со приложен документ за наплатени трошоци.

**Член 91**

Трошоците, односно висината на надоместокот во отстранување и чување непрописно паркирани возила ги утврдува.Советот на Општината со посебна Одлука.

Трошоците за отстранување и чување на хаварисани возила се утврдуваат со Одлука донесена на Советот на Општината.

**Уловување, згрижување и ерадикација на животни скитници**

**Член 92**

Под уловување,згрижување и ерадикација на животни скитници во смисла на оваа Одлука се подразбира хумано решение на проблемот со животните – скитнции тоа: собирање, привремено згрижување, етерилизирање, вакцинирање, дехелментизација на здравите и еутаназија на болните кучиња и мачки скитници со цел за зачувување на здравјето на населениeто и отстранување на изворите на заразни заболувања како и смалување на можноста од нивно пренесување , спречување на евентуални економски штети и унапредување на хигиенските услови за живот.

**Член 93**

Уловувањето, згрижувањет и ерадикацијата на животните скитници општината ја доверува на јавно претпријатие основано од страна на општината за вршење на комунални дејности или павно лице кое ги исполнува условите за вршење на дејноста.

**Член 94**

Советот на Општина Кавадарци донесува Годишна Програма за уловување, згрижување и ерадикација на животните скитници која меѓу другото содржи реална проценка на бројот на кучиња и мачки скитници што треба да се третираат во тековната година, условите и организацјата на извршувањето на предвидените работи и средствата за реализирање на програмата.

**Член 95**

Општината навремено преку средствата за јавно информирање е должна да ја извести јавноста за времето и начинот на спроведувањето на дезинсекцијата, дезинфекцијата и дератизацијата и за мерките за заштита што треба да ги превземат граѓаните.

**Украсување на населените места**

**Член 96**

Под украсување на градското подрачје и на населените места на подрачјето на општина Кавадарци се подразбира украсување на надворешни делови на зградите, излозите и јавното осветлување за време на посебни прилики на свечености и празници.

**Член 97**

Дворовите, градините и другите слични површини пред зградите и неизграденото градежно земјиште покрај јавните површини, сопственикот, односно корисниците треба да ги одржуваат уредно и на нив правилно е да засадат цвеќе и украсни билки.

**Член 98**

За време на новогодишните и божиќните празници потребно е излозите на продавниците и другите деловни објекти од страна на сопствениците или корисниците да бидат свечено украсени.

За време на новогодишните и божиќните празници и во посебни прилики на свечености, плоштадите и потесниот реон на централното градско подрачје потребно е да бидат свечено украсени и јавното осветлување да биде дополнето со свечено украсени светлосни елементи.

**Отстранување и чување на ситна и крупна стока, живина и пчелни семејства во урабни средини**

**Член 99**

На подрачјето на општина Кавадарци во границите на градежниот опфат се забранува чување на секаков вид ситна и крупна стока, перјаста живина и пчелни семејства. Заради безбедноста на граѓаните пчелните семејства не смеат да се постават на помалку од 500 м. оддалеченост од градежниот опфат.

Во населените места на подрачјето на општината може да се чува добиток, пчелни семејства и перјаста живина на начин пропишан со посебни порписи за санитарно здраствено и хигиенска заштита.

Забрането е колење на ситна и крупна стока и живина на јавните и сообраќајни површини во општината.

Се забранува задржување, напасување и хранење на ситна и крупна стока и живина на јавните и сообраќајните површини во општината.

**Член 100**

Носењето на добиток во градот може да се врши до сточниот пазар и обратно во специјални корпи на кој не се загрозува безбедноста на сообраќајот и улиците .

**Член 101**

На подрачјето на општината, во градежниот опфат чување на гулаби е дозволено само во дворните места на индивидуални станбени објекти.

Гулабарникот треба да биде изграден од погоден матерјал со бетонски под поврзан со канализационен систем и истиот постојано да се одржува во хигиенска состојба.

Чувањето и одгледување на гулаби не смее да пречи во нормално живеење на соседите.

До колку гулабите го попречуваат нормалното живеење на соседите на било кој начин надлежните инспекциски органи можат да наредат преместување на гулабарникот или забрана на чување и одгледување на гулаби.

**Член 102**

На подрачјето на општина Кавадарци во кругот на едно домаќинство може да се чуваат до две кучиња под услов истите да бидат регистрирани во надлежната ветеринарна институција и редовно вакцинирање.

Сопствениците на кучињата се должни своите кучиња да ги држат во сопствените дворни места.

Кучето може да се изведе надвор од дворното место само со кошница на устата и врзано со каиш.

Сопственикот на кучињата е должен сместувањето и чувањето на кучињата да го уреди на начин што нема да пречи на мирот и спокојството на соседите.

Не е дозволено чување на кучиња кои постојано лаат и завиваат.

Не е дозволено кучиња во згради и во нивните дворови. освен чување на кучиња со педигре за кое сопственикот има прибавено писмено одобрение од куќниот совет на колективната станбена зграда.

Ситната и крупната стока и живината мора да бидат регистрирани кај надлежната ветеринарна установа согласно законските прописи и редовно да бидат вакцинирани.

Фирмите можат да бидат изградени на оддалеченост не помала од 500 метри од градежниот опфат на градот.

**Член 103**

Не е дозволено чување и складирање на слама во бали или во стогови како храна за добитокот, во градежниот опфат на градот.

**Сечење и складирање на огревно дрво и јаглен на јавни и сообраќајни површини**

**Член 104**

Истоварот, сечењето, цепењето, складирањето на огревното дрво и јагленот треба да се врши во дворните места на станбените и деловните објекти.

Во исклучителни случаи тоа може да се прави и на јавни површини, но при тоа не смее да се спречи нормалното и безбедно одвивање на сообраќајот и протекот на атмосферските води и со претходно добиено одобрение од надлежниот орган на општината.

Дрвата, јагленот и сличен матерјал мора да се отстранат од јавните сообраќајни површини и зелени површини најкасно во рок кој ќе го определи надлежниот орган во општината и после тоа јавната површина да се доведе во првобитната положба.

Се забранува чување на дрва, јаглен и др. сличен материјал на јавните сообраќајни и зелени површини.

**Јавен општински превоз**

**Член 105**

Под јавен оптшински превоз се подразбира превоз на патници во патниот сообаќај во подрачјето на општината.

**Член 106**

Јавниот општински превоз го врши правно или физичко лице со (лиценца, дозвола) за вршење на превоз односно вршење на комунална дејност.

**Член 107**

Договор за вршење на јавен општински превоз може да се склучи со физичко односно правно лице кое има добиено лиценца за вршење на таков превоз во постапка согласно законските прописи.

**Член 108**

За вршење на општински превоз се утврдува следната мрежа на автобуски линии .

**Меѓуградскиот превоз го врши превозник со следните релации и градови:**

-Кавадарци-Неготино

-Неготино-Кавадарци
-Кавадарци-Скопје
-Скопје-Кавадарци
-Кавадарци-Битола
-Битола-Кавадарци
-Кавадарци-Охрид
-Охрид-Кавадарци
-Кавадарци-Велес
-Велес –Кавадарци
-Кавадарци-Струмица
-Струмица-Кавадарци
-Кавадарци-Прилеп
-Прилеп-Кавадарци
- И други градови-релации утврдени од превозникот

Јавниот градски превоз го врши правно лице врз основа на склучен договор со општина Кавадарци согласно законските прописи и тоа на следните релации:

**Марена-Ваташа** се обраќа на релации: (Марена, Глишиќ, Мик, Кожувчанка, Нова Болница, Шумарско школо, Јавор, Стара автобуска, ТА Екстра бус, Управа за јавни приходи, Полициски згради, Гимназија- игралиште, Тоде Хаџи Тефов, Дарданели, Џакомо, Ваташка пошта, Силекс згради во временски тајминг утврден за секоја станица од страна на превозникот.

**Ваташа-Марена** се обраќа на релација: Иле Мак, Ваташки трафики, Прв мост, Силекс, Ваташка пошта, Џакомо, Дарданели, Тоде Хаџи Тефов, Гимназија-игралипште, Полициски згради, Управа за јавни приходи, ТЕ Екстра Бус, Центар-Кино, Јавор, Шумарско школо, Нова Болница, Кожувчанка, Мик, Глишиќ, Марена во временски тајминг утврден за секоја станица од страна на превозникот.

**Релација Ваташа-Сопот и ( обратно)**: Иле Мак, Ваташки трафики, Први мост, Димката А. Габерот Ваташа, Силекс, Ваташка пошта, Џакомо, Дарданели, Прв триаголник, Центар Кино, Јавор, Шумарско школо, Нова болница, Кожувчанка, Мик, Глишиќ, Марена,Сопот во временски тајминг утврден за секоја станица од страна на превозникот.

**Член 109**

Линијата од претходниот член се одржуваат секој работен ден.

**Член 110**

Автобусите со кој се врши јавниот општински превоз мора да има правилно прицврстени седишта, уредно да се одржава чистотата, да има противпожарен апарат.

**Член 111**

Автобусите на бочните надворешни страни имаат назив кој содржи назив и седиште на превозникот.

**Член 112**

Во автобусите со кој се одвива јавниот општински превоз мора да биде истакнат на видливо место бројот на регистрирани места за седење и стоење, натписот, забрането пушење и назив на линијата на која се врши превоз.

**Член 113**

Возниот ред на автобусите кој се врши превоз во јавниот општински превоз се истакнува на посебна табла во автобуска станица во Кавадарци.

**Член 114**

Контрола на сообраќајот на возилата кои вршат јавен општински превоз врши инспекторот по сообраќај на Општина Кавадарци.

За извршените контроли инспекторот води посебна евиденција.

Инспекторот е должен најмалку еднаш месечно да врши контрола на секоја линија за јавниот општински превоз.

**Член 115**

При вршење на превоз на јавниот општински превоз автобусите може да застануваат на автобуските стојалишта.

Под Автобуско стојалиште се подразбира уреден простор надвор од коловозната лента, одреден и обележан за застанување на автобуси и за безбедно качување односно слегување на патници.

Автобуски стојалишта во Кавадарци се просториите пред:
Автобуски стојалишта во Кавадрци се означени следниве и тоа:

-с.Сопот
- с.Марена,
- с.Глишиќ,
-Мик
-Кожувчанка
-Нова Болница
-ЗШУЦ Ѓорче Петров,
-Јавор,
-Стара Автобуска Станица,
-ТА Екстра Бус,
-Управа за јавни приходи
-Полициски Згради
-Гимназија(Игралиште)
-Тоде Хаџи Тефов
- Дарданели
-Џакомо
-Ваташка Пошта
-Силекс
-Прв Мост Ваташа
- Димката Ангелов Габерот Ваташа
-Ваташки трафики
-Иле Мак

**Член 116**

Крајните точки од јавниот општински превоз во секое населено место завршуваат пред автобуските свртувалишта

Под Автобуско свртувалиште се подразбира уреден простор наменет за качување и слегување на патници и свртување на возилата заради промена на насоката на движење.

**Член 117**

Превоз на патници со комби возило може да се врши само до населените места каде што не е организиран јавниот оштински превоз.

По исклучок од претходниот став превоз со комби возило може да се врши и на линии на кој е организиран јавниот општински превоз и тоа во неработни денови или во определени сезони .

Превоз со комби возило може да се врши само по претходно издадено одобрение од надлежниот орган на општината, за работите од областа на сообраќајот.

**Член 118**

Распределба на линиите во јавниот општински превоз ја врши Комисија од три члена формирана од страна на советот на Општина Кавадрци
Комисијата од претходниот член распишува оглас за распределба на линиите во јавниот општински превоз ,во огласот мора да бидат содржани сите линии вокој се врши јавниот општински превоз.
Огласот Трае 8 дена и се објавува во локалните средства за јавно информирање.

**Член 119**

На огласот може да се пријават само правни лица кои од надлежниот државен орган на управата за работите од областа на сообраќајот имаат добиено соодветна лиценца.

**Член 120**

Приоритет при распределба на линии за јавниот општински превоз имаат правните лица кои ќе понудат пониска цена за превозот на патници.

**Член 121**

По приговорот од Одлуката на Комисијата може да се поднесе жалба до советот на Општина Кавадарци во рок од 15 дена од денот на добивањето на одлуката.

**Член 122**

Врз основа на Одлуката на комисјата односно советот на Општина Кавадарци надлежниот управен орган за работите од сообраќајот издава решение за одобрување на превоз на превозникот.

**Член 123**

Превозникот кој добил решение за одобрување за вршење на превоз, е должен да отпочне со превоз во рокот определен во решението.

**Член 124**

Доколу превозникот не започне со превоз во определениот рок во решението на одобрената линија, го губи правото да врши превоз на таа линија, а надлежниот општински управен орган надлежен за работите од сообраќајот, решение за одобрение не превоз ќе му издаде на наредниот поволен учесник на огласот.

## Испорака на гас од главниот цевковод до мерниот инструмент на корисникот

**Член 125**

Испорака на гас од главниот цевковод до мерниот инструмент на корисникот се врши на начин и под услови кој ќе ги определи Општината со посебна Одлука.

**Испорака на тополотна енергија од централниот извор на греење до мерниот инструмент на корисникот**

**Член 126**

Испорака на тополотна енергија од централниот извор на греење до мерниот инструмент на корисникот се врши на начин и под услови кој ќе ги определи Општината со посебна Одлука.

**Изградба , одржување и чистење на речните корита во урбанизираните простори**

**Член 127**

Под изградба , одржување и чистење на речните корита во урбанизираните простори се подразбира изградба и одржување на речни корита од разни нечистотии, наноси на кал и сл. И одржување на речното корито во функционална и корисна состојба за сите граѓани во општината.

Одржувањето, чистењето на речното корито го врши правно или физичко лице кое има дозвола за вршење на комунална дејност.

**Користење на јавно прометна површина за изложување на предмети,стока,рекламни паноа, билборди и друго**

**Член 128**

За користењето на јавно прометна површина за изложување на предмети, стока,рекламни паноа, билборди и друго Советот на општина Кавадарци носи посебни Одлуки за користење на јавно прометната површина, изложување на предмети, рекламни паноа , билборди и др.

**Мерки за спроведување комунален ред и надзор**

**Член 129**

Мерките за спроведување комуналениот ред и надзор се утврдуваат со посебни Програми во рамките на условите утврдени со оваа Одлука.

Програмите од став 1 на овој член ги донесува Советот на Општина Кавадарци.

**Член 130**

Инспекцијскиот надзор над спроведување на оваа Одлука вршат овластените општински комунални инспектори и комунални редари.

Надлежните општински инспектори вршат инспекциски надзор над јавните комунални претпријатија основани од општината , над физичките и правни лица на кој општина Кавадарци им дала дозвола за вршење на комунална дејност над законитоста во работењето на субјектите во комуналните дејности на подрачјето на општината како даватели на комунални услуги и над правните и физички лица како корисници на комунални услуги согласно одредбите на оваа Одлука.

**Член 131**

За извршениот инспекциски надзор односно за утврдената фактичка состојба и превземените мерки од надзорот, надлежните инспекциски органи се должни да состават записник и да го достават на физичкото или правно лице каде што вршеле инспекција.

**Член 132**

Надлежните општински инспектори по извршениот инспекциски надзор донесуваат Решение .

Со Решението се наредува на физичките и правни лица превземање на дејствија со цел одржување на комуналниот ред согласно одредбите на оваа Одлука. Жалба против Решението може да се поднесе во рок од 8 дена до Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Кавадарци.

Жалбата не го одлага извршувањето на Решението.

**Член 133**

Физичките и правни лица се должни на надлежните општински инспекциски служби да овозможат непречено извршување на надзорот, пристап до просториите, објектите, земјиштето, апаратите и уредите, да дадат лични податоци и да пружат други потребни известувања за предметот.

**Член 134**

Ако надлежните општински инспектори во својата работа бидат попречени од субјектите на надзорот, можат да побарат помош од надлежните полициски органи.

**Прекршочни одредби**

**Член 135**

За непочитување на оваа Одлука ќе се применуваат прекршочните одредби согласно Законот за комунални дејности („Сл. Весник на РМ” нр. 95/2012) и измените и дополнувањата на Законот за комунални дејности („Сл. Весник на РМ” бр. 163/2013).

**Член 136**

Давател на услуги во смисла на оваа Одлука се смета ЈКП „Комуналец” Кавадарци и тоа за следните комунални дејности од член 2 и тоа:

Снабдување со вода за пиење;

Одведување и испуштање на фекални и атмосферски води.

Обработка и депонирање на комунален отпад

Депонирање на индустриски отпад и штетни материи

Депонирање отпадоци што се создаваат со изведување на градежни работи.

Одржување на јавна чистота во градски и други населби

Одржување и користење на паркови, зеленило, парк-шуми, водни и рекреативни површини

Одржување на гробишта и давање на погребални услуги и одржување на гробови

Прекоп на јавни површини и одржување и користење на јавен простор за паркирање;

Одржување и користење на пазари на големо и мало;

Уловување, згрижување и ерадикација на животни –скитници.

Одржување на јавно осветлување

Вршење на Оџачарски услуги;

Одржување на комунални уреди и урбана опрема (корпи за отпадоци, клупи,цвеќарници и др.).

Улична сообраќајна сигнализација и други инфраструктурни објекти од локално значење,(локални патишта,улици сосите пропратни објекти и површини за одржување).

**Давател на услуги од оваа Одлука и тоа за**

Отстранување и чување на непрописно паркирани возила, хаварисани возила, земјоделски машини со приклучни и без приклучни орудија
Украсување на населените места
Дезинфекција,дезинсекција и дератизација
Отстранување и чување на ситна и крупна стока и живина и пчелни семејства во урбани средини.
Сечење и складирање на огревно дрво и јаглен на јавни и сообраќајни површини;
може да бидат правни ифизички лица што имаат дозвола за вршење на соодветна комунална дејност и врз основа на најповолна прифатена понуда согласно Законот за јавни набавки.

**Член 137**

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување бр.07-873/3 од 28.02.2014 година („Сл. Гласник на Општина Кавадрци" бр.13/2014 г.).

**Член 138**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Сл. Гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-4875/20** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**20.12.2017 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на

## Одлука за кофинансирање на Проектот„ Подобрување на патната инфраструктура во микро-регионот Росоман,Кавадарци Неготино преку реконструкција на дел од Северен булевар во Општина Кавадарци

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за кофинансирање на Проектот„ Подобрување на патната инфраструктура во микро-регионот Росоман,Кавадарци Неготино преку реконструкција на дел од Северен булевар во Општина Кавадарци, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-5167/21** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2017 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.гласник на општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржна на ден 20.12. 2017 година, да донесе

## ОДЛУКА

За кофинансирање на Проектот “Подобрување на патната инфраструктура во микро-регионот Росоман, Кавадарци, Неготино преку реконструкција на дел од Северен булевар во општина Кавадарци”.

**Член 1**

Со оваа одлука се обезбедуваат финансиски средства за учество на Општина Кавадарци во проектот “Подобрување на патната инфраструктура во микро-регионот Росоман, Кавадарци, Неготино преку реконструкција на дел од Северен булевар во општина Кавадарци”. Проектот опфаќа реконструкција на дел од Северен булевар во должина од 445 метри.

**Член 2**

Вкупната вредност на Проектот „Подобрување на патната инфраструктура во микро-регионот Росоман, Кавадарци, Неготино преку реконструкција на дел од Северен булевар во општина Кавадарци”. Средствата во износ од 11.812.154 денари ќе се обезбедат дел од Вардарски плански регион во висина од 7.500.000 ден, а останатиот дел на општина Кавадарци е во висина од 4.312.154 денари.

**Член 3**

Финансиските средства за учество на општината во висина од 4.312.154 денари, ке се обезбедат од Буџетот на општина Кавадарци за 2018 година, и ќе бидат трансферирани до Вардарскиот плански регион како носител на проектот, врз основа на претходно изготвен договор за кофинансирање.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во службен гласник на општина Кавадарци.

**Бр.08-4875/21** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**20.12.2017 година** — **Претседател,**
**Кавадарци** — **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**

**Одлука за определување месечен паричен надоместок на Претседателите и членовите на комисиите за утврдување правен статус на бесправен објект**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за определување месечен паричен надоместок на Претседателите и членовите на комисиите за утврдување правен статус на бесправен објект, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-5167/22**
**22.12.2017 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/2002) и член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.12. 2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За определување месечен паричен надоместок на членовите на Комисиите за утврдување правен статус на бесправен објект**

**Член 1**

На членовите на Комисиите за утврдување правен статус на бесправен објект им се определува месечен паричен надоместок во износ 15.000 денари.

На членовите на Комисиите за утврдување правен статус на бесправен објект им се исплатува наведениот месечен паричен надоместок доколку во текот на месецот активно работи на решавање на предмети за легализација, односно се исплатува на членовите на Комисијата кои изготвиле 280 решенија за легализација во текот на месецот.

Доколку членовите на Комисиите изготват и донесат повеќе / помалку од 280 решенија за легализација во текот на месецот, во тој

случај месецниот паричен надоместок од став 1 на оваа Одлука, процентуално се зголемува/намалува.

**Член 2**

На крајот на месецот Комисиите изготвуваат Извештај за завршени и потпишани решенија со запишување на архивскиот број на предмет и истиот го доставуваат на контрола/ верификација на Раководителот на Секторот.
По одобрување од страна на Раководителот истиот го доставува до Градоначалникот заради одобрување на исплата и се доставува во сметководство за исплата.

**Член 5**

Средствата за исплата на претседателите и члeновите на Комисиите за утврдување правен статус на бесправен објект се обезбедуваат од Буџетот на Општина Кавадарци.

**Член 6**

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-4875/22** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**20.12.2017 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на**
**Одлука за давање согласност за повлекување на тужба со Заклучок**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност за повлекување на тужба со Заклучокот, донесени на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-5167/23** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2017 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), и член 132 став 1 од

Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.12.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за повлекување на тужба**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за повлекување на тужба заведена пред Основен суд Кавадарци под К.бр.312/2017.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-4875/23**
**20.12.2017 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа(“Сл.весник на РМ”бр.5/02), и член 132 став 2од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), расправајки по Одлуката за давање согласност за повлекување на тужба , Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.12.2017 година , го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Општина Кавадарци го задолжува старателот на лицето во иднина да се грижи за да не настанат вакви или слични ситуации.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во “Сл.Гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-4875/23**
**20.12.2017 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Решение за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Совет на Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Решение за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Совет на Општина Кавадарци, донесено на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5167/24**
**22.12.2017 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02), член 83 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), а во врска со член 116 од Деловникот за работа на Совет на Општина Кавадарци(“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.21/06), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.12.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на Комисија за изработка**
**на Програма за работа на Совет на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со ова Решение се формира Комисија за изработка на Програма за работа на Совет на Општина Кавадарци :

**Член 2**

За членови на Комисија за изработка на Програма за работа на Совет на Општина Кавадарци се избираат

1. Мирјана Гркова
2. Горица Пеливанова -Вилхелм
3. Виолета Димитрова
4. Василка Дрварова
5. Зоран Јованчев
6. Развогор Кабранов
7. Митко Камчев
8. Анита Гинова -Каракутова
9. Душица Крстиќ
10. Божанка Минова
11. Тони Нешковски
12. Драганчо Николов
13. Петар Николов
14. Ташо Радњански
15. Ристо Сакалиев
16. Јосиф Стојанов
17. Блаже Тасев
18. Никола Трендафилов
19. Лазар Туриманџов

**Член 2**

Комисија од член 1, има за задача да изработи Програма за работа на Совет на Општина Кавадарци за тековната календарска година , врз основа на законски предвидените надлежности на Совет на Општина, која ке му ја предложи на Советот на Општината на усвојување.

**Член 3**

Решението влегува во сила со осмиот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Кавадарци” .

**Бр.08-4875/24**
**20.12.2017 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување**
**Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Управниот Одбор на ЈП”Комуналец” Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година Решението за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Управниот Одбор на ЈП”Комуналец” Кавадарци, донесено на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5167/25**
**22.12.2017 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 17 од Законот за јавни претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96,6/02,40/03,49/06,22/07, 83/09, 97/2010, 6/2012, 119/2013,41/2014, 25/2015, 61/2015 и 39/2016)), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.05/2002), член 82 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.12.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Управниот Одбор на ЈП”Комуналец” Кавадарци**

**Член 1**

Се разрешуваат членовите на Управниот Одбор на ЈП”Комуналец” Кавадарци, именувани со Решение бр. 07 – 5915/ 18 од 24.12.2013 година, Решение 08-5066/15 од 31.10.2016 година и Решение бр.08-4382/3 од 30.11.2017 година.

**Член 2**

За претставници на Општина Кавадарци во Управниот Одбор на ЈП”Комуналец” Кавадарци СЕ ИМЕНУВААТ :

1. Диме Ѓорчев
2. Надица Дамова
3. Љупчо Кабрамов
4. Најдов Ристе
5. Марјан Павлов
6. Драган Сакалиев
7. Марија Радњанска
8. Душица Костадинова
9. Горан Ставров
10. Васко Керов
11. Слободан Ангеловски
12. Даниела Тасева
13. Ифтимчо Чејков

**Член 2**

Мандатот на претставниците на Општина Кавадарци во Управниот Одбор на ЈП”Комуналец” Кавадарци, трае 4 години.

**Член 3**

Решението да се достави до именованите, ЈП”Комуналец” Кавадарци и архивата на Општина Кавадарци.

**Член 4**

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-4875/25** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**20.12.2017 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување**
**Решение за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиско работење на ЈП”Комуналец” Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година Решението за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Управниот Одбор на ЈП”Комуналец” Кавадарци, донесено на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5167/26** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2017 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 26 од Законот за јавни претпријатија(“Сл.весник на РМ” бр.38/96,6/02,40/03,49/06,22/07, 83/09, 97/2010, 6/2012, 119/2013,41/2014, 25/2015, 61/2015 и 39/2016)), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.05/2002), член 82 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.12.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиско работење на ЈП”Комуналец” Кавадарци**

**Член 1**

Се разрешуваат членовите на Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП"Комуналец" Кавадарци, именувани со Решение бр. 07– 5915/ 19 од 24.12.2017 година.

**Член 2**

За претставници на Општина Кавадарци во Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП"Комуналец" Кавадарци СЕ ИМЕНУВААТ :

1.Донка Шишкова;
2.Дафинка Петрова;
3.Павле Богев;
4.Трајанка Митрова;
5.Блаже Атанасов;

**Член 2**

Мандатот на претставниците на Општина Кавадарци во Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП"Комуналец" Кавадарци, трае 4 години.

**Член 3**

Решението да се достави до именованите, ЈП"Комуналец" Кавадарци и архивата на Општина Кавадарци.

**Член 4**

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-4875/26**
**20.12.2017 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување**
**Решение за разрешување и именување на Директор на Фондацијата за социјална, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година Решението за разрешување и именување на Директор на Фондацијата за социјална, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци, донесено на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-5167/27** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2017 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 16 од Статутот на Фондација за социјална,здравствена и културна поддршка на граѓаните на Општина Кавадарци "Кавадаречка Фондација", член 132 став 3 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр. 08/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата оддржана на ден 20.12.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување и именување на Директор на Фондацијата за социјална, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Решение се разрешува Директорот на Фондацијата за социјална, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци именуван со Решение бр.07-4925/18 од 30.10. 2014 година

**Член 2**

За Директор на Фондацијата се именува :

1. Виолета Димитрова;

**Член 3**

Директорот се именува со мандат од 2 години со можност за негово повторно именување.

**Член 4**

Директорот е одговорен пред основачот за остварувањето на целите и задачите на Фондацијата утврдени со Статут.

**Член 5**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-4875/27** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**20.12.2017 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување**
**Решение за разрешување и именување на членови на Одборот на Фондацијата за социјална, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Решението за разрешување и именување на членови на Одборот на Фондацијата за социјална, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци, донесено на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-5167/28** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2017 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 5 од Одлуката за основање на Фондација за социјална помош, член 132 став 3 Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр. 08/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.12.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување и именување на членови на Одборот на Фондацијата за социјална, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со ова Решение се разрешуваат членовите на Одборот на Фондацијата за социјална, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци именувани со Решение бр.07-4925/19 од 30.10.2014 година.

**Член 2**

За членови во Одборот на Фондацијата за социјална, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци се именуваат:

1.Јосиф Стојанов
2.Тони Нешковски
3.Никола Трендафилов
4.Зоран Јованчев
5.Душица Крстиќ

**Член 3**

Членовите на Одборот на Фондацијата за социјална, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци се именуваат со мандат од 2 години со можност за повторно именување.

**Член 4**

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-4875/28**
**20.12.2017 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување**
**Решение за разрешување и именување на Претседател и членови на Одборот на Фондацијата за социјална, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Решението за разрешување и именување на Претседател и членови на Одборот на Фондацијата за социјална, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци, донесено на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-5167/29**
**22.12.2017 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 5 од Одлуката за основање на Фондација за социјална помош, член 132 став 3 Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр. 08/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.12.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување и именување на Претседател и членови на Надзорниот одбор на Фондацијата за социјална, здравствена и културна подршка на граѓаните**
**на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со ова Решение се разрешуваат членовите на Одборот на Фондацијата за социјална, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци именувани со Решение бр.07-4925/20 од 30.10.2014 година.

**Член 2**

За Претседател и членови во Надзорниот одбор на Фондацијата се именуваат:

1. Претседател - Василка Дрварова
2. Драган Николов
3. Петар Николов

**Член 3**

Претседателот и членовите на Надзорниот Одбор на Фондацијата за социјална, здравствена и културна подршка на граѓаните на Општина Кавадарци се именуваат со мандат од 2 години со можност за повторно именување

**Член 2**

Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-4875/29**
**20.12.2017 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување**
**Одлуката за усвојување на Извештајот за редовното работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти "Мито Хаџивасилев-Јасмин" – Кавадарци за I полугодие од 2017 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за усвојување на Извештајот за редовното работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти"Мито Хаџивасилев-Јасмин" – Кавадарци за I полугодие од 2017 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.
2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-5167/30**
**22.12.2017 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 Законот за јавните претпријатија бр.38/96, 6/02,40/03, 49/06, 22/07, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 25/2015, 61/2015), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ " бр. 5/02), член 82 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на Седницата одржана на ден 20.12.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Извештајот за редовното работење**

**на ЈП за стопанисување со спортски објекти**

**"Мито Хаџивасилев-Јасмин" – Кавадарци за I полугодие од 2017 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Извештајот за редовното работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти "Мито Хаџивасилев-Јасмин" Кавадарци за I полугодие од 2017 година, донесен на седницата на Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти "Мито Хаџивасилев-Јасмин" Кавадарци на ден 22.11.2017 година .

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Кавадарци .

**Бр.08-4875/30**
**20.12.2017 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување**
**Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2017 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2017 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-5167/31**
**22.12.2017 година**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа(“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци(“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Записник од Комисијата за финансии и буџет бр.08-4911/2 од 18.12.2017 година, Советот на Општина Кавадарци на седницата, одржана на ден 20.12.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За доделување на финансиски средства**
**од Буџетот на Општина Кавадарци**
**за 2017 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци доделува финансиски средства во вкупен износ од 40.000,00 денари за подршка на активностите на “Ротари клуб” Кавадарци – опремување на Детските градинки во Кавадарци со дидактички материјали и спортски реквизити.

**Член 2**

Финансиските средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2017 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-4875/31** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**20.12.2017 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување**
**Одлуката за усвојување на Годишниот План за вработување во ‚Локален Музеј-Галерија -Кавадарци за 2018 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година Одлуката за усвојување на Годишниот План за вработување во ‚Локален Музеј-Галерија -Кавадарци за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5167/32**
**22.12.2017 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ “ бр. 5/02), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на Седницата одржана на ден 30.11.2017 година , донесе

**О Д Л У К А**

**за давање на согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот План за вработување во ‚Локален Музеј-Галерија -Кавадарци за 2018 година**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ Годишниот План за вработување во ‚Локален Музеј-Галерија -Кавадарци за 2018 година заведен под бр.01-233 од 13.12.2017 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето , а ке се објави во “Службен Гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-4875/32**
**20.12.2017 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување**
**Одлуката за давање согласност за давање на користење на паркинг простор**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година Одлуката за давање согласност за давање на користење на паркинг простор, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5167/33**
**22.12.2017 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на

општина Кавадарци ("Сл.гласник на општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.12.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За давање согласност за давање на користење на паркинг простор**

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за користење на Балкан Централ ДОО Кавадарци на 12(дванаесет) паркинг места согласно ДУП-УЕ 12К дел 2007-2012 , за период од 1(една) година.

Член 2

Се овластува Претседателот на Советот на Општина Кавадарци да склучи Договор со Балкан Централ ДОО Кавадарци согласно Законот за комунални такси и Одлуката за утврдување на висината на комунална такса во Општина Кавадарци.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-4875/33**
**20.12.2017 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување**
**Решение за избор на командир на Полициска станица од општа надлежност Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година Решението за избор на командир на Полициска станица од општа надлежност Кавадарци, донесено на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци"

**Бр.09-5167/34**
**22.12.2017 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 24 точка 3 од Законот за полиција (“Сл.весник на РМ” бр.114/2006, 6/2009, 145/2012, 41/2014, 33/2015, 31/16, 106/16 и 120/16),член 36 став 1 точка 12 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002) и член 82 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 20.12.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За избор на командир на Полициска станица од општа надлежност Кавадарци**

**Член 1**

**САШКО ДИМОВСКИ** се избира за командир на Полициска станица од општа надлежност Кавадарци .

**Член 2**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето , а ке се објави во “Сл.гласник на Општина Кавадарци “.

**Бр.08-4875/34** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**20.12.2017 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување**
**на Заклучок по Барање бр.24-4673/ за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина- метолични минерални суровини на локалитетот„Матушница-Исток„ Општина Кавадарци и општина Гевгелија за делот кој припага на територијата на Општина Кавадарци од Министерство за економија на Република Македонија**

1. СЕ ОБЈАВУВА Заклучокот Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година по Барање бр.24-4673/ за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина-метолични минерални суровини на локалитетот „Матушница-Исток„ Општина Кавадарци и општина Гевгелија за делот кој припага на територијата на Општина Кавадарци од Министерство за економија на Република Македонија, донесено

на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 20.12.2017 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-5167/35** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2017 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/02) и член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), расправајки по Барањето на мислење бр.24-4673/3 во однос на барањето за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина- метлични минерални суровини на локалитетот„Матушница-Исток„ Општина Кавадарци и општина Гевгелија за делот кој припага на територијата на ОпштинаКавадарци од Министерство за економија на Република Македонија, Советот на Општина Кавадарци на Седницата одржана на ден 20.12.2017 година , го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1. Советот на Општина Кавадарци ДАВА НЕГАТИВНО МИСЛЕЊЕ по Барање бр.24-4673/ за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина- металични минерални суровини на локалитетот„Матушница-Исток„ Општина Кавадарци и општина Гевгелија за делот кој припага на територијата на ОпштинаКавадарци од Министерство за економија на Република Македонија.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави „Службен Гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.08-4875/35** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**20.12.2017 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**